**Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје**
**Филозофски факултет**
**Последипломски студии по Менаџмент во образование**

# ПЛАНИРАЊЕ, ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ТРЕТИОТ ПЕРИОД НА ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Магистерски труд

Ментор:
проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова

Кандидат:
Далида Лакордова

Скопје, 2012

СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................................ 4

I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ....... 5

1. Дефинирање на проблемот и основни поими ........................................... 6

2. Едукативно значење на изборните предмети ........................................... 8

2.1. Програмска поставеност на изборните предмети ....................... 8

2.1.1. Структура и содржина на воспитно-образовната дејност ...... 9

2.1.2. Карактеристики на наставните планови ................................ 11

2.1.3. Карактеристики на наставните програми ............................... 12

2.1.4. Законска регулатива на изборните предмети .......................... 14

2.1.5. Изборни предмети во третиот циклус на деветгодишното основно образование ............................................................ 16

2.2. Интересот на учениците за учење вонаставни содржини ....... 27

3. Проектно учење ......................................................................................... 28

3.1. Проектното учење можност за современа комуникација меѓу наставниците и учениците ............................................ 28

3.1.1. Основни поими за комуницирањето.................................... 29

3.1.2. Комуникацијата во наставниот процес................................. 30

3.1.3. Проектна настава................................................................. 32

3.1.4. Изработка на проект............................................................ 37

3.1.5. Презентација на проект....................................................... 43

3.1.6. Современите информациско комуникациски средства во работата на проектни задачи................................................ 43

3.2. Модели за имплементација на WebQuest ................................ 46

3.2.1. WebQuest во наставата по изборните предмети ............... 51

4. Тимска работа ............................................................................................ 59

4.1. Развој на тимската работа ...................................................... 59

4.2. Водење на тимовите ............................................................... 66

4.3. Тимска настава ........................................................................ 68

5. Улогата на директорот во планирањето, организацијата и реализацијата на изборните предмети .................................................................... 73

5.1. Дидактички принципи за успешен воспитно-образовен процес............................................................................... 74

5.2. Улогата на директорот во воспоставувањето успешен воспитно-образовен процес ....................................................... 76

5.3. Училиштето како организациски систем.............................. 78

5.4. Организација и реализација на наставата и работата на училиштето............................................................................ 80

5.5. Организација и водење состаноци...................................... 86

5.6. Карактеристики на однесувањето на директорот на училиштето........................................................................... 89

5.7. Функции на директорот на училиштето............................... 90

6. Релевантни истражувања .................................................................. 96

II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Предмет на истражување .................................................................. 110

2. Цел и карактер на истражувањето .................................................. 110

3. Задачи на истражувањето ................................................................ 111

4. Хипотези ............................................................................................ 112

5. Варијабли на истражувањето .......................................................... 113

6. Методи, техники и инструменти на истражувањето ........................ 113

7. Популација и примерок .................................................................... 115

8. Организација и тек на истражувањето ............................................ 116

9. Статистичка обработка на податоците ........................................... 116

III АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Анализа на добиени резултати на спроведената анкета соучениците во основните училишта во општина Илинден ................................ 117

2. Анализа на податоците за испитување на ставовите на наставниците за планирањето, организирањето и реализацијата на наставата по изборните предмети ........................................................................................ 146
3. Анализа на податоците за испитување на ставовите на раководните и стручни лица за планирањето, организирањето и реализацијата на наставата по изборните предмети ........................................................................... 165
4. Заклучок ........................................................................................ 185
Литература ........................................................................................ 190
Прилози ........................................................................................ 197

# ВОВЕД

Целта на наставата е создавање на критичка, слободна, автономна, хумана, образована, мултикултурна и мултиетничка личност која ќе биде отворена за сите сегашни и идни промени за себе и општеството во кое се наоѓа.[1]

Брзиот научно-технолошки развој несомнено наметнува и диктира и друг начин на живеење и дејствување. Но исто така, тој ја иницира потребата за менување и на системот на воспитание и образование.

Поради тоа, се поголеми се настојувањата во нашето основно образование што повеќе да се воведуваат изборните предмети со цел образованието да се прилагоди на потребите и желбите на учениците. Со ова ќе се воспостави ефикасна организација на наставата која ќе овозможи подеднакви и подобри услови на воспитание и образование на целата млада генерација. Со тоа на секој поединец ќе му биде овозможено индивидуално да напредува во процесот на воспитанието и образованието и да постигнува онолку колку што максимално може како личност.

Образованието во кое се вклучени изборните предмети му помага на секој ученик да постигне поголеми знаења и да развие одредени способности во областа за која тој побудува посебен интерес. Со тоа секој ученик има можност за напредување според сопствените афинитети и потреби, можен е избор на содржини кои ќе го привлечат неговото внимание и дозволено е користење на многубројни извори на информации, така што стекнатите знаења ќе бидат трајни и применливи. Подобрувањето на работните способности и вештини на учениците (на пр. способност за користење на технологија, комуникацијата, креативноста, иницијатива, тимско работење, учење како да се учи и тн.), што им го обезбедува работењето на проекти кај изборните предмети, ќе им помогне на учениците подобро да се исправат пред предизвиците на животот.

[1] Статија „*Настава*“, превземено од www.hr.wikipwdia.org/Nastava

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Реформите во основното образование, а посебно воведувањето на деветгодишното основно образование во Република Македонија донесоа многу новини и подобрувања на постојниот воспитно-образовен систем. Со новиот концепт на деветгодишно основно образование нагласена е соработката на меѓу училиштата и родителите, со што се очекува да се обезбеди квалитетно образование за учениците. Со овие реформи се создадени можности покрај редовните предмети во наставните планови и програми да се вклучат и изборните предмети.

Поранешниот концепт на факултативни наставни предмети е напуштен, бидејќи праксата покажа дека интересот на учениците со тек на време се губи, затоа што постигањата на учениците по овие предмети не учествуваа во општиот успех на ученикот.

Со воведувањето на изборните предмети секој ученик има право да одбере кој изборен предмет ќе го изучува од листата што ја нуди училиштето. Предметите кои се нудат од страна на Министерството за образование и наука се во согласност со анализите за основно образование во европските земји, како и специфичните потреби за подобрување на квалитетот на образованието и воспитанието на младите генерации. Листата на понудените изборни предмети има тенденција кон проширување кое зависи од економската моќ на државата.

Бројот на задолжителни и изборни наставни предмети и бројот на часови неделно и годишно го опредлува Министерството за образование и наука во соработка со Бирото за развој на образованиетово преку Наставниот план и програма за основно образование. Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието се придржуваат кон законската регулатива односно кон Законот за основно образование[2]. Со член 25, став 3 и став 4 се регулира воведувањето на изборните предмети во наставата, а во член 30, став 2 се регулира реализацијата на изборните предмети за учениците со посебни образовни потреби. Членот 65 го регулира оценувањето на постигањата на учениците по задолжителните и изборните предмети.

[2] *Закон за основно образование* (2008), МОН на РМ

# 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

Успешноста на процесот на планирање, организирање и реализација на изборните предмети во основното образование зависат од многу фактори меѓу кои големо значење им се придава на индивидуалните потреби на секој ученик, но и на постојната кадровска структура во училиштата.

Значаен фактор за ефикасност на образовниот систем се стандардите за подобрување на образованието. Со нив се утврдуваат мерките на функционирање на системот или некој сегмент од него, појасно се дефинираат целите кои треба да се реализираат, појасно се регулираат улогите и односите меѓу субјектите - носители на дејноста, се регулираат условите на индивидуалното дејствување, полесно се евидентираат и споредуваат ефектите од образовната дејност, полесно се вреднуваат постигањата - се обезбедува методолошка конзистентност на системот.

Со стандардизацијата во образованието се овозможува[3]:

- надминување на недоследностите и отстапувањата во функцинирањето на системот

- поттикнување на успешните училишта;

- подржување на помалку успешните училишта;

- мерење на личниот и професионалниот ангажман на наставникот;

- развивање на инфраструктурните аспекти на училиштата;

- создавање на клима на подршка од локалната заедница;

- развивање сензилибитет кон потребите и интересите на учениците;

- инволвирање на родителите во образовниот систем;

- обезбедување мотивација, врсничка подршка и соработка меѓу децата.

Со новите програми учениците се поттикнуваат самостојно да бараат информации и да ја проверуваат нивната веродостојност, да го поврзуваат наученото со сопственото искуство, да ги споделат своите сознанија со другите, да ги испитуваат причинско-последичните односи на испитуваните појави, да превземаат одговорност за сопственото учење, да соработуваат со другите ученици во училиштето.

---

[3] Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015 (2004), Скопје: МОН на РМ

Наставниците според новите наставни програми превземаат одговорност да воспостават атмосфера во училницата што ќе поттикнува отворена и одговорна интеракција (учениците да поставуваат прашања, да бараат одговори и да ги споделуваат своите мислења). За постигнување на бараните промени во основното образование покрај задолжителните се воведуваат и изборни предмети.

Воведувањето на изборните предмети се изведува постепено, почнувајќи од вториот период, каде се воведуват предметите творештво и работа со компјутер, кои се изучуваат во III и IVодд., а во VI одд. од деветгодишното основно училиште се изучува еден од следните три предмети: Класична култура во европската цивилизација, Етика во религиите или Запознавање со религиите.

Во третиот период на школување се воведуваат следните предмети[4]:

- Вештини за живеење
- Нашата татковина
- Воспитание за околината
- Истражување на родниот крај
- Танци и народни ора
- Проекти од музичката уметност
- Проекти од ликовната уметност
- Техничко образование
- Проекти од информатиката
- Изборен спорт
- Унапредување на здравјето
- Програмирање

Училиштето според потребите и интересите на учениците им нуди листа со изборни предмети. Училиштето (дури и ако тоа има најмал број на паралелки) мора да понуди најмалку три изборни предмети, а ученикот во едно одделение може да избере најмалку еден, но не повеќе од два изборни предмети во соглесност со родителите. Избраните предмети стануваат дел од училишните задоленија на учениците кои ги избрале.

---

4 *Изборни предмети во третиот период во деветгодишното основно училиште* превземено од http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie од 29.01.2011

# 2. ЕДУКАТИВНО ЗНАЧЕЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ

## 2.1. ПРОГРАМСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ

Наставата претставува организиран институционален или вонинституционален интеракциски творечки напор во совладување на пропишаните содржини и стекнување на знаење, способности и навики и оспособување на ученикот за понатамошна континуирана работа. Целта на наставата е создавање на критичка, слободна, автономна, хумана, образована, мултикултурна и мултиетничка личност која ќе биде отворена за сите сегашни и идни промени за себе и општеството во кое се наоѓа.[5]

Наставата во училиштата се изведува во согласност со наставниот план и програмите по одделните наставни предмети.

Наставниот план е основен официјален документ врз чија основа, понатаму се подготвуваат наставните програми, учебниците, прирачниците и други дидактички документи за реализација на воспитно-образовната работа со учениците. Со овој документ се определуваат: наставните предмети и подрачја што се изучуваат, нивниот статус, бројот на часовите (неделно и годишно) за застапување на секој предмет по одделенија, како и редоследот по кој ќе се воведуваат, со времетраењето на изучувањето на одделните предмети.

Наставниот план од 1996 година според статусот на наставните предмети за прв пат предвидува изучување на задолжителни, изборни и факултативни предмети[6]. Со воведување на деветгодишното основно образование концептот за факултативни наставни предмети е напуштен, така што во актуелниот закон за основно образование и актуелниот наставен план и наставните програми, според статусот се изучуваат редовни и изборни наставни предмети.

Наставната програма односно курикулумот најчесто се дефинира како подрачје кое има наголемо влијание врз работата во паралелката (училницата) и е најважната грижа на некој кој се занимава со образование.[7]

---

[5] Статија „*Настава*“, превземено од www.hr.wikipwdia.org/Nastava

[6] Камберски, К. (редактор), (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи),* Скопје: Филозофски факултет – Институт за педагогија

[7] Статија „*Настава*“, превземено од www.hr.wikipwdia.org/Nastava

Наставните програми за изборните предмети во третиот циклус на деветгодишното основно образование ги дефинираат темите и содржините кои учениците треба да ги усвојат во текот на изучувањето на предметот, но оставаат голема слобода во начинот на кој тоа ќе се направи.

### 2.1.1. Структура и содржина на воспитно-образовната дејност

Структурата и содржината на воспитно-образовната дејност во основното училиште во Република Македонија, се условени од повеќе фактори, а пред се од концепцијата на основното воспитание и образование, односно од целите и задачите на воспитанието и оброзавинието, од усвоените теоретски основи и принципи за организирање на дејноста на воспитанието и образованието, од возрасните карактеристики и можностите на учениците и сл. Оттука логично е дека структурата и содржината на воспитно-образовнта дејност на основното училиште во Република Македонија, во досегашниот развоен период на државата, претрпувала одредени промени. Тие се случувале под влијание на општествено-политичките и економски процеси, но и како резултат на развојот на науката, технологијата (особено образовната технологија) и достигнувањата на современата педагогија, психологија и другите научни дисциплини.

Воспитно-образовната дејност во основното училиште во Република Македонија, од 1980 година до 1995 година, се остварува според документот *Општа програмска структура со наставен план за основното воспитание и образование* и *програмите по одделните наставни предмети,* објавени во 1981 година[8]. Овој документ ја задржува истата структура на воспитно-образовната дејност на основното училиште како и претходните слични документи и содржините се групирани во три подрачја: наставна воспитно-образовна дејност, вonнаставна воспитно-образовна дејност и друга стручно педагошка дејност.

Наставната воспитно-образовна дејност, со овој документ опфаќа: редовна настава по предмети и воспитно-образовни области и настава по курсеви,

---

[8] Камберски, К. (редактор), (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи),* Скопје: Филозофски факултет – Институт за педагогија

дополнителна и додатна настава, како и часот на одделенскиот раководител; воннаставната дејност ја сочинуваат слободните ученички активности и производствената и другата општествено корисна работа; додека во другите стручно педагошки дејности спаѓаат: здравствената заштита и здравственото воспитување, јавната и културната дејност и следењето и унапредувањето на воспитно-образовната дејност во училиштето.

Во месец мај 1995 година, како континуитет на започнатите активности за деидеологизација и за намалување на преголемата оптовареност на учениците, извршени се измени односно усовршување на Општата програмска структура, со донесување нов документ, насловен како *план и програма за воспитно-образовната дејност на основното училиште.* Со овој документ всушност, се извршени само измени на првиот дел на претходната *Општа програмска структура* (ОПС)[9]. Овој програмски документ се применувал само една учебна година – учебната 1995/1996 година. Имено, со донесувањето на актуелниот Закон за основното образование, 1995 година, се создадени услови за подготовка нов програмски документ за содржината и за организацијата на воспитно-образовната дејност на основното училиште. Така во месец јуни 1996 година, бил донесен документот за програмските основи, насловен како, *Основното образование – содржини и органозација на воспитно-образовната дејност,* кој започнува да се применува од учебната 1996/97 година.[10]

Структурата на воспитно-образовна дејност во осноното училиште, според програмските основи, ја сочинуваат: „настава по задолжителни, изборни и факултативни предмети, дополнителна и додатна настава, воннаставни ученички активности, грижа за здрвјето на учениците, соработка со локалната средина, следење, оценување и унапредување на образовната и воспитната работа,

---

9 Камберски, К. (редактор), (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи),* Скопје: Филозофски факултет – Институт за педагогија

10 Камберски, К. (редактор), (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи),* Скопје: Филозофски факултет – Институт за педагогија

планирање на образовната и воспитната работа на основното училиште и педагошко усовршување на наставниот кадар.“[11]

Застапеноста, структурата на наставните предмети и другите карактеристики на наставната дејност се утврдени со наставниот план, како составен дел на споменатиот програмски документ.

Споредувајќи ја програмската структура за воспитно-образовната дејност на основното училиште во четири програмски документи од 1973 година до денес, може да се констатира дека, на глобално ниво, структурата на воспитно-образовната дејност не е значително изменета, бидејќи во сите документи, во рамките на структурата на дејноста, се содржани речиси истите подрачја. Разликите и промените се состојат, главно, во следното[12]:

- терминолошки измени на дел од подрачјата, се разбира, со аналогно изменети содржински и други квалитативни карактеристики;
- преструктирирање на подрачјата и нивно групирање по одделни дејности, како на пример: настава, вонаставни активности итн.;
- преструктурирање на наставниот план од аспект на видот и на статусот на наставните предмети и нивната застапеност по одделенија и со одреден број наставни часови и сл.

## 2.1.2. Карактеристики на наставните планови

Наставниот план е основен официјален документ врз чија основа, понатаму се подготвуваат наставните програми, учебниците, прирачниците и други дидактички документи за реализација на воспитно-образовната работа со учениците. Со овој документ се определуваат: наставните предмети и подрачја што се изучуваат, нивниот статус, бројот на часовите (неделно и годишно) за застапување на секој предмет по одделенија, како и редоследот по кој ќе се воведуваат, со времетраењето на изучувањето на одделните предмети.

[11] *Основно образование, Содржини и организација на воспитно-образовната дејност* (1996), Скопје: МОФК и ПЗМ

[12] Камберски, К. (редактор), (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи),* Скопје: Филозофски факултет – Институт за педагогија

Оваа основна функција на наставниот план, како педагошки и нормативен документ, се вградувала и во законските определби за основното воспитание и образование во Република Македонија. Наставниот план од 1996 година според статусот на наставните предмети предвидува изучување на задолжителни, изборни и факултативни предмети. Со воведување на деветгодишното основно образование концептот за факултативни наставни предмети е напуштен, така што во актуелниот закон за основно образование и актуелниот наставен план и наставните програми, според статусот се изучуваат редовни и изборни наставни предмети. Наставните планови особено во последните десетина години претрпеа бројни промени особено во статусот на предметите, на пример предметите Основи на природни науки, Англиски јазик во одделенска настава, Информатика, Етика и други, најпрво беа воведени како изборни предмети, а само по една или две години од нивното изучување добија статус на редовни предмети.

### 2.1.3. Карактеристики на наставните програми

Наставната програма односно курикулумот најчесто се дефинира како подрачје кое има наголемо влијание врз работата во паралелката (училницата) и е најважната грижа на секој кој се занимава со образование. Под курикулум, во поширока смисла се подразбира, од една страна, воспитно-образовната (наставна) програма и од друга страна, карактеристиките на нејзината практична изведба. Значи, наставните програми може да се разгледуваат од два аспекти: како официјални документи со кои се утврдуваат основните компоненти на воспитно-образовната работа (цели, содржини, постапки и вреднување) и наставниот процес во кој тие програми се реализираат. Наставните програми кои се актуелни во моментот ја имаат следнат структура[13]:

- вовед на програмата во кој се наведени основните карактеристики на предметот и фондот на часови за изучување на предметот;
- цели на наставата кои се однесуваат на предметот во целина;

---

[13] Камберски, К. (редактор), (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи)*, Скопје: Филозофски факултет – Институт за педагогија

- конкретни цели за секоја наставна тема односно целина од програмата, каде паралено се дадени: конкретните цели на темата, содржините, поимите кои треба да се усвојат, активностите и методите. Овде е определен и бројот на наставни часови за кои треба да се обработи соодветната тема;
- дидактички препораки, каде се дадени насоки за меѓупредметно поврзување, препораки за користење на годишниот фонд на часови и наставните средства;
- оценување на постигањата на учениците, односно препораки за начинот на следење на напредувањето на учениците;
- просторни услови за реализирање на наставната програма;
- норматив за наставен кадар;
- очекувани резултати, каде се наведени очекуваните резултати кои ученикот треба да ги постигне, односно основните знаења и способности, поими што учениците треба да ги поседуваат по изучувањето на соодветната програма.

Наставните програми по изборните предмети во третиот циклус на основното образование ги содржат сите претходно наведени делови, но во нив се среќава и следната забелешка:

Согласно динамиката за воведување на деветгодишното основно воспитание и образование наставната програма за учениците во VI одделение на осумгодишното основно училиште е еквивалентна на наставната програма за VII, VIII или IX одделение на деветгодишното основно училиште.

Оваа забелешка ќе важи до комплетното воведување на деветгодишното основно образование, кое ќе заврши во учебната 2014/2015 година.

### 2.1.4. Законска регулатива на изборните предмети[14]

Во Законот за основно образование на изборните предмети се однесуваат следните членови на законот, наведени со подрачјето во кое се наоѓаат.

I. Наставен план и наставни програми

Член 25

(1) Министерот ја утврдува Концепцијата за основно воспитание и образование, врз основа на која се донесуваат наставниот план и наставните програми за основно образование (во натамошниот текст: наставен план и програми).

(2) Во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.

(3) Наставниот план за основното училиште содржи задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава, како и часови за одделенската заедница.

(4) Со наставниот план се определува годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивниот редослед по одделенија, бројот на неделните часови за дополнителна настава, часовите за додатна настава и часот за одделенската заедница.

(5) Со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, оценувањето на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Член 30

(1) Наставниот план и програми за основно образование на ученици со посебни образовни потреби во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.

---

[14] *Закон за основно образование*, Сл. весник на РМ, бр.52/02

(2) За учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети се реализираат со прилагодените програми според нивните посебни образовни потреби.

## VI. Оценување на постигањата и напредувањето на учениците

### Член 65

(1) Постигањата на учениците во основното училиште се оценува описно и бројчано.

(2) Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно.

(3) Ученикот од ставот (2) на овој член само на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.

(4) Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно и бројчано.

(5) Ученикот од ставот (4) на овој член на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(6) Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува бројчано.

(7) Ученикот од ставот (6) на овој член на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(8) Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни освен оценката недоволен (1).

(9) Највисока оценка е одличен (5).

### 2.1.5. Изборни предмети во третиот период на деветгодишното основно образование

Наставниот план за третиот циклус на деветгодишното основно образование содржи повеќе изборни предмети, воведени според динамиката која е наведена подолу.[15]

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работата на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), Министерот за образование и наука донесе наставна програма по следните изборни предмети за VI одделение на основното осумгодишно образование, односно за VII, VIII и IX одделение од деветгодишното основно образование.

- Истражување на родниот крај
- Изборен спорт
- Нашата татковина
- Проекти од информатика
- Проекти од ликовната уметност
- Проекти од музичката уметност
- Танци и народни ора
- Техничко образование
- Унапредување на здравјето
- Вештини за живеење
- Воспитание за околината

Наведените изборни предмети започнаа да се изучуваат во учебната 2008/2009 година.

---

[15] *Наставен план за осумгодишно основно училиште и Наставен план за деветгодишно основно училиште*, превземени од http://www.bro.gov.mk/docs/osnovno-obrazovanie/nastaven_plan/nastaven%20plan%20za%20osumgodishno%202010%20so%20programiranje.pdf и http://www.bro.gov.mk/docs/nastaven_plan_devetgodishno_2010-2011.pdf

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работата на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02 и 82/08) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ 103/08 и 33/2010), министерот за образование и наука ја утврди наставна програма по предметот програмирање за VII или VIII одделение на основното осумгодишно образование, односно за VIII или IX одделение на деветгодишното основно образование.

- Програмирање

Изборниот предмет Програмирање е воведен во учебната 2010/2011 година.

## Програмски основи на изборните предмети во деветгодишното основно образование

Програмските основи на изборните предмети во третиот период од деветгодишното основно училиште се наведени во следниот текст за секој од предметите.

### 1. Истражување на родниот крај[16]

Наставниот предмет истражување на родниот крај е наставен предмет што учениците може да го изберат да го изучуваат во третиот период на деветгодишното основно образование (во VII, VIII и IX одделение). Целта на воведувањето на овој наставен предмет е ученикот да ги осознае карактеристиките на родниот крај од различни аспекти: културно историското наследство, природните богатства и реткости, белезите на стопанството, особеностите и можностите на туризмот, пределите и објектите за рекреација и одмор, автентичните културни настани, како и да се развива соработка со локалната

[16] *Наставна програма по изборниот предмет Истражување на родниот крај* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

заедница и локалните медиуми. Изучувањето на овој наставен предмет придонесува за создавање на комплексна и поврзана претстава за карактеристиките на родниот крај, животот во него и неговиот одржлив развој.

Наставната програма по истражување на родниот крај претставува стручна целина која постепено го воведува ученикот низ процесот на ученичко истражување што е поврзано со наставните програми од задолжителната настава. Со активностите за истражување на родниот крај, ученикот треба да се здобие со знаења и способности кои ќе може да ги применува во секојдневниот живот.

Сите делови на наставната програма по истражување на родниот крај се структурирани во вид на истражувачки активности. Истражувањето треба да се врши во училиштето или на терен.

Наставниот предмет истражување на родниот крај се реализира со 2 часа неделно, односно со 72 часа годишно.

## 2. Изборен спорт[17]

Наставниот предмет изборен спорт учениците може да го изберат во VII, VIII и IX одделение во деветгодишното основно образование. Наставниот предмет е наменет за учениците кои покажуваат посебни афинитети за спортување, желба за учество на натпревари и постигнување на спортски резултати и е во функција на здравиот и правилен физички развој.

Наставната програма нуди совладување на основните елементи од повеќе спортови. Учениците според својот афинитет се определуваат за еден до два спортови од програмата со цел да се стекната со нови елементи од спортот, да ги усовршат вештините кои ги знаат и истите да ги применат во натпревар и постигнување спортски резултати.

Во опрделувањето за избор на училишниот спорт треба да се консултираат и родителите.

---

[17] *Наставна програма по изборниот предмет Изборен спорт* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставниот предмет изборен спорт се реализира со 2 часа неделно, односно со 72 часа годишно.

## 3. Нашата татковина[18]

Наставниот предмет нашата татковина е изборен предмет за учениците во VII, VIII и IX одделение на деветгодишното основно училиште. Со наставната програма се поставени основните цели кои се однесуваат на развивање на интересот на учениците за систематизирање и проширување на знаењата за минатото и сегашноста на Република Македонија. Исто така, се систематизирани целите, содржините и активностите за запознавање на културно-историските знаменитости, националните паркови и природни богатства на нашата татковина. Притоа посебно се нагласува потребата за користење на материјални извори од археолошките, етнолошките и историските музеи, музејот на современата уметност, градските музеи, природнонаучните музеи, како и за користење извори за истражување на културата и традициите на македонскиот народ и на припадниците на другите заедници во Република Македонија. Програмата со конкретните цели и содржини и наставните методи и активности ќе придонесе учениците да се поттикнуваат да организираат свои истражувачки активности за запознавање на нашите национални паркови и другите природни реткости се што уште повеќе ќе се проширува интересот кај нив за запознавање на нашата татковина.

Наставниот предмет нашата татковина се реализира со 2 часа неделно, односно со 72 часа годишно.

## 4. Проекти од информатиката[19]

Наставата по предметот проекти од информатиката на учениците им овозможува проширување на знаењата и здобивање вештини од областа на

---

[18] *Наставна програма по изборниот предмет Нашата татковина* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

[19] *Наставна програма по изборниот предмет Проекти од информатиката* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

информатичката технологија, како и можност за креативно користење на компјутерот во наставата и учењето.

Учениците со овој наставен предмет ќе развијат способности за успешно користење на готови компјутерски програми и ракување со компјутерот, кои ќе можат да ги употребуваат во изучувањето на другите наставни предмети. Оспособеноста на учениците за користење на ИКТ ќе им овозможи олеснување во процесот на учење, како и нивно вклучување во новите предизвици на животот.

Според наставниот план на деветгодишното основно образование предметот проекти од информатика во VII, VIII или IX одделение има статус на изборен предмет со фонд 2 часа неделно, односно со 72 часа годишно.

## 5. Проекти од ликовната уметност[20]

Наставниот предмет проекти од ликовната уметност е изборен предмет во деветгодишното основно образование што учениците можат да го изберат во VII, VIII или IX одделение со фонд 2 часа неделно, односно со 72 часа годишно.

Наставниот предмет проекти од ликовната уметност со своите специфичности овозможува задоволување на интересот на ученикот за ликовно творештво и преку ликовното творештво и културата да се развива неговата индивидуалност, сензибилитет и ликовно-творечките способности.

Слободата на избор на ликовното изразување е значаен фактор за поттикнување на интересот на учениците, како и доживување на поголемо задоволство од постигнатиот резултат. Спонтатното естетско проценување на постигнатиот резултат и доживувањето на ликовната или друга креација, дополнително ги прави проектните активности примамливи за ученикот и придонесуваат за создавање опуштена атмосфера и задоволство.

Проектите од ликовната уметност се реализираат во две подрачја:

[20] *Наставна програма по изборниот предмет Проекти од ликовната уметност* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

- ликовна теорија (воведување во историјата на уметноста, ликовниот јазик – елементи и принципи, ликовна критика – естетско проценување – анализа на ликовните дела – автори, индивидуални согледувања и мислења);

- ликовна практика (творечка работа – реализација на ликовни творби во материјал – цртање, сликање, скулптура, графика, дизајн и визуелни комуникации (применета уметност).

## 6. Проекти од музичката уметност[21]

Наставниот предмет проекти од музичката уметност е изборен предмет за учениците во деветгодишното основно училиште. Наставниот предмет им се нуди на учениците во третиот период на основното училиште од VII до IX одделение. Неделниот фонд часови за предметот изнесува по 2 часа неделно, односно со 72 часа во текот на учебната година.

Проектите од музичката уметност имаат за цел да ги продлабочат знаењата и умеењата на учениците стекнати во редовната настава по музичко образование, а од друга страна, да овозможат реализација на индивидуалните интереси, афинитети и музички способности на учениците.

Проектната настава ја поттикнува самостојноста на учениците, нивната креативност, смисла за тимско работење и истражување, умеење да се презентира и вреднува својата активност и активноста на другите. Понудените содржини и активности даваат можност за позитивно влијание врз личноста на учениците во овој развоен период.

Во овој наставен предмет како и во другите предмети, се нагласува поврзувањето на учењето со искуството на учениците, флексибилната организација на часовите, поттикнувањето на индивидуалните активности и групната работа на учениците со што се постигнува подобра комплементарност со другите предмети и кооперативност во процесот на наставата и учењето.

---

[21] *Наставна програма по изборниот предмет Проекти од музичката уметност* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

## 7. Танци и народни ора[22]

Изборниот предмет танци и народни ора, во наставниот план е застапен со по 2 часа неделно, односно 72 часа годишно за учениците од VII, VIII или IX одделение.

Целта на наставниот предмет е учениците да се запознаат со традиционалното народно творештво во Македонија, да научат одреден број народни ора и определен број модерни – современи танци. Изучувањето на овој наставен предмет ќе поттикне љубов кон традицијата, негување на современите танци за сопствено изразување, позитивни емоции, креативност, естетско изразување во индивидуалноста, како и тимската работа.

## 8. Техничко образование[23]

Наставниот предмет техничко образование ја проучува сложеноста и разновидноста на природните појави и законитости, техничко-технолошките законитости, нивното осознавање и примена во секојдневниот живот и работа, како и односите меѓу луѓето во животната и работната средина. Целта на наставата по овој наставен предмет е учениците да стекнуваат знаења, умеења и вештини од современите техничко-технолошки области и да се оспособуваат за нивна примена во учењето, секојдневниот живот и работа, а притоа, да го поттикнуваат и развиваат интересот и способностите за техничко творештво и иноваторство.

Содржините од наставниот предмет техничко образование се реализираат преку непосредни набљудувања, истражувачки постапки и активности со активно искуствено учење и учество на учениците.

Наставниот предмет техничко образование учениците може да го изберат во VII, VIII или IX одделение на деветгодишното основно образование со неделен фонд од 2 часа, односно 72 часа годишен фонд.

---

[22] *Наставна програма по изборниот предмет Танци и народни ора* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

[23] *Наставна програма по изборниот предмет Техничко образование* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

# 9. Унапредување на здравјето[24]

Наставниот предмет унапредување на здравјето е изборен предмет за учениците во деветгодишното основно училиште. Наставниот предмет им се нуди на учениците во третиот период на основното училиште во VII, VIII или IX одделение. Неделниот фонд часови за предметот изнесува по 2 часа неделно, односно со 72 часа во текот на учебната година.

Наставниот предмет унапредување на здравјето се темели на глобалниот концепт за здравјето како целина од физичкото, менталното, социјаното здравје (преку уверувањата, ставовите и однесувањето на поединецот како дел од заедницата, како и можностите на средината), а подразбира и активно учество на секој поединец во неговото создавање. Со други зборови, тоа значи комплетно и лично вклучување на ученикот/ученичката во креирањето на здравиот животен стил, со свесност за сопствените потреби, за навиките, за културните особености и за можностите (сопствените и оние на заедницата) да учествува во тој процес.

Градењето на здрав животен стил во контекстот на новиот концепт за здравјето и новите стратегии за негово унапредување предвидува активно учество на поединецот (ученикот) во повеќе процеси: од процесот на информирање, дискусиите за значењето, разгледувањето и изборот на алтернативите, одлучувањето за стратегиите, преземањето акции, надминувањето на можните пречки итн. Во таквиот акционен контекст донесувањето одлуки за себе и за своето окружување ја даваат клучната компонента. Тоа се нарекува учење да се биде компетентен за делување во сферата на унапредување на здравјето и социјалното окружување, како и да се преземат акции со хуманитарен карактер.

Наставниот предмет унапредување на здравјето се реализира преку проекти што ги избираат учениците.

[24] *Наставна програма по изборниот предмет Унапредување на здравјето* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

## 10. Вештини за живеење[25]

Со изучување на предметот вештини за живеење учениците стекнуваат знаења и вештини со кои ќе ги задоволат своите психофизички, економски, социјални и естетски потреби.

Тие вештини им користат на учениците во домот, училиштето, околината.

Акцентот во овој изборен предмет е ставен на стекнувања знаења и вештини што се однесуваат на изборот, подготовката и културата на исхраната и облекувањето, личната и колективната заштита во случај на различни извори на загрозување, како и основни знаења и вештина на учениците како потрошувачи.

Наставниот предмет вештини за живеење се изучува како изборен предмет во VII, VIII или IX одделение, со неделен фонд од 2 часа, односно 72 часа во текот на учебната година.

## 11. Воспитание за околината[26]

Наставниот предмет воспитание за околината е изборен предмет што учениците може да го изберат да го изучуваат во третиот период од деветгодишното основно образование (во VII, VIII или IX одделение). Целта на воведувањето на овој наставен предмет е кај учениците да се развива научно сваќање за неопходноста за одржливиот развој за животната средина, меѓусебната поврзаност на сите живи и неживи компоненти во биосферата како услов за нејзината рамнотежа и опстанок и да развива одговорно однесување кон природата и нејзината заштита.

Наставната програма по воспитание за околината претставува стручна целина на содржините за општото воспитание за околината што се поврзани со содржините од биологијата и другите природни науки.

---

[25] *Наставна програма по изборниот предмет Вештини за живеење* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

[26] *Наставна програма по изборниот предмет Воспитание за околината* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Сите делови на наставната програма се планирани во вид на истражувачки активности што опфаќаат: воочување на проблем, негово формулирање, подготвување план за истражување, прибирање податоци, преземање акција, презентација на податоците. Истражувањето треба да се реализира во училиштето или на терен.

Наставниот предмет воспитание за околината се реализира со од 2 часа неделно, односно со 72 часа годишно.

## 12. Програмирање[27]

Наставата по предметот програмирање на учениците им овозможува проширување на знаењата и здобивање на вештини од обласа на информатичката технологија, како и можност за креативно користење на компјутерот во наставата и учењето.

Учениците со овој наставен предмет ќе развиваат способности за успешно користење на готови софтверски пакети и ракување со компјутерот за програмирање, со кои ќе можат да изготвуваат едноставни компјутерски програми и успешно да продолжат со понатамошно изучувње на програмирањето. Оспособеноста на учениците за програмирање ќе им овозможи и олеснување во процесот на учење, како и нивно вклучување во процесот на новите предзвици на животот.

Според наставниот план за деветгодишното основно образование предметот програмирање во VII или VIII одделение на осумгодишното основно училиште, односно VIII или IX одделение на деветгодишното основно училиште и има статус на изборен предмет со фонд од два часа седмично, односно 72 часа годишно.

[27] *Наставна програма по изборниот предмет Програмирање* (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставните планови и програми во основното образование во Република Македонија претрпеле големи промени во текот на времето, со цел да се модернизира наставата и да се обезбеди поквалитетно образование за генерациите што доаѓаат.

Со новите програми учениците се поттикнуваат самостојно да бараат информации и да ја проверуваат нивната веродостојност, да го поврзуваат научното со сопственото искуство, да ги споделат своите сознанија со другите, да ги испитуваат причинско-последичните односи на испитуваните појави, да превземат одговорност за сопственото учење, да соработуваат со другите ученици во училиштето.[28]

Задолжителните предмети се најбројните предмети што ги изучуват учениците и наставата по задолжителните предмети е определена како содржинска основа на основното училиште, со која се овозможува вертикална проодност за продолжување на школувањето во средното образование.

Со изборните предмети, на учениците им се дава можност да ги прошируваат и да ги продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети, според сопствените потреби и афинитети.

Менувањето на наставните планови и програми допринесува само делумно кон модернизирање на наставниот процес, но поважниот дел со кој ќе се оствари вистинското осовременување на наставата е начинот на кој овие програми се остваруваат во праксата. Изборните предмети и нивната реализација најмногу преку проектни активности, во голема мерка допринесуваат за осовременувањето на наставата и можност учениците да се здобијат со проширени знаења од областа за која покажуваат посебен интерес.

---

[28] *Деветгодишно основно училиште* (2008), брошура за родители, Скопје: Биро за развој на образование

## 2.2. ИНТЕРЕСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕЊЕ НА ВОННАСТАВНИ СОДРЖИНИ

Секое училиште, покрај редовната настава, во рамки на своите можности, организира вонннаставни активности. Ова е законска и програмска обврска за секој наставник во училиштето. Со неа треба да се задоволат посебните интереси и склоности на воспитаниците кои сакаат да се надградуваат на својата потенцијална надареност по одделни наставни предмети и подрачја.

Во современото училиште наставникот е тој кој треба да го стимулира развојот на потенцијаната надареност на ученикот. Секој наставник треба во себе да си го постави прашањето дали го задоволува потребниот квантум на знаење и интереси за работа со таквата популација ученици. Наставникот којшто работи со надарените ученици кои имаат желба да го надградат своето знаење, пред се мора да поседува голем оптимизам и желба за работа, а потоа да има креативност во работата, да покажува широки интереси и продлабочени методско-педагошки способности и вредности на својата специјалност.[29]

Низ работата на вонннаставни содржини, наставникот секогаш треба да настојува да ја облагородува наставата со најсовремени форми, методи и средства за работа со што реципиентите ќе се збогатуваат со широк фонд на знаења, умеења и вештини. Наставникот којшто работи со вонннаставни активности при сите средби со учениците треба да покажува широка култура, да ги поттикнува и да ги задоволува интересите и потребите на своите воспитаници, со што целосно ќе може да ги остварува целите и задачите на вонннаставната активност.

Резултатите од вонннаставните активности на секое училиште претставуваат кулминација на сите постигања во работата. Токму затоа секој наставник при таа работа треба да настојува да го даде максимумот од себе, зошто преку оваа форма на работа, секој ученик би можел да си го избере своето идно занимање.[30]

[29] Лозаноски. Р, (2007), „Слободните ученички активности и нивната поставеност“, *Просветно дело бр.1/2007, Скопје:* Просветно дело

[30] Лозаноски. Р, (2006), „Слободните ученички активности – законска и програмска обврска на наставникот“, *Образовни рефлексии бр.3-4/2006,* Скопје: Биро за развој на образованието

Изборните предмети во третиот циклус на деветгодишното основно училиште нудат огромни можности за успешно планирање, организирање и реализација на изборните предмети, вклучувајќи вонннаставни содржини. Современиот начин на изведување на наставата по изборните предмети, користејќи најсовремени методи и форми на работа, посебно изведувањето на наставата преку изработка на проекти овозможува задавање на воннаставни теми кои ќе бидат интересни за учениците и ќе им овозможат да го зголемат своето знаење за теми надвор од училишните програми.

# 3. ПРОЕКТНО УЧЕЊЕ

## 3.1. ПРОЕКТНОТО УЧЕЊЕ КАКО МОЖНОСТ ЗА СОВРЕМЕНА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ ПРИ ИЗУЧУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ

Една од основните потреби на човекот за нормално однесување во својата средина, секако е потребата од комуницирање.

Процесот на комуницирање егзистира во секоја пора на човековото делување и живеење, па согласно тоа, кога се зборува за комуницирање, неодминливо се наметнува размислувањето за овој процес во организираната активност на човекот, и тоа како во системот на неговото организирано работење, во рамките на организацијата, така и надвор од тие рамки кон средината што го опкружува.

Со сигурност се вели дека поимот комуникација е општ и универзален поим. Така и неговиот третман може да се набљудува од различни аспекти. Комуникацијата е процес, дејство, слободно речено, сценско (драмско) дејство бидејќи за неа се потребни најмалку двајца.

Постојат повеќе начини на комуницирање. Добрата комуникација е особено важен фактор за успехот на човековото делување. Без разлика колку е некој подготвен за некоја тема, или пак е најголемиот иноватор, ако нема способност тоа да го пренесе на околината, да го објасни со зборови или да го напише во логичен континуиран текст, од „силните“ дарби и таленти нема да има никаква полза. За ефикасно организирање и управување со секоја организација, па и со образовната,

како и за процесот на работата со учениците, ефективната комуникација е од голема важност. Сите ние меѓусебно комуницираме. Лошата комуникација често се посочува за нешто што „наопаку тргнало“ без разлика дали тоа е на работното место или во семејството.

Комуницирањето во рамките на образовните институции е посебно важно, бидејќи целокупната работа на овие институции се одвива преку комуникациите на сите нивоа.

Недостигот на комуницирањето или лошото комуницирање сигурно дека негативно ќе се одрази и во процесот на организирањето на наставната работа во училиштето. Лошата комуникација претставува предуслов за лошо планирање, криво одлучување, недоволно организирање, недоследно раководење и површна контрола. А сето ова води кон брз неуспех.

Добрата комуникација особено е важна во современата настава, особено во изборните предмети каде проектната настава завзема централно место. Изработката на проектите подразбира интензивна комуникација како меѓу наставникот и учениците, така и меѓу учениците во групата која работи на заедничкиот проект, во секоја фаза од неговата изработка.

### 3.1.1. Основни поими за комуницирањето

**Способноста да се комуницира добро е она што пали оган во луѓето, ги претвора одличните идеи во вистински дела, овозможува да се оствари се**[31]

Постојат многу и различни дефиниции за поимот комуникација. Комуникацијата се дефинира како пренос на информации на други лица со што тие имаат разбирање за тоа исто како и вие.[32] Зборот комуникација е од латинско потекло (communicationo) и означува соопштување, опишување, врска, појава на

[31] Петковски, К., Мајсторова Ивановска, А. (2009), *Мајсторство во комуницирањето,* Битола: Херакли комерц

[32] Петковски, К. (2000), *Водството и ефективната комуникација,* Битила: Киро Дандаро

земање на учество во дискусија. Комуницирањето претставува процес на пренесување информации помеѓу поединци или организации, може да значи и размена на факти, идеи, мислења или емоции помеѓу две или повеќе лица. Следната дефиниција е слична на претходната но содржи одредени дополнувања:

Комуникацијата е процес на примање и испраќање вербални и невербални пораки, процес на воспоставување на соработка и процес на воспоставување емоционален трансфер помеѓу луѓето што меѓусебно комуницираат.[33]

Комуникацијата е секојдневна, вообичаена работа. Сите ние имаме потреба и право да знаеме што се случува околу нас и се што е поврзано со нас. Без комуникација сето она што го мислиме и го имаме стекнато како знаење ќе престане да постои, а секоја наредна генерација ќе биде посиромашна за искуството на предходната. Непотребно ќе се губи време за минување на истиот пат на учење на исти работи, а со тоа напредокот би изостанал.

### 3.1.2. Комуникацијата во наставниот процес

Комуникацијата е многу важна во наставата и треба да и се посвети големо внимание, бидејќи[34]:

- води кон поголема ефикасност;
- ги држи учесниците во видното поле;
- ја зголемува мотивацијата да се работи добро;
- го зголемува чувството на припадност кон групата;
- помага за подобрување на односите и подобро разбирање помеѓу наставникот и учениците, но и меѓу учениците;
- им помага на луѓето да ја разберат потребата од промени.

При работата со учениците секогаш треба да се стремиме кон двонасочна комуникација, бидејќи двонасочната комуникација се користи во услови во кои

---

[33] *Вештини на комуникација* (2007), Скопје: Фондација за образовни и културни инцијативи „Чекор по чекор“

[34] Петковски, К., Мајсторова Ивановска, А. (2009), *Мајсторство во комуницирањето,* Битола: Херакли комерц

владее рамноправност, демократичност и вклученост на сите рамноправни партнери во комуникацијата. Демократското комуницирање значи двонасочна комуникација, како по хоризонтала, така и по вертикала. За разлика од него бирократското комуницирање е селективно, со нагласено потенцирање на позицијата на комуникаторите.

Предноста на двонасочната комуникација е во можноста да се добие повратна информација што овозможува правилно разбирање на информациите. Тука секогаш постои можност да се надминат недоразбирањата и да се отстранат пречките од секаков вид, со цел комуницирањето да биде успешно. При двонасочната комуникација секогаш се прави обид да се разберат мислите и чувствата коишто ги изразува другиот и имаме реагирање на начин кој е корисен. Единствениот недостаток на двонасочното комуницирање е потребата за повеќе време. Но кога ќе се земе предвид дека неправилно разбраната информација може да има многу лоши импликации, тогаш тој недостаток се занемарува.

При работата со учениците, наставникот треба во најголема мерка да ја употребува вербалната комуникација во сите нејзини форми, бидејќи така најлесно се изразуваат мислите и чувствата, но покрај ова треба да се користи и невербалната комуникација како поддржувач на вербалната комуникација. Невербалната комуникација може да биде изразена преку контактот со очите, изразот на лицето, движењето на главата, гестикулациите, држењето и ставот на телото и др. Контатктот со очите е битен елемент во невербалната комуникација бидејќи овозможува посвесно доживување и подобро разбирање на говорот на телото на другиот и влева доверба. Изразот на лицето треба да биде жив и експресивен, внимателно концентриран и ограничен, а движењата и изразот на лицето даваат информации за нашите мисли. Движењата на главата треба да го охрабруваат соговорникот (ученикот) да го искаже своето мислење, да ја изработи задачата која му е зададена што е можно подобро.

За успешна комуникација помеѓу наставникот и учениците потребно е да се внимава на повеќе компоненти, почнувајќи од однесувањето и третманот кон учениците, па се до начинот и суштината на говорот што го употребуваме. Ако се

внимава на сите компоненти ќе се дојде до подобрување на комуникацијата и задоволството ќе се зголеми.

Современата настава уште повеќе ја истакнува потребата од добра комуникација помеѓу сите субјекти во наставниот процес. Воведувањето на изборните предмети за учениците од третиот циклус на деветгодишното основно образование дава можност учениците да ја изберат областа која посебно ги интересира и во која тие сакаат да ги прошират своите знаења. Проширувањата на знаењата на учениците се изведува преку изработка на проектни задачи кои најчесто се зададени од наставникот, но се остава можност и учениците да ја изберат темата на која сакаат да изработат проект. При изработката на проектите, од планирањето, преку изработката на задачата која најчесто се изработува во група, па се до презентирањето и вреднувањето на изработките, изразена е потребата од комуницирање на учениците во групата која ја изработува проектната задача, но и комуницирање со предметниот наставник, а понекогаш и со лица од околината.

### 3.1.3. Проектна настава
### Проектни активности во наставата

Се повеќе стануваат видливи напорите за задоволување на индивидуалните интереси и желби на учениците во одделни области. Еден од начините за задоволување на овие интереси и желби е изработка на **проекти**. Училишен проект претставува детално истражување на одредена тема по однапред разработен план[35]. Новите наставни планови во деветгодишното основно образование овозможуваат, во рамките на проектните активности и слободните часови на училиштето, учениците да изработуваат проекти. Исто така проектните активности можат да се применуваат во основното образование во слободните-воннаставни активности или како интегриран дел во наставата. Проектите на учениците им овозможуваат кумулативно да ги покажат своите знаења, способности и вештини не само во

---

[35] Ѓорѓевиќ, Д.(2009), *Информатика за VII одделение за деветгодишно образование*, Скопје: Министерство за образование и наука

областа што ја избрале туку да ги покажат и своите способности за самостојно планирање, проучување, истражување, користење на различни извори на информации, комуникација и одговорност.

Процесот на изработка на проект и на учениците и на наставниците (ментори) им овозможува развој и продлабочување на нивните вештини за планирање, водење, донесување одлуки, менаџмент на време, позитивен приод кон решавање проблеми, работна етика, мотивација, индивидуална креативност, меѓусебно почитување, одговорност и независност, комуникација на различни начини и сл.

Конкретно работењето на проекти овозможува да се воочи колку учениците ја разбираат[36]:

- врската меѓу активностите во училницата (знаењата и способностите стекнати на часовите) со личните интереси, цели и секојдневни ситуации;
- важноста на истражувањето, планирањето и вреднувањето на практичната изработка;
- комплексноста и важноста на интердисциплираниот приод.

Учениците преку проектните задачи имаат можност да научат за начинот на планирање и развој на проект, како и редослед на чекорите што треба да ги преземат, како и за тоа како да управуваат со сопственото време и активности.

Со работата на проектите учениците се способни да напишат предлог за проект, да спроведат истражување користејќи примарни и секундарни извори, да завршат проект во ограничено и однапред определено време, да вршат самопроценка и самовреднување на активностите и квалитетот на меѓупродуктите, да го презентираат и бранат својот продукт и да работат тимски на заеднички проекти.

---

[36] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

## Улогата на наставникот во проектната настава

Наставникот е најбитна алка во процесот на учење преку проектна настава. Водењето, организирањето на проектот и тимот, односно ученикот кој работи проект, е основна претпоставка за квалитетен финален производ. Обврските на наставникот се бројни, а неговата улога во различни фази на подготовката на проектите е[37]:

- советодавна и насочувачка на почетокот;
- мотивирачка, контролна, проценувачка и советодавна во текот на работата на проектот;
- евалваторска на продуктот на крајот.

Од големо значење се компетенциите на наставникот[38]:

- да направи план на проектот и редослед на активности;
- да помага при обезбедување услови за реализација на проектот;
- да го следи напредувањето во подготовката на проектот;
- да го менаџира процесот, квалитетот, ризиците, промените, времето и слично при подготовка на проектот.

Ова е подеднакво важно без разлика дали проектот е индивидуален, или станува збор за проект подготвен тимски.

## Промени настанати во современата настава

Современите трендови на наставата поставуваат повеќе барања во реализацијата на образовните програми и надминувања на традиционалните гледишта.

- поврзување на сопственото искуство со содржните;
- споредување на резултатите;
- решавање проблеми;

---

[37] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

[38] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

- поставување прашања;
- конструирање примери;
- барање можни одговори;
- испитување на причините и последиците;
- покажување скептицизам;
- градење сопствени аргументи;
- формирање и заземање став;
- разгледување на туѓите аргументи.

Учењето преку проекти е важен елемент во остварување на наставниот процес, бидејќи овозможува стекнување на различни знаења и вештини преку користење на различни ресурси и различни начини на собирање, класифицирање и презентирање на податоците.

На овој начин се овозможува учениците самостојно да дојдат до повеќе сознанија за одредена област и тие се централна личност во процесот на учење. Знаењата стекнати на овој начин подолго се помнат.

Овој начин прави промени во однос на традиционалната настава:

Ученикот[39]:

- станува централна личност во процесот на учење;
- самиот е одговорен за своето напредување;
- дадена му е можност за избор на ресурси;
- развива вештини за донесување одлуки;
- презема иницијативи и донесува одлуки;

Наставникот[40]:

- ја менува својата доминантна улога;
- ја координира работата;
- ја надгледува работата;
- помага при работата;

---

[39] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

[40] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

- претставува извор на ресурси.

По успешното совладување на оваа проблематика, учесниците ќе бидат способни[41]:

- самостојно да дефинираат и проектно да решат проблеми;
- да се запознаат со истражувачките постапки и истите да ги применуваат во практика;
- да направат план (оперативен);
- да дефинираат ресурси за решавање на проблемот;
- да научат можни начини-техники за проектни активности и истите да ги применуваат во своите проекти;
- да научат да прибираат и акумулираат податоци;
- да направат средување и обработка на податоците;
- да знаат да ги презентираат добиените податоци.

За реализација на истаржувањето, учесниците мораат да имаат развиени вештини за[42]:

- правилно формулирање прашања (определување на клучните поими);
- идентификување на можните извори;
- користење текстови (табели на поими, индекси и сл.);
- лоцирање на специфични информации и бележење;
- комбинирање информации од различни извори;
- организирање и синтетизирање на информациите;
- оценување на изворите и специфичните содржини;
- користење технолошки ресурси;
- креирање презентации и извештаи, користејќи графички и технолошки алатки;
- презентирање на готовите продукти;
- самонабљудување во текот на процесот.

---

[41] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

[42] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

Со самото наведување на способностите и вештините кои ги стекнуваат учениците преку проектната настава, но и функциите кои ги извршува наставникот во изработката на проектите, станува јасна потребата од комуницирање во секоја фаза од изработката на проектот и тоа како комуницирање по вертикала наставник-ученик, така и комуницирање по хоризонтала помеѓу сите ученици од групата.

### 3.1.4. Изработка на проект

При започнувањето на секој проект потребно е оспособување на учениците за успешна реализација на одредени активности. Потребно е да им се овозможи да стекнат знаења и вештини кои ќе им помогнат да бидат поуспешни во активностите. Постојат повеќе корисни **техники** (алатки) кои учениците треба да ги познаваат, па потоа да започнат со изработка на проектните активности. Основен концепт за проектна настава се многу алатки на проектниот менаџмент, како што се:

#### 1. Групна работа

Групната работа ги поттикнува малите групи ученици кои работат во тим да работат заедно за постигнување на заедничка цел. На ваков начин се користат различни способности, идеи, искуства, култура во решавањето на некој проблем. Групната работа подразбира групна интеракција, развивање на заедничко учење, стимулирање на дискусии и размена на искуства, знаења и нови сознанија. Клучните елементи на групната работа се исти како и кога би се зборувало за кооперативност и кооперативно учење[43]:

- позитивна меѓузависност;
- индивидуална одговорност;
- хетерогено членство и групирање;
- споделено лидерство;

[43] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

- одговорност едни кон други;
- групна дискусија и евалвација на работата и интеракција;
- определен број на членови во тимот, помалку време, помал тим;
- тимови селектирани од наставникот подобро работат;
- хетерогеност на групата.

Основно е тимовите за групна работа да бидат добро формирани, да постои позитивна меѓузависност, индивидуална одговорност, да може да се развиваат соодветни задачи, да се определуваат групните конфликти, да развива соодветни задачи, да определува критериуми и да создава средина погодна за активно учење.

**Определување на бројот на членови**

Оптимален број на членови во тимот е четири, но бројот може да варира во зависност од обемот и времето кое ни е потребно за некоја активност. Колку е времето пократко за проектната активност, толку помал треба да биде и тимот.

**Определување на областа на работа**

Повеќе тимови можат да работат на иста активност, но и на различни активности. Наставникот треба да даде добри инструкции за секој тим, да ја следи нивната работа, да објаснува и доколку е потребно да прави поврзување на активностите меѓу тимовите.

**Обезбедување на неопходни материјали.**

Секој член на групата треба да има неопходни материјали пред да започне групната работа. Ако тоа не е неопходно во почетокот, тогаш некои материјали можат да бидат вклучени и подоцна.

**Размена на информации меѓу тимовите.**

Добро е за секој тим да знае кои се целите на другите тимови, но не при секоја активност. За некои активности е подобро членовите на тимот да создаваат свои сопствени идеи, без да ги поврзуваат со идеите на другите тимови.

**Внимавање на конфликти.**

Наставникот мора да внимава на конфликтите и да воспоставува рамнотежа меѓу членовите на тимот, или меѓу тимовите. Тој не смее да зазема страна. Тој е медијатор и координатор и не смее да пресудува што е добро или лошо.

**Поттикнување и подршка за тимот.**

Членовите на тимот мора да знаат дали се на вистинскиот пат. Наставникот треба да ги поттикнува преку давање коментари.

## 2. Техники на модерација

Модерација претставува определен начин на однесување и развиени вештини кои треба да ги имаат поединците за успешна реализација на одредени активности.

Техниките на модерација се применливи при реализација на повеќе активности[44]:

- работилници;
- групна работа;
- состаноци на проектни групи;
- состаноци, семинар, трибина и сл.

Овие техники можат да ги користат и наставниците и учениците во дадени ситуации – кога се во улога на водичи, координатори.

Наставникот-модератор, во овој случај е само водител и помагач на една група. Модераторот е специјалист за методи, а не за содржини. Тој е одговорен за процесот и успехот на групата а не за содржинскиот резултат. За успешна модерација потребно е да се почитуваат одредени принципи и правила.

Добар модератор секогаш треба[45]:

- да биде позитивен пример за групата;

[44] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

[45] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

- секогаш да знае како делува, а не дали делува;
- да завзема неутрален став при коментарите на групата;
- добро да ја води групата преку насочени прашања;
- да има јасна цел за сопственото моделирање.

Наставникот кој предава изборни предмети, треба да има изразени модераторски вештини поради фактот што изборните предмети се изведуваат преку проектни активности на учениците. Наставникот е ставен во функција на координатор на активностите на групите, посочување на временските рамки, давање помош (доколку е потребна), насочување на активностите на групите и др. Сепак групите треба да имаат потполна слобода во изведувањето на поединечните активности и комплетните изработки, така што тие ќе можат во потполност да ја истакнат својата креативност, вештините кои ги стекнале со изработката на проектот и својата иновативност. Така секоја изработка ќе биде убава, оригинална и неповторлива.

## 3. Техники на комуникација

Добра комуникација е вештина која се стекнува и е резултат на размислување и вежбање. Главно средство во комуникацијата е пораката. Кога свесно сакаме да покажеме нешто, тогаш станува збор за намерна порака. Она што го прима другата личност претставува примена порака. Оној кој ја испраќа пораката се нарекува испраќач, додека оној што ја прима се нарекува примач. Пораката патува од испраќачот кон примачот. Комуникацијата се одвива и во обратна насока, од примачот назад кон испраќачот во форма на фидбек.

Кога примената порака е различна од намерната порака, најчесто резултира со неочекуван конфликт, или прекин во комуникацијата. Поради тоа учениците треба да научат да бидат концизни (пораката да се сведе на минимум), да не го збунуваат слушателот, да изведуваат заклучоци, да го почитуваат нивото на слушателот и да бидат природни.

За да има добра комуникација во тимот учениците треба да знаат и активно да слушаат. Активното слушање е корисна вештина за успешна комуникација. Конфучие вели: „На човекот му се дадени една уста и две уши за да може да слушне двапати повеќе отколку што зборува“.

Постојат повеќе начини да се стане успешен во активно слушање[46]:

- заземање позитивен став;
- вежбање;
- насочување на вниманието;
- правење план за дискусија;
- одложување на дискусијата ако е прекината;
- надминување на предубедувањата;
- внимавање на невербалните знаци;
- јасно поставување прашања;
- соживување со емоциите;
- трпеливост;
- покажување знаци на заинтересираност;
- резимирање.

За добра комуникација меѓу соговорниците, освен што се потребни способност за слушање и гледање на другите и разбирање на нивните пораки, како и способност за изнесување на сопствените идеи и чувства така што тие да можат да бидат корисни.

Постојат определени правила при комуницирањето, кои треба да се применуваат доколку сакаме успешна комуникација[47]:

- адаптирање на луѓето со кои комуницираме;
- внимателно слушање;

[46] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц
[47] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

- добивање на вниманието на соговорникот, пред почнување на комуникацијата;
- добивање фидбек;
- пријателско расположение;
- релаксираност;
- внимание;
- ведрина;
- давање искрени пофалби и комплименти на соговорниците.

Успешната комуникација зависи и од тоа, колку ќе биде активна, постојана, флексибилна, позитивна и отворена.

При изработката на проектите особено важен дел е комуникацијата ученик-ученик, бидејќи така учениците си даваат меѓусебна морална поддршка, споделуваат чувства и полесно можат да излезат на крај со стравот и заеднички ги решаваат проблемите.

Придобивките за секој ученик кој работи во група на изработка на проект се големи, а некои од нив се[48]:

- да се биде дел од група, мала заедница и да се учествува во нејзините секојдневни активности и рутини дава чувство на сигурност;
- полесно се прифаќаат разликите и проблемите на другите;
- стекнуваат одговорност за решавање на проблемите во однесувањето;
- во група учениците ги разменуваат своите искуства и идеи.

Комуникацијата наставник-ученик ќе биде успешна и ќе вроди со резултати доколку наставникот[49]:

- користи индивидуализиран пристап кон секој ученик,
- воспоставува партнерство;

---

[48] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

[49] Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

- ја поттикнува внатрешната сила на секој ученик;
- воспоставува интеракција;
- го насочува учењето;
- се изразува со јасен, разбирлив и за учениците соодветен говор;
- ја поттикнува самодовербата и самоконтролата на секој ученик.

### 3.1.5. Презентација на проект

Важен момент на секој проект е презентацијата на проектот. Презентацијата е завршеток на еден проект со кој треба да се испрати силна, јасна и пријатна порака што успешно треба да дојде до слушателите за кои е наменета. Исто така со неа се праќа информација во правилна форма, во вистинско време и на вистинско место.

Презентациите се прават со одредени цели, тие треба да бидат доказ за успехот што го постигнал поединецот или групата со изработката на проектот. При презентирањето на проектот презентерот односно презентерите треба да поседуваат вештини за комуницирање бидејќи тие треба да разговараат со публиката, да упатат благодарност за поставените прашања, но и умешно да ги покријат несоодветните прашања. Во говорот треба да има гласни и тивки делови, за презентацијата да не стане монотона, зборувањето треба да биде едноставно, кратко, јасно, прецизно и по редослед.

### 3.1.6. Современите информациско комуникациски средства во работата на проектни задачи

Проектните задачи кои се задават за изработка при реализацијата на програмата по изборните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование, понекогаш бараат подолго време за изработка од времето што го имаат учениците на наставните часови. Поради ова членовите на групите кои работат зададена проектна задача имаат потреба од интензивна меѓусебна соработка и комуникација. Освен меѓусебната соработка потребна им е

комуникација и со предметниот наставник, како во училиште, така по завршувањето на наставата. Современите информациско комуникациски технологии особено интернетот нудат огромни можности добивање на најразлични податоци, за следење на новости и информации, но за комуницирање. Комуницирањето учениците и наставниците можат да го остварат на најразлични начини, а ние ќе спомeнеме некои од нив.

**Електронска пошта**. Ова е еден од најупотребуваните сервиси на интернет, со чија помош имаме можност да комуницираме со било која личност која е поврзана на интернет и има своја e-mail адреса. Преку електронската пошта може да се испраќаат писма и пораки, кои може да содржат и прикачени документи. Предноста на електронската пошта е тоа што корисниците не мора да се приклучени истовремено на интернет за да ги разменат потребните информации и документи.

При изработката на проектните задачи учениците преку електронската пошта можат да си ги разменуваат документите што ги изработиле, да си споделуваат мислења и коментари за сработеното, да си ја разделат работата на проектите, па да откако ќе си ги препратат засебните изработки да ја комплетираат финалната изработка и сл.

Готовите изработки или меѓупродуктите (недовршените изработки или делови од проектот) учениците можат да му ги испратат на предметниот наставник, кој благовремено ќе испрати свој коментар за тоа што треба да се доработи, поправи или измени во задачата без да се чека долго време до наредниот час.

**Интерактивно комуницирање.** Ова е многу познат, употребуван и актуелен начин за интерактивна комуникација. При ваквата комуникација учениците меѓусебно, но и со наставникот можат да се допишуваат, но во реално време. Во разговорот може да се вклучени две или повеќе лица. На овој начин корисниците можат да разменат мислења, да се договорат околу следните активности, да ги споделат искуствата и информациите и да си пружат помош при изработката на проектната задача. Современите програми за интерактивно комуницирање нудат можности за допишување во реално време, но и гласовен и визуелен контакт меѓу соговорниците.

**Веб-дневник или блог**. Веб-дневник или блог е локација на интернет во форма на електронски дневник, составена од содржини, кои се прикажуваат по временски редослед. Веб-дневникот може да содржи текстови, дискусии, фотографии, адреси кон други локации на интернет и др. За темите кои се поставуваат на блогот, посетителите може да оставаат коментар или да постават прашање.

Во рамки на изборните предмети, веб-дневниците може да се искористат во сите фази на изработка на проектните задачи. Најпрво тука може да се истакнат темите за кои треба да се изработат проектите, да се дадат насоки во работата, да се понудат линкови кон страници со интересни материјали и др. Во фазата на изработката на проектите учениците би можеле да си оставаат коментари и да си помагаат во работата, за во финалната фаза блогот да послужи за прикажување на изработките на учениците.

При подготовка на наставната програма учениците може да го искажат своето мислење за темите за кои се предвидени проектни задачи, да дадат идеи што би сакале да работата на часовите по изборните предмети, да искажат со какви проблеми се сретнале при изработката на задачите и сл. што би допринело за подобрување на наставата.

Евидентен е фактот дека комуникацијата е значаен дел од секојдневниот живот. Ова се огледа и во работата односно во изготвувањето на проектните задачи по изборните предмети во третиот циклус на деветгодишното основно образование во секоја фаза од изработката на проектите. Од ефикасноста на комуникацијата на членовите на групата која работи одреден проект и комуникацијата меѓу секој поединец од групата и наставникот ќе зависи квалитетот на изработениот проект.

Конфликтните ситуации кои можат да настанат во текот на изработката на проектот треба да се надминуваат со интензивна и квалитетна комуникација помеѓу учениците на групата и наставникот кој е одговорен за изборниот предмет. Многу конфликтни ситуации можат да бидат избегнати ако учесниците во изработката на проектната задача знаат подобри начини за меѓусебно комуницирање.

За да се подобри комуникацијата помеѓу учениците, но и помеѓу наставникот и учениците, потребно е правилно да го разбираме соговорникот и

неговата природа. Тоа значи дека треба да ги разбереме неговите потреби, желби, интереси, верувања и очекувања, како и неговите лични особини и ставови. Сите луѓе имаат свои ставови и мислења. Умешноста за добра комуникација е успешно да се усогласат мислењата на сите учесници во комуникацијата, преку почитување на туѓото мислење.

Ефикасните комуникации водат кон разбирање, соработка и успешно завршена работа.

## 3.2. МОДЕЛИ ЗА ИМПЛЕМЕНТЕТАЦИЈА НА WEBQUEST

WebQuest претставува истражувачки насочено поставување на задачите (проектите) кои учениците треба да ги изработат, а повеќето или сите информации со кои учениците работат потекнуваат од интернет. Webquest започнува да се применува во 1995 година, на универзитетот во Сан Диего, а оттогаш до денес десетици илјади наставници го прифатиле Webquest како начин да се направи добра употреба на интернет, додека ги ангажират учениците да размислуваат на начин каков што бара 21-от век.[50]

Поставувањето на задачите преку WebQuest се одвива преку неколку делови[51]:

Вовед - Кус параграф како вовед во активноста, односно преглед на задачата. Целта на активноста е да ги подготви учениците и да им го задржи вниманието. Користењето на медиумите дури и такви какви што учениците не користеле дотогаш, ја побудува љубопитноста и делува мотивирачки на учениците.

Задача – Јасно опишување на што треба да се добие како краен продукт на активноста на учење. Задачата може да биде проблем или загатка која треба да се реши, став кој треба да се формулира или докаже, продукт кој треба да се дизајнира, напис кој треба да се напише, било каква креативна изработка и сл.

Ресурси – Како што се движат низ процесот, учениците треба да ги пребаруваат ресурсите посочени од наставникот. Во овој дел се наведени сите

[50] „What is a WebQuest?“ превземено од www.webquest.org

[51] „WebQuest: истражување, независно учење“, (2009) – Материјали од обука на наставници за иновативно користење на ИКТ во наставата, Скопје: Проект за основно образование

линкови кон ресурсите кои треба да се користат. Исто така овде треба да се наведени и насоките за учениците како да користат на пр. табела, дијаграм или некои специфични вештини.

Процес – Објаснување на чекорите кои треба да ги поминат учениците, за да ја завршат зададената задача. Потребно е да има повеќе детали, за да им помогне на другите наставници да го следат текот на активноста (доколку е потребно).

Заклучок – Неколку реченици со кои ќе се резимира она што учениците треба да го постигнат или научат со постигнување на активноста. Во овој дел може да се вклучат некои реторички прашања или дополнителни линкови со цел да се охрабрат учениците да го прошират своето знаење. Вебквестот не треба да биде изолирано искуство, туку дел од една низа на искуства за учење на учениците.

## Пример на WebQuest

**Вовед**

Почитувани ученици,

Денес добив покана за учество на конференција за Примена на ИКТ во наставата во Охрид. Покрај моето учество добив и задолжение да изработам книга со рецепти за традиционални јадења во Македонија, која ќе биде подарок на сите учесници. Времето за задачата е кратко, па затоа Ве молам, помогнете ми !!!

**Задачи**

За поедноставна реализација на задачата, потребно е да ја изработиме книгата со рецепти во Writer.

Во книгата треба да се вклучени следниве работи:

1. традиционален пречек на гости
2. избор на предјадење
3. традиционални месени јадења
4. главно јадење
5. десерт

**Ресурси**

За потребните информации истражувајте на следниве веб страници:

http://sr.wikipedia.org/sr-el/%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%BA%D1%83%D1%85%D0%B8%D1%9A%D0%B0

http://www.struga.org/mac/kujna.htm

http://alas.matf.bg.ac.rs/~mi06058/makedonija.htm

http://www.coolinarika.com/clanak/makedonija

http://www.kapital.com.mk/Uploads/Hrana.pdf

http://www.makemigration.com/kultura/kujna/kujna.htm

http://www.coolinarika.com/recept/gjomleze

http://www.kralemarko.org.mk/default-mk.asp?ItemID=6BC7C53A6BE5C642920C6D49E621D125

http://www.kralemarko.org.mk/default-mk.asp?ItemID=6BC7C53A6BE5C642920C6D49E621D125

http://www.360macedonia.com/macedonia/mk/kujna.php

http://www.hranaivino.tv/recepti/index.html

**Процес**

- Според бројот што го извлековте поделете се во пет групи
- Секој член во групата истражува според одреден тип на задолженија:

1. традиционален пречек на гости
2. избор на предјадење
3. традиционални месени јадења
4. главно јадење
5. десерт

Пребарајте ги наведените страници во ресурси и запознајте се со основите на користење на текст процесор Writer.

Лоцирајте ги потребните информации и подгответе листа со јадења.

Ве молам изработените листи со јадења пратете ги на мојот e-mail.

**Заклучок**

Реализирајќи ја оваа задача се запознавате со културното богатство во Македонија, а притоа ги усовршивте вашите вештини во Writer.

Ви благодарам за соработката и помошта.

- Примерот е превземен од обука за работа со оперативен систем Edubuntu

Можно решение на зададената задача, е дадено од продолжение.

Во Република Македонија традиционално гостите се пречекуваат со кафе и слатко што пред се е карактеристично за западниот дел на Македонија и салата и ракија што повеќе се среќава во источниот дел на државава.



Ние ќе ги пречекаме гостите со локум



По традиционалниот пречек на гостите следува вкусување на најразлични предјадења и јадења од богатата македонска трпеза. Ние денес за Вас го одбравме следново предјадење: ПЕЧЕНИ ПОЛНЕТИ КОМПИРИ кои се подговуваат од вкусни македонски компири и премаз од сирење и магданос;

За главно јадење одбравме: ПОЛНЕТИ БАБУРИ од вкусен македонски пипер кој се полни со смеса од мелено месо и зачини.





Традиционално месено јадење тегнета баница.

Десерт баклава со мелени и сецкани ореви.



## 3.2.1. WebQuest во наставата по изборните предмети

**WebQuest**
**Нова година**



Возрасна група: 12-13 години

Предмет: Проекти од информатика

Тема: Покана или честитка

Времетраење: 2 часа

**Вовед**

Оваа година решив Новата година да ја дочекам дома со своите блиски пријатели. Би сакала да ги поканам да го прославиме заедно доаѓањето на Новата година. Имам желба поканите да им ги испратам преку електронска пошта. Затоа Ве молам за помош да направиме покана која ќе ги воодушеви моите пријатели.

На моите подалечни пријатели кои нема да присуствуваат на мојата забава честитките за доаѓањето на Новата година би сакала да им ги испратам на истиот начин - преку електронска пошта со интересна честитка која ќе ги искаже моите најискрени желби тие да имаат прекрасни моменти во годината што следи.

**Задача**

Ќе ве замолам како мои најдобри ученици, да ми помогнете да изработиме интересни покани и честитки кои ќе им го разубават доаѓањето на Новата година на моите пријатели која ќе ги изнедади и воодушеви.

Вашите изработки треба да бидат креирани (изработени) во програмата Paint. Изработката (честитката или поканата) треба да содржи интересни новогодишни слики. На некои од сликите задолжително треба да примените геометриски трансформации заради збогатување на сликата и добивање на интересни декорации или рамки, како и текст (може да се употребуваат текстови во различна боја, интересни новогодишни пораки и сл.).

**Процес**

Поделете се во парови (групи) и секој пар (група) ќе креира своја изработка. Половина од паровите ќе изработуваат покана, а другата половина од паровите ќе изработуваат честитки. Јас пронајдов некои интресни слики со мотиви за Нова година кои ќе ги споделам со Вас за да Ви ја олеснам работата.

Кога ќе ги разгледате понудените слики, креирајте еден документ во Paint кој ќе го споделам со моите пријатели. Документите именувајте ги со име кое ќе Ви биде познато само вам. (Ова е потребно заради начинот на кој ќе се оценуваат изработките). Документот ќе го превземам од Вашиот компјутер.

**Ресурси**

Дополнителни идеи за креирањето на документите може да пронајдете на следните страници:

http://www.123greetings.com/events/new_year/

http://www.clipartguide.com/

папка со новогодишни слики (сместена во фолдер cas Webquest на работна површина)

документ Новогодишни пораки
Нови сугестии, различни од понудените, се добредојдени. Ако имате време, побарајте информации и на своја рака.

**Оценување**

Оценувањето на изработките ќе се изведува преку самооценување и оценување на соучениците со холистичка листа. Секоја од групите ќе добие примерок од холистичката листа на која ќе бидат наведени критериумите за бодирање на изработките. По прикажувањето на одредена изработка секоја група на својата табела го забележува името на изработката (бидејќи изработките имаат заштитени имиња кои ги знаат само изработувачите) и бодовите кои ги доделуваат. Наставникот на својата табела забележува колку бода доделува секој од паровите на секоја од изработките. Изработката која ќе добие најмногу бодови (од поканите и честитките) ќе биде испратена до пријателите.

**Заклучок**

Документот кој ќе го изготвите многу ќе ми помогне да ја исполнам својата замисла да упатам интересни покани и честитки до моите пријатели, а Вам ќе Ви даде идеи како на интересен начин да ги пренесете своите убави желби до Вашите најблиски. Иако веќе добро ја познавате програмата за цртање, оваа изработка ќе ви помогне да стекнете и да ги развиете Вашите ИТ вештини за тоа како да направите документ во кој ќе има и илустрации и текст.

Некои од изработките на учениците се дадени во продолжение.


Снегулки бели
паѓаат во овој
час, на дочек
ќе канам во
мојот дом јас..


Среќна Нова 2011 година...
...многу здравје,
среќа и љубов...


Среќна нова година
Доброздравје,среќа,
љубов и позитиви
мисли нека бидат
секогаш со вас како
извор со нашите
насмевки.

# Webquest – Национални паркови

Возрасна група: 11 год.

Предмет: Нашата татковина

Тема: Национални паркови во Р. Македонија

**Вовед**

Драги ученици добив известување за учество на натпреварот по екологија каде е потребно да се направи истражувачка активност за најбогатиот национален парк во РМ со застапеност на флора и фауна. За најдобрата изработка следува награда од 10 дневно летување во еден од националните паркови во Р.М.

**Задача**

Креирајте документ во кој ќе ги напишете резултатите од вашите истражувања за:

1. Видовите растенија и животни кои се среќаваат на Пелистер
2. Видовите растенија и животни кои се среќаваат во Маврово
3. Видовите растенија и животни кои се среќаваат на Галичица

При тоа треба да се состави писмен есеј на дадената задача во програмата Writer. Во текстот ставете илустрации кои ќе ги најдете на понудените страници. Во текстот наведете и активности, забава или локални специјалитети кои ги нудат националните паркови.

**Процес**

1.Поделете се во 3 групи

Група 1

- Истражувајте за застапеноста на флора и фауна во националниот парк Пелистер

Група 2

- Истражувајте за застапеноста на флора и фауна во националниот парк Маврово

Група 3

- Истражувајте за застапеноста на флора и фауна во националниот парк Галичица

Прибраните информациии, креирајте ги во еден документ во Writer.

**Ресурси:**

http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%80

http://www.npmavrovo.org.mk/

http://www.ohrid.org.mk/mk/galicica/galicica.htm

http://www.nppelister.org.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=1&tabid=19

енциклопедии

Географска читанка

**Заклучок**

Документот ќе ви овозможи учество на натпреварот, а ќе има за цел и да помогне да се подигнете вашата еколошката свест, да се зачува живиот свет на нашите планини, да се заштитат шумите од пожари, да се обнови шумскиот фонд, како и стекнување на ИТ вештини за работа со програмата Writer

Изработка: Митковска Јана – наставник по изборниот предмет Нашата татковина

## WebQuest – Волфганг Амадеус Моцарт

Возраст – 12 до14 години

Предмет - Музичко образование

Тема - Животот и делата на В.А. Моцарт

Време траеење- 2 часа

**Вовед**

Еден ден Моцарт на улица сретнал некој непознат човек, кој од него побарал парична помош. Славниот композитор кој во тој момент немал пари кај себе, па влегол со него во една крчма, седнал и в час на парче хартија искомпонирал еден менует. Му го дал листот на непознатиот и му рекол да го однесе кај издавачот.

Штом издавачот се уверил дека навистина се работи за Моцартова композиција, не се двоумел, богато го наградил непознатиот сиромав.

**Задача**

Ќе ве замолам да ми помогнете да ги пронајдам сите податоци за овој познат Австриски композитор, неговиот животен пат и неговите дела.

**Процес**

Поделете се во групи од по шест члена. Секоја група нека определи по 3 члена кои го истражуваат животниот пат на композиторот, а другите 3 члена од групата ќе го истражуваат неговото творештво. Своите сознанија претставете ги во документ во програмата Writer.

Ресурси

mk.wikipedia.org/wiki/Волфганг_Амадеус_Моцарт

http://forum.kajgana.com/threads/Волфганг-Амадеус-Моцарт.53925/

**Заклучок**

Со оваа изработка ќе си го збогатите знаењето за еден од најголемите композитори кој бил наречен чудо од дете. Секако ќе ги збогатите и своите знаења за работа со програма за обработка на текст

Изработка: Трипуновски Мирко – наставник по изборниот предмет Проекти од музичката уметност

## WebQuest - Сообраќај

Возраст на група: 6 одд

Предмет: Техничко образование

Тема: Сообраќај – правила и прописи

Време на изготвување: Една седмица

**Вовед**

Живееме динамичен живот, со голем напредок во сообраќајот. По улиците се движат модерни, моќни, брзи автомобили, со кои управуваат возачи од сите категории. Меѓу нив се сретнуваат млади и неискусни возачи кои со своето неискуство и невнимание предизвикуваат несреќи кои многупати трагично завршуваат со згаснување на нечиј живот. Но како причина за несраќите не се само возачите туку и вие како пешаци. Многу е важно како **Вие** ги почитувате правилата и прописите за учество во сообраќајот.

**Задача**

Заради вашата и безбедноста на другите учесници во сообраќајот потребно е да креирате документ кој ќе послужи како потсетник (водич) за однесувањето на учесниците во сообраќајот. Прирачникот треба да содржи:

1. Правилно однесување на пешаците во сообраќајот
2. Насока на движење на коловоз
3. Однесување на крстосница без сигнализација
4. Однесување на крстосница со сигнализација

**Процес**

Учениците работат во 5 групи на конкретно поставената задача.

I група – учениците работат на уочување и препознавање на правилата на однесување како пешаци во сообраќајот користејки го учебникот

II група – на магнетна табла учениците ги поставуваат магнетните елементи (учесници во сообраќајот) со правилна насока на движење на коловозот

III група – со користење на крстосницата до училиштето практично ќе покажат како треба да се однесуваат на крстосница без сигнализација

IV група – на магнетната табла со помош на магнетните елементи на сигнализирана крстосница решаваат сообраќајни правила

IV група – креира документ со правила за однесување на учениците како учесници во сообраќајот

**Ресурси**

Користење на учебникот и нагледните средства од кабинетот по Техничко образование

Теренска настава

mk.wikipedia.org/wiki/Категорија:Сообраќај

www. rsbsp.org.mk

**Оценување**

Учениците се оценуваат на ниво на група со користење на чек листа.

**Заклучок**

Од наученото учениците се оспособуваат за правилно учество во сообраќајот.

Изработка: Жаклина Жигиќ – наставник по изборниот предмет Техничко образование

# 4. ТИМСКА РАБОТА

## 4.1. РАЗВОЈ НА ТИМСКАТА РАБОТА

При решавање на посложени проблеми кои се појавуваат во дадена организација, луѓето уште одамна откриле дека со заедничка работа на повеќе поединци, односно формиран тим кој ќе работи на решавање на проблемот, задачата полесно ќе биде завршена.

Сигурно е дека не постои една и единствена дефиниција за тоа што претставува тим, но затоа постојат огромен број на искази во кои е содржана суштината и карактеристиките на поимот тим. Тоа не треба да се сфати како недостаток што создава конфузија, туку напротив како богатство на дефиниции кои

им даваат нов квалитет на тимовите. Според Третван[52] „тимот е група на луѓе кои работат или се однесуваат на начин кој им помага ним да ги постигнат нивните заеднички цели“.

Според Honey[53] „тимот е мала група која работи така што постигнува повеќе отколку што би постигнал поединец“. Според истиот автор[54] „тимот е група луѓе во која поединците имаат заедничка цел, која ја достигнуваат затоа што нивната стручна оспособеност, вештини и други карактеристики се во согласонст со останатите членови“.

Тим е група на луѓе со висок степен на меѓусебна зависност на движењето напред кон постигнување на целите или кон комплементирање на поставените задачи. Тимот е група од луѓе кои меѓусебно соработуваат, поради заеднички цели и задачи.[55]

Во еден успешен тим, духот на тимот треба да биде така креиран, па сите членови да работат за доброто на тимот. За да ја постигне својата цел и да ја реализира поставената задача, тимот треба да го поттикнува секој член да ги развива сопствените вештини.

Една група од поединци само по себе не мора да претставува тим. Тимот е група која што е меѓусебно зависна и одговорна за целокупната изведба. Една група се квалификува како тим само доколку сите членови се фокусирани на меѓусебно помагање за да ја достигнат заедничката цел. Ова не значи дека индивидуата повеќе не е значајна, но значи дека ефективна и ефикасна тимска работа оди подалеку од индивидуалните достигнувања. Тимовите обично имаат членови со комплементарни вештини кои извршуваат координиран напор што му овозможува на секој член да ја зголеми својата сила и да ги минимизира своите слабости. Членовите на тимот треба да научат како да си помогнат еден на друг, што ќе им помогне на сите членови на тимот ги остварат своите вистински потенцијали и да се

---

[52] Превземено од Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамичко училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

[53] Превземено од Ѓошевска Ивановиќ, С., Гочев, К. (2008), *Тимска работа,* Скопје: ЈИЕ Универзитет, Центар за професионално водство

[54] Превземено од Ѓошевска Ивановиќ, С., Гочев, К. (2008), *Тимска работа,* Скопје: ЈИЕ Универзитет, Центар за професионално водство

[55] Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009), *Предизвиците на современото лидерство во образованието,* Битола: Херакли Комерц

создаде средина која му овозможува на секој од членовите на тимот да оди подалеку од сопствените очекувања.

Најважните одлики на тимот се[56]:

- формиран е за постигнување на определени проблеми, цели, задачи;
- има грижливо и смислено одбрани членови;
- постигнува повеќе отколку збир на интелектуалци;
- поефективно функционира од било кој друг облик на организирање и работење на луѓето;
- средина која овозможува максимален придонес на поединецот во разговор и договор со другите луѓе.

Големината и составот на тимот влијае на тимските процеси и исходи. Оптимална големина и составот на тимот се разликуваат во зависност од задачата. Некои научници сметаат дека за решавање на проблемите оптималната големина на тимот е тој да има четири члена. Други сметаат дека оптималната големина е помеѓу 5-12 членови. Големината на тимот треба да биде усогласена со задачата и со целта што треба да биде постигната.

Во врска со составот на тимот, сите тимови имаат елементи на хомогеност и хетерогеност. Колку повеќе е хомогена групата, толку повеќе ќе има смиреност во работата. Колку повеќе групата е хетерогена, толку се поголеми разликите во гледиштата на членовите со што се зголемува потенцијалот на креативност, но исто така се зголемува и потенцијалот за конфликт.

Основната организација е многу поефикасна доколку во неа се работи тимски и одлуките се донесуваат заеднички. Тимската работа создава можност за[57]:

1. Решавање на комплексни прашања;
2. Ефикасно решавање на проблемите;
3. Подигнување на моралот кај вработените;

---

[56] Ѓошевска Ивановиќ, С., Гочев, К., (2008), *Тимска работа,* Скопје: ЈИЕ Универзитет, Центар за професионално водство

[57] Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009), *Предизвиците на современото лидерство во образованието,* Битола: Херакли Комерц

4. Поедноставен напредок;
5. Идентификување на потенцијалните и актуелните проблеми и нивно поедноставно решавање и
6. Имплементирање на промените.

Во еден училишен тим, духот на тимот треба да биде креиран, така што сите членови на тимот ќе работат за доброто на тимот. За да ја постигне својата цел и да ја реализира својата задача, тимот треба да го поттикнува секој член да ги развива сопствените вештини. Во контекст на ова, можеме да зборуваме за тимот како за група на луѓе кои можат успешно да ја прифатат и реализираат секоја поставена задача. Притоа „успешно“ значи квалитетно и навремено извршена задача со потполно и економично користење на сите ресурси.

Во организациите воопшто, па и во образовните организации, луѓето многу често откриваат дека е подобро да се работи во тимови, бидејќи тимската работа го подобрува извршувањето на работата и заедничките цели можат побрзо да се достигнат. Тоа е така бидејќи ниту еден човек не може да ги има сите релевантни знаења, вештини и способности потребни за извршување на задачите. Тимот се гради од поединци со различни знаења, вештини и способности кои меѓусебно се надополнуваат. Само така ќе се изгради комплементарен тим во кој неговите членови ќе се учат од разликите и ќе бидат „побогати“ поради нив.

Членовите на тимот не соработуваат само поради исполнување на поставените цели и задачи. Тие имаат и други заеднички менаџерски функции, и тоа[58]:

- планирање;
- организирање;
- поставување на нови цели;
- зголемување на учинокот на тимот;
- развивање на сопствени стратегии за менаџирање на промените;
- обезбедување на заеднички ресурси.

---

[58] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамичко училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

Тимовите се формираат за различни цели и со различни задачи. Во типична форма на ниво на образовна институција некои од тимовите егзистираат постојано, додека други како што се проектните тимови, можат да имаат ограничено постоење. Проектните тимови се користат само за одреден временски период и за посебна, конкретно одредена цел. Менаџерите најчесто назначуваат групи на луѓе, како „тим" врз основа на што, тие имаат заеднички функции. Членовите на овие тимови би можеле да припаѓаат на различни групи, но добиваат задача да работат на одредени активности за истиот проект, а со тоа овозможуваат луѓето кои не се дел од тимот на нив да гледаат како на една целина. На овој начин, со ваквото поставување на работењето на тимот се олеснува неговото создавање, следење и пренесување на задачите на група на луѓе кои работата на одреден проект. Кај овие тимови кога еднаш целите ќе бидат достигнати или надминати, причините за постоењето и нивната сила на поврзување исчезнуваат, а групата вообичаено престанува да биде тим.

Еден тим се состои од група на луѓе кои се поврзани во една заедничка цел и тимовите се особено соодветни за вршење на задачи кои имаат висока комплексност и имаат многу независни подзадачи. Некои од случаите во кои е потребно формирање тим се[59]:

- Добивање нови извори на стручност и искуства;
- Соработка преку обезбедување на помош, јакнење или стимулирање на работењето;
- Вклучување на сите оние кои мислат дека знаат нешто за одредена тема;
- Постигнување консензус за некоја контраверзна тема;
- Да им се овозможи на претставниците кои се најповеќе засегнати со темата, да вијаат врз донесувањето на одлуки.

Кога зборуваме за палнирањето, организирањето и реализацијата на изборните предмети во третиот циклус на основното образование, формирањето на тим кој ќе изврши квалитетно распоредување на изборните предмети е повеќе од

[59] Ѓошевска Ивановиќ, С., Гочев, К., (2008), *Тимска работа,* Скопје: ЈИЕ Универзитет, Центар за професионално водство

потребно. Целокупниот процес за ефикасно планирана и организирана изборна настава во секое основното училиште е комплексен. Тој се состои од избор на предмети кои ќе бидат понудени на избор на учениците, организирање на процесот на изјаснување од страна на учениците, формирање на групите и вклопување на истите во распоредот на часови според кој ќе се изведува наставата.

Во основните училишта тимот задолжен за планирање и организирање на изборната настава се формира при крајот на тековната учебна година и најчесто се состои од наставниците кои ќе ги предаваат изборните предмети во наредната учебна година. Овие наставници се и најмотивирани за квалитетно завршување на работата поради фактот што тие имаат помал број на часови во редовната настава, па часовите од изборните предмети допринесуваат за дополнување на бројот на часови до полниот фонд.

При планирањето на предметите кои ќе бидат понудени за избор на учениците, треба да се внимава на предметите кои биле понудени во претходните години поради тоа што еден ученик не смее во текот на своето школување во третиот циклус на основното образование двапати да изучува ист изборен предмет, бидејќи наставната програма за изборните предмети е иста без разлика во кое одделение од третиот циклус на основното образование се изучува. Имено еден изборен предмет може да биде понуден за учениците од VII оддделение во една учебна година, а наредната да биде понуден за учениците од VIII одделение, кои минатата година биле во VII оддделение, но овој предмет може да го изберат само учениците кои не го изучувале изборниот предмет во VII оддделение. Посебен проблем при планирањето претставува фактот што учениците од едно одделение се одлучуваат за два, а понекогаш и три изборни предмети, па во наредните години мора да се внимава и проверува состојбата за секој ученик посебно, при формирање на групите да не дојде до повторување во изучувањето на предметите кај некои од учениците. Ова посебно се истакнува кога за одреден изборен предмет се изјасниле помалку од 15 ученици, па не е можно да се формира група која ќе го изучува овој предмет и учениците треба да се приклучат кон веќе формираните групи.

Изборот на предмети кои ќе бидат понудени на избор треба да ги задоволуваат пред се потребите и желбите на учениците, но треба да е во

согласност со потребите на наставниците, бидејќи доколку се понуди предмет кој може да го предава само наставник кој веќе има полн фонд на часови или понекогаш и поголем број (над 20), училиштето нема да може да ги распредели групите поради преоптовареност на наставникот, а од друга страна дел од наставниците ќе имаат помал број на часови. Во оваа фаза од планирањето на изборната настава во основното училиште треба да се изнајдат начини за добивање сознанија за желбите и интересите на учениците кои изборни предмети тие (односно најголем дел од учениците) би сакале да ги изучуваат. Доколку изборните предмети соодветствуваат со желбите, потребите и интересите на учениците, кавалитетот на изборната настава би бил на задоволително ниво односно би се подобрил, а учениците ќе бидат мотивирани за добивање на нови знаења и стекнување на потребните вештини со изучување на изборните предмети.

Организирањето на процесот на изјаснување на учениците треба да содржи образложување (објаснување) од страна на наставниците кои ќе ги предаваат изборните предмети во наредната учебна година, на содржините кои ќе се изучуваат, на начинот на работа (формите и методите со кои ќе се работи) за соодветниот предмет и придобивките кои ќе ги стекнат учениците со изучување на даден изборен предмет. При објаснувањето секој од наставниците може да посочи како изучувањето на одреден изборен предмет може да допринесе (со здобиените знаења и стекнатите вештини) во олеснување и подобрување на образованието за одредени струки кои учениците ќе ги изберат како свое занимање во иднина. Секако при постапката на изјаснување на учениците треба јасно да им биде укажано дека не треба да изберат предмет кој веќе го изучувале. На овој начин учениците ќе имаат комплетна слика за секој од понудените предмети и ќе можат да се насочат при изборот на предметот според сопствените афинитети.

Формирањето на групите се изведува според добиените сознанија од изјаснувањето на учениците за изборот на предмет од изборната настава. Група се формира од ученици од едно или повеќе одделенија и бројот на учениците во групата не може да биде помал од 15. Доколку за определен понуден предмет се изјаснат помалку од 15 ученици, тие ќе бидат распределени во групите кои ќе изучуваат некој од останатите изборни предмети кои биле понудени. При ова

распределување треба да се обрне посебно внимание на изборните предмети кои овие ученици веќе ги изучувале, за да не дојде до повторување на изборен предмет кој веќе е изучуван од страна на некој ученик. При формирањето на групите треба да се внимава бројот на ученици во групата да не биде преголем, поради специфичноста на изборните предмети и начинот на работа во нивното изучување (изработка на проекти, истражувачки активности, тимска настава и слично), што би го намалило квалитетот на работа.

Распоредот според кој се изведува наставата за редовните и изборните предмети се изготвува по распоредувањето на групите за изборните предмети и доколку една група е формирана од ученици од повеќе одделенија, часовите од изборната настава треба да се распоредат по завршување на часовите од предметите од редовната настава, односно да бидат последни на распоредот. Во случаи кога има многу групи со ученици од различни одделенија, односно учениците од една паралелака се распоредени во групи од два или три предмети, вклопувањето на сите групи во распоредот е многу тешко, а некогаш дури и невозможно.

## 4.2. ВОДЕЊЕ НА ТИМОВИТЕ

Не постои тим без лидер. Улогата на лидерот во тимската работа, создавањето на тимот и неговото одржување е многу голема и многу работи зависат од квалитетот на водството. Имајќи ја во вид основната цел на лидерот на тимот, а тоа е насочување на групата за постигнување на заедничка цел, неговата улога може да се сфати како збир на следните активности[60]:

- поставување на целите на тимот;
- користење на вештините и квалитетите на најефикасен можен начин;
- давање личен пример преку сопственото однесување;
- разговарање за проблемите како што се појавуваат;
- редовно набљудување на работата на поединецот и групата и давање повратни информации;

[60] Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009), *Предизвиците на современото лидерство во образованието,* Битола: Херакли Комерц

- обезбедување на успешно извршување на задачата;
- обезбедување здрави врски помеѓу тимот и останатите тимови во организацијата.

Особено е значајно да се издвои прашањето за карактеристиките на успешните или ефективни тимови. Можеби најзначајната работа за ефективните тимови е климата или атмосферата во која тие работат и која тие ја создаваат. Успешните тимови не создаваат вештачка тензија и бариери. Кај нив постои посветеност кон задачата и целта, нема знаци на незаинтересираност, незадоволство или здодевност. Атмосферата во тимот е релаксирана, постои „здрава" конкуренција помеѓу членовите на тимот, а тие имаат високи очекувања.

Водачот на тимот не треба да биде личност која ќе доминира над другите личности во тимот. Истражувањата сугерираат дека луѓето кои доминираат не се избрани и прифатени водачи. Односите меѓу лидерот и членовите на тимот, меѓу самите членови од тимот и оние со другите тимови се засноваат на заемна почит и доверба, која вообичаено се шири и во околината во која тимот работи. Во исто време постои респект кон разликите во поединечните придонеси, вредностите и карактеристиките на личностите. Ова води кон отвореност и искреност во дискусиите и прифаќањето на одлуките дури и кога тие не се во корелација со поеделните мислења, ставови и интереси. Значајно е дека тимот е среќен, со правилен и чесен поглед кон резултатите, па и во поглед на барањата за подобрување на својата ефективност и ефикасност.

Тимовите претставуваат оперативни јадра на професионалната организираност на образовните организации. Во принцип, тимот е работна група составена од двајца или повеќе членови, која има посебно определена задача или цел. За извршување на таа задача или достигнувањето на таа цел, членовите на тимот се заеднички одговорни врз основа на внатрешна самоконтрола и воспоставување на посебна внатрешна клима, што ја карактеризира голема посветеност на групата кон целта, голема кооперативност и високи деловни стандарди.

**Together Everyone Achives More**

**Со заедничка работа секој постигнува повеќе[61]**

Тимска работа е заедничко дејствие на група луѓе во која секоја индивидуа ги подредува своите индивидуални интереси и мислења на единството и ефикасноста на групата. Негување на тимската работа подразбира креирање на работна култура која ја вреднува соработката. Луѓето кои живеат и функционираат во околина која охрабрува тимска работа веруваат дека размислувањето, планирањето, одлуките и дејствијата се подобри кога се направени кооперативно. Поединците веруваат и ја асимилираат идејата дека ниту еден од нив не е добар колку сите заедно.

Тим во кој помеѓу членовите на тимот се спроведуваат акции за споделување на знаењата ќе биде мотивирани додека членовите ги прошируваат своите знаења. Ако од тимот се одземе споделувањето на знаењето, тимот веќе нема да биде тим, членовите веќе нема да поседуваат големи знаења, нема да бидат информирани и конструктивната мотивација ќе исчезне.

Многу лидери ги ограничуваат подредените во можностите за учење, бидејќи тие сакаат неприкосновена контрола. Тие сакаат вработените да ги следат нивните наредби и не да го развиваат своето мислење и своите вредности. Со ваквите политики за контрола тешко е талентираните вработени да бидат признаени. Одговорноста на работниците може рано да се препознае, бидејќи соработници се првите кои ќе го признаат талентот на своите соработници.

## 4.3. ТИМСКА НАСТАВА

Тимската настава е најмоќниот образовниот систем во светот. Во процесот на тимската настава може да се разговара за проблемот кој е зададен, да се согледаат добрите и лошите страни во решавањето на проблемот, размената на знаење е екстремно брзо и има моќ да се надминат бариерите меѓу членовите на

[61] Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009), *Предизвиците на современото лидерство во образованието,* Битола: Херакли Комерц

тимот без оглед на нивната образовна позадина. Луѓето кои работејќи во тим ги споделуваат своите стекната знаења, го зголемуваат своето знаење, а тоа делува мотивирачки на другите членови на тимот. Луѓето, кои само ги преземат работите, нема да научат ништо. Луѓе, кои само даваат наредби, не инспирираат никого.

Денешната технологија овозможува експлозија од информации, кои имаат краток животен век. Вештините потребни за сегашниот начин на работа се потребни сега, не кога некој инструктор е на располагање за да не научи. Поради брзото движење на трендовите, настава во училница има ограничена вредност, тоа е премногу малку за предоцнежниот живот на учениците. За да се искористат предностите на новите трендови, тимската настава може да ги обезбеди потребните знаења и вештини навремено.

Наставата од еден или повеќе сродни предмети која ја реализира тим составен од поголем број на наставници се нарекува тимска. Во тимот улогите и задачите се поделени. Добра страна на овој систем на работа е рационализација на времето, збогатување на наставниот процес, подобра колерација на содржините од различни наставни области, подобар квалитет на работата.

Наставната работа тимската настава се организира по групи: поголеми по 100, а и повеќе ученици, средни по ученички одделенија, мали групи за различни облици на работа во кои има 10, 15, но и помалку ученици.

Асоцијативната тимска работа е пословжена. Стручниот тим заеднички не само што планира и програмира туку заеднички ја изведува наставата за поефикасно остварување на задачите. Наставниците по еден стручен предмет, да речеме македонски јазик, на почетокот на годината ги делат наставните теми и секој ја реализира својата тема во своето одделение. Кога во сите оддленија на еден клас работат наставници од иста струка, станува збор за хоризонтална тимска работа. Во вертикалната тимска работа работат повеќе наставници од различни струки во повеќе одделенија и класови, на пример во сите постари одделенија од основно училиште. Овој втор облик е попогоден за училиштата со помал број на одделенија.

Тимската работа во наставата или тимската настава настанала како реакција на слабостите на традиционалната настава, кои се изразени во нејзината

униформност, сервирањето на готовите знаења, запоставувањето на мотивацијата и творештвото, прилагодувањето на наставата според просечниот ученик, занемарувањето на диференцијацијата и индивидуализацијата во наставниот процес. Диференцијацијата на содржините низ многу предмети од наставниот план е преголема. Поради оваа расцепканост учениците често не можат да го согледаат проблемот во целина. Во наставата доаѓа до преклопување на исти или сродни содржини во различни наставни предмети, при што изостануваат економичноста и ефикасноста.

Во традиционалниот начин на организација на наставата, наставникот е изолиран од своите колеги, самостојно ја планира и организира наставата, самиот одлучува за обемот и длабочината (квалитетот и кавантитетот) на содржините кои ќе се обработуваат, сам ги избира наставните форми и методи. На овој начин на работа учениците немаат можност да видат како работат другите наставници кои го предаваат истиот наставен предмет, а со тоа и да ги согледаат нивните поинакви способности, интересирања и начини на работа за одделни делови од наставнот материјал.

Овие слабости може да се надминат со тимската настава, која може да се организира за одредена тематска целина и со корелација на повеќе наставни предмети.

Тимската настава подразбира тимови од ученици и тимови од наставници со различна големина, подразбира флексибилно планирање и реализација на наставниот материјал, различни големини на просторот и времето за остварување на планираните содржини и користење на голем број современи наставни средства. Во концепцијата на тимската настава се предвидува формирање на тимови од наставници, од ист или сродни предмети, кои со примерно (соодветно) планирање и реализација на наставата би ги интегрирале сродните содржини со што би допринеле за зголемување на економичноста и ефикасноста на наставата. Обединувањето на сродните содржини и диференцираниот пристап кон учениците (со работа со помали групи) квалитетот на наставата би бил изразено подобрен.

Организацијата на времето и работата во тимската настава се елестични, во зависност од обемот на наставните содржини кои се обработуваат, поставените задачи и возраста на учениците.[62]

За самостојната работа, која се применува во тимската настава, исто така, потребни се голем број на разновидни материјали, прирачници, лексикони, речници, технички и лабараториски средства.[63] Наставникот треба да ги упати учениците на начинот на користење на овие материјали за учениците да можат самостојно да учат.

Една од предностите на тимската работа е поголемата активност на учениците. Тие се во активна позиција, имаат прилика почесто да прашуваат, да одговараат, да учат во дијалог, да го искажуваат своето мислење.

Други предности на тимската настава се способност за креативна примена на стекнатите знаења, поголема ангажираност на учениците во процесот на учење, развивање на способност за истражување, за заклучување и за самостојно мислење, како и за создавање услови ученикот што е можно посамостојно да придонесува за својот развој.[64]

Тимската настава е сложен начин на работа. Успехот зависи од постојаната комуникација и соработка во тимот. Потребно е прецизно остварување на договорениот начин на работа и доследно почитување на јасно утврдената поделба на задачите во тимот.

Програмата која се реализира во рамките на тимската настава има дел кој е задолжителен за сите ученици и друг дел кој е незадолжителен (изборен) и е наменет за пообемна и подлабока обработка на одделни содржини, зависно од потребите, заинтересираноста и можностите на одделни ученици.

За добра тимска настава неопходно е училиштето да биде добро опремено со наставни средства, а посебно со технички и други средства за модерна наставна технологија. Битен фактор за успешна тимска настава е и просторот за работа кој

---

[62] Vilotijević, M., Vilotijević, N., (2008), *Timska nastava,* превземено од *http://www.edu-soft.rs/cms/mestoZaUploadFajlove/TIMSKA__NASTAVA_za_CD_.pdf*

[63] Vilotijević, M., (1999), *Didaktika 1,* Beograd: Naućna knjiga

[64] Прангоски, Р., Спасеска, М., Андоноски, П., (2004), „Интегрирање на наставните содржини преку тимска настава", *Образовни рефлексии бр.3-4/2004,* Скопје: Биро за развој на образованието

мора да биде флексибилен и да може да се преуредува во зависност од потребите и од големината на групите.

Тимската работа треба да се третира како синтеза од индивидуални и колективни идеи, концепција која се прифаќа глобално, а се реализира индивидуално и релативно самостојно.[65]

Тимската работа е ефективен начин за изведувањето на проектните задачи по изборните предмети. Изборните предмети, поради нивниот специфичен начин на изведување на наставата во која се изработуваат проекти, нуди огромни можности за тимска настава. При изведување на проектите по сите наставни предмети многу често се изработуваат компјутерски презентации на сработеното или темата која се обработува. При ова се користат веќе здобиените знаења на учениците од областа на информатиката, меѓутоа често се случува наставниците и учениците да имаат потреба од дополнителни знаења и помош при изработката на задачите. При планирањето на наставата од изборните предмети наставниците кои предаваат даден изборен предмет, често се консултираат со своите колеги кои го предаваат предметот информатика за да ги земат во предвид предзнаењата на учениците од областа на информатиката и да изврши квалитетно планирање на наставата. Вакви консултации можат да се изведат и со наставниците по други наставни предмети, на пример со наставникот по ликовно образование за да се утврдат вештините на учениците за работа со глина, ако во изборниот предмет се планира изработка на модели; со наставникот по математика за да се утврди предзнаењето на учениците за обработка на податоци од определено истражување или спроведена анкета и слично.

Изборниот предмет проекти од информатиката нуди големи можности при реализацијата на часовите да се изработат презентации од сите наставни предмети по желба на учениците, да се изработат документи во програмата за обработка на текст, каде ќе се обработат најразлични теми или ќе се напишат есеи на дадена тема, да се пресметува во програмата за табеларни пресметувања, да се креираат слики и др.

---

[65] Адамческа, С. (1996), *Активна настава (методички основи),* Скопје: Легис

Изучувањето на изборните предмети ги збогатува учениците не само со знаењата според наставната програма за одреден предмет, туку и добивање вештини за истражувачка работа, работа на проекти каде често се работи во тимови, се развива чувството на естетско прикажување на сработеното, се нудат можности за обработка на вонnаставни содржини и слично.

# 5. УЛОГАТА НА ДИРЕКТОРОТ ВО ПЛАНИРАЊЕТО, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ

Образовниот систем и институционалното школство, во последниве децении, се сретнуваат со мноштво иновации, коишто се предизвикани од промените во окружувањето. Од една страна дојде до длабоки промени во хуманизмот, а од друга страна техничко-технолошкиот развој доживува експанзија до ненасетени граници. Употребливоста на знаењата во одредени области е многу кратко, промените во општествата се случуваат многу брзо и во такви услови се менуваат системите на вредности, а со тоа и начинот на живеење.

Овој период за младите генерации се карактеризира со[66]:

- зголемување на желбата за подобар квалитет на живеење и создавање на нови добра;
- желба за запознавање на светот и нагласен авантуризам;
- поголема еколошка свест;
- желба за забава и удобен живот;
- поголема издивидуалност и самостојност.

Освен ова во општеството имаме појава на многу негативни појави како што се одредени зависности, некултурно и недолично однесување, полиберален однос

[66] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

во училиштата, немотивираност за одредени активности вон наставата и криза на вредностите и моралот.

Училиштето во ваквите околности е должно да се прилагоди на новото време и да им понуди на учениците начини за стекнување на современи знаења и вештини. Голема улога во исполнувањето на овие барање има директорот на училиштето. Поимот директор треба да се сфати како функција што некој поединец ја врши во некоја организација, односно звање што некое лице го носи при извршување на некоја водствена улога во организацијата. Директорот е и менаџер на организацијата. Пред менаџментот на училиштата се оставуваат нови, поинакви барања, а тој добива нова улога. Наместо досегашното задоволување на функцијата педагошки раководител, и повеќе или помалку, администратор, директорот на училиштето добива поголема општествена одговорност како водач, кој ги креира, промовира, реализира и евалвира промените во училиштето.

Менаџерската улога на директорот се огледа и во начинот на планирање, организација и реализација на изборната настава во основното образование. Промените во наставните планови и програми во основното образование настанаа за да се прилагоди образованието на потребите и желбите на учениците и тие да се здобијат со поголеми знаења, вештини и способности од определени области за кои се заинтересирани. Процесот на планирање, организација и реализација на изборната настава носи големи одговорности од директорот на училиштето.

## 5.1. ДИДАКТИЧКИ ПРИНЦИПИ ЗА УСПЕШЕН ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Новото време бара училишта од нов тип, а пак, таквите училишта бараат директори од нов ков – директори менаџери - вистински лидери во своите средини, способни да ја реализираат мисијата на училиштето и имаат визија за неговиот развој. Тие треба да умеат да воспостават план за развој на училиштето, а потоа како добри организатори и успешни евалватори истиот да го реализираат. За таа цел треба да бидат вешти комуникатори и вешти мотиватори, способни да се справат со сите предизвици, да се снајдат во непознати и проблем ситуации, да донесуваат и

спроведуваат одлуки при решавањето на проблеми. Особено е важно да умеат да создадат тим и клима на високи очекувања за успех, како кај наставниците, така и кај учениците.

За да биде успешен, воспитно – образовниот процес треба да се темели на определени дидактички принципи коишто треба да се почитуваат во сите фази на процесот. Такви дидактички принципи коишто мора да се почитуваат се[67]:

**Принцип на соодветност** – образовните содржини и методи треба да се прилагодени на способностите и потребите на учениците.

**Принцип на активно учество** – користење на активни методи во реализацијата на наставата, за да биде ефективен и ефикасен воспитно–образовниот процес.

**Принцип на нагледност** – на учениците во воспитно – образовниот процес треба да им се претставуваат и објаснуваат дејствијата, поимите, бараните способности на начин кој е разбирлив за нив. Тоа е можно само со соодветно избирање на методите за учење и стратегиите за поучување, како и со користење на потребните дидактички помагала.

**Принцип на систематичност и постапност** – означува дека е потребно систематично подредување на образовните содржини и нивно поместување во логичен распоред. За таа цел треба да се почитуваат следниве начела:

- од полесно кон потешко;
- од поблиско кон подалечно;
- од просто кон сложено;
- од едноставно кон комплексно.

**Принцип на поврзување на теорија со практиката** – означува дека она што го учат учениците треба да им користи во животот и работата.

**Принцип на трајност на знаењата** – укажува на тоа дека е потребно во училиштата да се користат такви форми и методи на работа, коишто ќе им овозможат на учениците да се стекнат со темелни и применливи знаења, коишто нема да бидат застарени.

---

[67] Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009), *Предизвиците на современото лидерство во образованието,* Битола: Херакли Комерц

Изборните предмети кои се изучуваат во третиот циклус на деветгодишно основно образование во целост ги задоволуваат гореспоменатите дидактички принципи. Реализацијата на наставата по изборните предмети во најголема мерка се одвива преку работа на проекти, при што се користат активни методи на работа со учениците. Во реализацијата на изборните предмети не се користи учебник, туку учениците најмногу самостојно, но и во соработка со наставникот изнаоѓаат начини за реализација на своите изработки. Темите кои се обработуваат во изборната настава се наменети да им ги зголемат знаењата на учениците, кои ќе бидат трајни и применливи и ќе им помогнат на учениците во понатамошниот живот и работата.

## 5.2. УЛОГАТА НА ДИРЕКТОРОТ ВО ВОСПОСТАВУВАЊЕТО УСПЕШЕН ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Љубовта или посветеноста кон наставничкиот позив, кон училиштето, колегите и учениците е основниот двигател на училишниот развој и ја детерминира антропоцентричната природност на училиштето. Таа овозможува полесно снаоѓање во комплексни, сложени и понекогаш хаотични динамички ситуации, какви што може да донесе воспитно-образовниот процес.

Членовите на училиштето – учениците и наставниците, имаат различни потреби, интереси, вредности, верувања, очекувања, стилови на однесување, стилови на комуницирање. Улогата на менаџментот во училиштето, во тој контекст, е да „изгради мостови“ меѓу овие различни концепциски излези.

Водењето преку комуницирање и мотивирање, или како уште може да се нарече – креативно водење, значи дека вработените и субјектите од окружувањето се третираат како партнери. Овој пристап подразбира двострана комуникација со социјалните партнери, што од своја страна овозможува почитување на нивните интереси, потреби и очекувања. Иновативното или претприемничкото водење означува непрекинато барање на нови решенија во надминувањето на постојаните проблеми и во усовршувањето на работата на училиштето.

Успешното училиште ги цени и почитува своите наставници и ученици, се грижи за одржување на училишната зграда, за дисциплината, за реализирање на училишниот курикулум, за редовното оценување и водење на училишната администрација.

Директорите при извршување на сите обврски може да го запазат формалниот стил на однесување, но можат да бидат успешни и со применување на неформален стил.

Секако дека не постои готов и универзален рецепт, но постојат некои практични совети за директорите, ако сакаат да ги искористат предностите на неформалниот стил на водење, а сепак да не се впуштаат во преголема блискост со своите подредени[68]:

- Директорот треба на работата да и пријде внимателно и без брзање. Потребно е определено време за да се проучат вработените, а за тоа треба да се обрне внимание на сигналите што се примаат од комуницирањето со нив. Во моментите кога се проценуваат ситуациите и луѓето, директорот треба да има формално однесување, бидејќи полесно е од формално да се пријде на неформално, отколку обратно.
- Директорот не мора да им биде пријател на вработените. Ова е нешто што оние кои доаѓаат на високи позиции го превидуваат. Во желбата да остават впечаток и да им се допаднат на вработените, тие се поставуваат премногу пријателски. Ова понатаму ќе им попречува во издавањето на наредби, во давањето критики, или при донесувањето на непопуларни одлуки. Пријателството на претпоставениот со вработените не значи и дека подобро ќе се работи. Односот може да биде и формален, а сепак да дава позитивни резултати.
- Работата треба да биде главна тема на разговор на директорот со вработените. Ова не подразбира исклучување на вообичаените формални теми коишто се значајни за создавање на релаксирана атмосфера за работа, но сепак треба да се има во вид дека главната цел на секој директор треба да

[68] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

биде успешното работење на организацијата. Затоа, тие треба на своите вработени да им ги кажат јасно и децидно своите очекувања; да им поставуваат прашања; да се информираат за сите организациски новини; да се сослушаат проблемите на вработените; да се охрабрат кога имаат проблеми. Сето ова може да се направи на неформален начин, но така што јасно се става на знаење дека работата има приоритет.

- Директорот не треба да биде опуштен во улогата на претпоставен. Постојат моменти кога претпоставениот ќе мора да употреби сила и да го истакне својот авторитет. Тој мора да биде подготвен да критикува, да го оценува постигнатото, да донесува одлуки коишто можеби ќе бидат тешко прифатливи за вработените. Ако во минатото директорот како наставник бил коректен, дисциплиниран, доследен и исполнителен, тогаш неговите забелешки ќе бидат прифатени и покрај негодувањата.

## 5.3. УЧИЛИШТЕТО КАКО ОРГАНИЗАЦИСКИ СИСТЕМ

Училиштето е специфичен систем и неговата хоризонтална диференцијација произлегува од поделбата на работата во училиштата и од тоа што овде се сретнуваат наставници од многу различни подрачја (природно-математичко, општествено-хуманистичко, јазично) и тие вообичаено се групирани од тој аспект во стручни активи на наставниците. Целта на менаџментот е да овозможи координација помеѓу овие активи, партиципирање во одлучувањето, протек на информации. Директорот на училиштето има задача да ја спречи појавата на фаворизирање на една или друга категорија на наставниците или друг персонал во училиштето.

Училиштето како воспитно-образовна институција претставува сложен, комплексен, динамичен, отворен и целесообразен организациски систем. Станува збор за специфичен организациски систем. Тоа произлегува од сознанието дека воспоставувањето на функционална училишна организација со соодветно организационо дизајнирана структура, има пред се, за цел и задача да продуцира такви активности кои ќе доведат до високи достигнувања и резултати на учениците.

Тоа практично значи дека централно место имаат резулататите на учениците. Нивото на овие резултати на учениците е детерминирано од средината во која работи училиштето, односно од верувањата, вредностите и очекувањата на општествената средина.

Сите училишта имаат многу слични образовни цели и задачи. Поединечните образовни активности или реализацијата на наставниот план и програма кои се усвоени ќе зависат од интерпретацијата на овие цели и задачи внатре во секоја институција. Активностите го опфаќаат и вклучуваат званичниот (актуелниот) план и програма (курикулум), што училиштата го имаат прифатено и треба да го спроведат, заедно со другите широки подрачја на активности кои интегрирано го определуваат целиот курикулум на училиштето. Од интерпретацијата на овој цел курикулум ќе зависи и неговата рефлексија врз заедничките вредности, верувања и приоритети.

За да може училиштето да ја оствари својата мисија, тоа треба да ги следи промените во општеството, но и самото да ги креира потребните промени. Промените во окружувањето влијаат на интересите, потребите и однесувањето на учениците, на нивната подготвеност за прифаќање или неприфаќање на определени начини на учење и модели на комуникација. Наставниците како носители на воспитно-образовниот процес во училиштата, најчесто очекуваат подобрување на својот статус во општеството. Притоа некои наставници се подготвени за применување на современа образовна технологија, некои не се подготвени или пак оспособени. Очекувањата на родителите во однос на училиштето честопати се противречни и различни, а тоа значи и нереални. Државата, во помала или поголема мерка поставува одредени барања и ограничувања. Јавното мислење проценува кои училишта се добри, а кои не.

Кога овие притисоци ќе се зголемат, учесниците во животот и работата на училиштето стануваат свесни за потребата од промени. Тие промени треба да се водат плански, систематизирано и организирано.

Планирањето и организирањето на изборните предмети може да ги доведе раководните структури во одредена позиција кога може непотребно да фаворизираат некоја група на предмети (природно-математичка или општествено-

хуманистичка), но ова е и можност кога директорите треба да ја истакнат својата објективност. Во понудата која ќе им се даде на учениците, за изборните предмети што тие може да ги изучуваат не треба да има фаворизирање на некоја од групите предмети, или на конкретен предмет, туку изборот да биде направен согласно желбата, потребите и интересите на учениците. При правењето на листата на изборни предмети, треба да се внимава и на фондот на часови кој го имаат наставниците, за да се овозможи правилна распределба на изборните предмети и групите кои ќе бидат формирани, се со цел секој од наставниците да добие определен фонд на часови.

Правилното распоредување на групите кои ќе изучуваат одреден изборен предмет, распоредувањето на предметите кои ќе бидат понудени и наставниците кои ќе ги предаваат изборните предмети, може да допринесе за остварување на високи резултати и достигнувања на учениците и до поголема мотивираност за работа кај наставниците, а користа од ова ќе ја има целокупниот образовен систем и општествената средина.

## 5.4. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Ова е основната функција на работењето на секое училиште и преку неа се исполнуваат основните функции на менаџментот на основната организација (планирање и програмирање, организирање и екипирање, водење, евалвирање и контролирање, одлучување, мотивирање). Битно е да се напомене дека без минимално задоволување на овие функции не може да работи и постои ниту едно училиште. Овој дел од внатрешната структура на училиштето во себе вклучува[69]:

- организација и реализација на наставните планови и програми (курикулумот);

[69] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

- екипирање, организирање, координирање и комуницирање на персоналот;
- поделба и групирање на учениците по паралелки и групи;
- распределба на часовите по предметни извршители и класни раководства;
- изготвување на распоред за учениците и наставниците;
- избор, применување и стратегија за развој на соодветна и современа образовна технологија;
- избор на книги, списанија и друг вид на стручна и педагошка литература за училишната библиотека;
- програми за работа на наставничкиот совет, стручните активи и други стручни лица, органи и тела;
- програми за работа со родителите на учениците.

Изборните предмети како дел од воспитно-образовниот процес во својата внатрешна структура ги вклучуваат сите горespoменати компоненти. Организацијата на изборните предмети претставува уште поспецифичен проблем бидејќи групите кои изучуваат определен изборен предмет се формираат ако за предметот се заинтересирани најмалку 15 ученици. Учениците во групата не мора да се ученици од исто одделение, туку се формираат од две, па некогаш и од повеќе одделенија. Останатите ученици од одделенијата во времето кога групата го посетува часот по изборниот предмет треба да го посетуваат изборниот предмет кој тие го избрале, доколку е можно да се направи вакво усогласување. Ова создава голем број на проблеми во правењето на распоред на часови, па изборните предмети најчесто се последни во распоредот на учениците.

Изборните предмети се организирани, најчесто преку проектни активности на учениците на определени теми кои ги задаваат наставниците, но често и по желба на учениците. Материјалите кои ќе ги користат учениците не се строго определени, па тие можат да црпат информации од најразлични извори, што дополнително го обврзува училиштето на поголеми материјални средства за

стручна литература, книги, енциклопедии, пристап до интернет, печатење и презентирање на изработките на учениците и сл.

Менаџментот на училиштето, односно неговиот директор е должен да ги направи сите потребни активности за надминување на проблемите кои се појавуваат во планирањето, организацијата и реализацијата на изборните предмети, па овде во голема мерка се гледаат неговите организациски способности.

За дизајнирање и развој на овој сегмент од внатрешната структура на училиштето неопходно потребни вештини на директорот, главно се стручната и едукативната способност. Основната функција на секое училиште е реализација на курикулумот и наставата. Наставата претставува процес во кој се реализираат содржините од курикулумот. Курикулумот во себе ги содржи потребите на државата, потребите за лично усовршување на индивидуата и потребите за стручно оспособување на индивидуата. Во центарот на курикулумот треба да се учениците. Со курикулумот, покрај потребните знаења, се даваат и неоходните вештини со кои треба да се стекнат учениците, исто како и ставовите кои тие треба да ги прифатат. Во тој контекст ќе наведеме некои од елементите во смисол на претходното што се содржани во курикулумот[70]:

- подготвување на учениците за живот во мултикултурен и мултиетнички свет;
- развивање кај учениците вештини за комуникација, за решавање на проблеми, за лично и општествено однесување;
- подготвување на учениците да ги разберат економските и индустриските процеси;
- поттикнување и развој на претприемничка свест и култура кај учениците;
- оспособување на учениците да се грижат за своето здравје;
- учениците да се подготвуваат за живот и работа.

Важноста на изборните предмети се огледа во фактот што изучувањето на изборните предмети се одвива со помала група на ученици, па наставникот има

[70] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

доволно време да обрне внимание на воспитната компонента на наставата, да ги развие вештините и способностите на учениците и да влијае на формирањето на карактерот на учениците. Учениците преку изучувањето на изборните предмети се здобиваат со искуство и развиваат комуникациски вештини за работа во група. Наставникот треба да им помогне на учениците да се изградат како комплетни личности, во рамките на своите можности. Директорот треба да допринесе во правилниот развој на личноста на ученикот со распоредувањето на „вистинските" наставници, на „вистинските" места, со овозможување на семинари и обуки за стручно доусовршување на наставниците, со подобрување на материјално-техничките услови за работа и слично.

Училиштата треба да се грижат нивните ученици да се стекнат со знаење и да се развиваат како граѓани, да се учат на тимска работа, да се подготвуваат за живот, да го осознаат светот на работата, да се подготвуваат како идни родители, да се грижат за околината, да го сфатат значењето на животот и системот на вредности, да развиваат позитивни ставови и да се подготвени за самопроценување.

Една од најважните менаџерски задачи на директорот е управување со курикулумот. Курикулумот може да се разгледува од три гледни точки, и тоа[71]:

**- од гледна точка на ученикот;**

**- од гледна точка на содржината на курикулумот;**

**- од гледна точка на општеството.**

Тоа може илустративно да се покаже со следниот триаголник:




[71] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

Овие точки се нагласуваат различно во различно време и акцентот се поместува од ученикот на содржината и општеството. Во срцето на образовниот процес лежи ученикот. Добриот наставник го третира ученикот исто како што градинарот се грижи за цвеќето, додека тоа да порасне и да се развие што е можно подобро. Кога го гледаме курикулумот од страна на општество, тоа се однесува на тоа како возрасните ја користат науката и колку тој свет на науката е потребен. Со помош на курикулумот учениците се стекнуваат со мисловни вештини и вештини што учат како да се научи. Наставниците сами одлучуваат за постапките на учење, колку нивното предавање ќе се заснова на курикулумот и колку надвор од него. Современиот наставник курикулумот го третира како рамка, а не како стега.

Современиот наставник кој е ставен пред предизвикот да реализира настава по изборните предмети се среќава со бројни проблеми меѓу кој и немањето на учебник по изборните предмети, па наставникот има повеќе работа околу подготовката за настава. Од друга страна ова остава голема слобода во креирањето на наставата по желба на учениците. Улогата на директорот во креирањето на наставата по изборните предмети е во тоа што тој може да допринесе за подобрувањето на наставата со давање на идеи за работа, мотивирање за работа според новите наставни методи, користење на современи наставни помагала, да ги пофалува наставниците и учениците за добро завршената работа, да обезбеди простор за излагање на изработките на учениците, да дава поддршка, како материјална, така и морална.

При планирањето на секој дел од курикулумот, важно е да се идентификува точно што учениците ќе добијат на крајот од тој дел. Во курикулумот посебен акцент се става на развојот на вештините на комуникација, решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки. Со вештините на учење, ученикот не се оспособува само да учи, туку и да поставува прашања, да истражува, да бара информации, да врши анализа и синтеза. Во процесот на решавање на проблеми, прв и основен чекор е дефинирање на проблемот, контролирање и генерирање на

идеи, донесување на одлуки и оценување на истите. На училиштето му е потребна политика на континуитет која го става нагласокот на[72]:

- потребата образованието да стане еден континуиран и кохерентен процес;
- подготовка на учениците за повисоко образование;
- оспособување на учениците преку процесот на учење, да формираат свои судови, ставови.

Задача на директорот е да изнаоѓа начини за развој на курикулумот и да дискутира со наставниот кадар што се е потребно за да им се помогне на учениците во усвојување на вештините, знаењето и концептите.

За да може едно училиште како организациски систем, да функционира и да ја спроведува својата мисија, неопходно е потребно да се воспостави добра организација на целокупното работење, со цел да се создадат предуслови за нормално реализирање на курикулумот и наставниот процес. Примарни менаџерски задачи на организацијата се[73]:

- ефективна организација за предавање и учење во училиштето;
- перманентен развој на персоналот;
- ефективно користење на времето, просторот и ресурсите.

Ефективната организација за предавање и учење е одговорност на директорот со цел да види дали постои организација која дава оптимални можности за учење и усовршување на персоналот. Во добра организација спаѓаат следниве принципи[74]:

- целокупната организација овозможува спроведување на целите;
- сите ученици имаат подеднакви права за користење на ресурсите;
- вештините и способностите на персоналот треба комплетно да се користат.

---

[72] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

[73] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

[74] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

Постојат докази дека училиштето е поефективно доколку во него се работи тимски и одлуките се донесуваат заеднички, а помалку успешно е она училиште во кое директорот ги донесува одлуките сам. Одлуките за организацијата во училиштето се важни за секој член од колективот и затоа е потребно тие да се донесуваат тимски.

## 5.5. ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОДЕЊЕ СОСТАНОЦИ

Состаноците се една од формите на тимска работа и најчесто се свикуваат и одржуваат во случаите кога е потребно да се донесе некаква одлука; да се разменат информации; да се решат некои проблеми; да се дадат идеи; да се соберат информации, предлози, мислења и слично. Водачите односно директорите се природно поврзани со процесот на организирањето и водењето на состаноците. Состаноците се поле на кое може да се победи  и да се стане „голем“, но и да се изгуби. Затоа директорите треба да знаат да организираат и да водат состанок.

Постојат повеќе типови на состаноци кои се организираат во зависност од ситуацијата поради која се организира состанокот. Во случај кога е потребно да се разрешат некои конфликти, односно да се добие заедничко прифатливо решение за страните вклучени во спорот, најдобро е да се организираат состаноци за преговарање, на кои ќе бидат седнати на заедничка маса сите инволвирани учесници. Состаноците за информирање се најчесто кратки состаноци на кои се објавува некоја информација. Состаноци за решавање проблеми се свикуваат со цел да се искористи креативноста на групата, за да се донесе добра одлука. Состаноците за донесување одлуки се организираат само за членовите кои имаат овластување да донесуваат одлуки и ваквиот состанок треба да биде добро структуриран и членовите да бидат информирани за донесената одлука. Состаноците за собирање или размена на идеи, се свикуваат со цел: да се презентира некоја идеа, да се информираат учесниците за некоја идеа или за да се согледа реакцијата на присутните во однос на таа идеја.

Планирањето и организирањето на изборните предмети бара организирање на повеќе состаноци со цел правилна распределба на часовите и поефективно

извршување на овој сегмент од воспитно-образовниот процес. Директорот е одговорен за целокупната организација на процесот кој е потребно да се помине, но поради обемноста на работата која претстои, најдобро е тој да оформи тим кој ќе му помогне во изведувањето на потребните активности. Најнапред директорот потребно е да одржи состанок со тимот на кој ќе се изврши распределбата на задачите на членовите на тимот. Потребно е дел од членовите на тимот да ја утврдат фактичката состојба во училиштето, бројот на часови за секој од наставниците во редовната настава, бројот и списокот на ученици кои посетувале одреден предмет во минатите години и сл. Ова се прави со цел да се запази законот за основно образование според кој ученикот смее да изучува одреден изборен предмет само еднаш во текот на третиот циклус на деветгодишното основно образование, односно ученикот од VII одделение не смее да го изучува истиот предмет што го изучувал во VI одделение, а ученикот од VIII одделение не смее да го изучува истиот предмет што го изучувал во VI и VII одделение. По собирањето на потребните податоци потребно е повторно собирање на тимот за да се утврди кој изборни предмети треба да им се понудат на учениците и кој наставници ќе бидат застапени во нивната реализација.

Во меѓувреме потребно е оддленските раководители, а по потреба и педагошката служба и директорот на училиштето, да одржат состаноци со учениците за да се утврдат желбите на учениците за изучување на определени предмети, со цел понудените изборни предмети да ги задоволуваат нивните желби, потреби и афинитети. Состаноците со родителите во оваа фаза на школување на нивните деца не се неопходни, поради тоа што тие веќе се запознаени со начините на избор на предметите што ќе ги изучуваат учениците. Меѓутоа по желба на родителите, или во случај кога треба да се направат дополнителни консултации или родителите треба да бидат информирани за одредени новини или проблеми, ваквите состаноци треба да бидат организирани.

Откако ќе бидат одржани сите потребни состаноци и собрани сите неопходни податоци, тимот ќе донесе одлука за најдоброто можно решение при понудата на изборните предмети, кое ќе ги задоволи потребите и на наставниците и на учениците. Составената листа на која се наведени најмалку три изборни

предмети им се дава на учениците, а тие избираат еден од понудените предмети, кој се разбира не го изучувале во претходните години на своето школување.

Анкетните ливчиња со заокружените одговори од страна на учениците, тимот на посебен состанок ги обработува, ја анализира состојбата и извршува распоредување на учениците по групи. Доколку за одреден предмет се изјасниле помалку од 15 ученици, односно не се создадени услови за формирање на група, потребно е повторно одржување на состанок со оние ученици кои сакале да го изучуваат предметот за кој нема доволен број заинтересирани ученици, за да се определат за друг изборен предмет од понудените.

Директорот на училиштето до комплетното организирање на изборната настава во училиштето потребно е да одржи состанок со лицето кое ќе биде задолжено за изготвување на распоредот на часови, со цел да му даде комплетни информации за условите, групите, поделбата на кабинетите, деновите во кои ќе бидат присутни наставниците во училиштето (доколку даден наставник работи во повеќе училишта) и др. што има влијание на изработката на распоредот на часови.

Оној кој го води состанокот, односно директорот на училиштето е одговорен за контролата на случувањата на состанокот, за разјаснувањето на целите и задачите, за активирањето на учесниците, за обезбедување на коректност на дискусиите и за времетраењето на состанокот. Водачот на состанокот не смее да се инволвира во содржината на задачата, ниту да нуди готови решенија и концепти. Покрај водачот, секој што присуствува на состанокот има одговорност и треба да се залага состанокот да биде успешен. Многу е важно секој член вистински да ја разбере целта на состанокот, дневниот ред и улогата на другите учесници во состанокот. Она што секој од нив треба да го даде како свој придонес кон секоја фаза од состанокот е тоа што, пред состанокот да го истражува предметот на состанокот од своја гледна точка, да подготвува разумни аргументи или против аргументи на документите што му се дадени за состанокот, дава забелешки за деталите, времето, датумот и се подготвува за својата улога што треба да ја има на состанокот. За време на состанокот ги слуша дискусиите, предлозите и мислењата на другите, дава придонес преку конструктивни сугестии, го одржува интересот и

вниманието на она што се дискутира. По состанокот секој учесник на состанокот ја извршува секоја задача што ќе му се додели на состанокот.

При водењето на состанокот треба да се почитува мислењето на секој учесник на состанокот, дискусијата да се насочува, учесниците да се мотивираат и да се биде подготвен за учење од другите. Особено значајно за водачот на состанокот е да знае активно да слуша. Активното слушање е комплексно однесување за време на состанокот што значи дека не треба да се зборува за своите чувства и проблеми, соговорникот да се гледа в очи, разбирањето да се покажува на невербален начин, да се стави на местото на другиот за да се разберат неговите факти и чувства, да не се биде пристрасен, да не се зазема страна кога двајца имаат спротивни дискусии, да не се упаѓа во збор, да се поставуваат прашања, да се даваат предлози и совети и да се повторуваат важните факти и чувства. Со еден збор, тоа значи да се слушне сопственото зборување, како и зборувањето на другите. Тоа исто така значи дека сите учесници на состанокот треба да обратат внимание на сите комуникациски канали, односно на искажаните зборови, јазикот на телото, тонот на гласот и емоционалната содржина. Треба внимателно да се фокусира на она што го зборува другиот, а не на реакцијата од него.

## 5.6. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Поимот директор, веќе напоменавме дека треба да се разбере како функција што некој поединец ја врши во некоја организација, односно звање што некое лице го носи при извршувањето на некоја водствена улога во организацијата. Работата во училиштата е поспецифична во однос на другите организации, па добро е директорот да ги поседува следните карактеристики[75]:

- **стручна** – директорот мора да има, во однос на другите вработени поголеми знаења и умеења од подрачјето на дејноста на организацијата на која е директор;

[75] Петковски, К. (1998), *Менаџмент на училиште,* Скопје: Просветен работник

- **кадролошка** – директорот мора да биде успешен во екипирање на кадарот, како при новите вработувања, така и при поставување на „вистинските" луѓе, на „вистински" места;
- **едукативна** – директорот треба како добар стручњак, да ги обучува вработените и да води грижа за нивниот професионален развој;
- **симболичка** – директорот треба да ја афирмира организацијата во пошироки рамки и да го гради нејзиниот имиџ;
- **културна** – директорите треба да влијаат на градење на училишната култура, како начин на однесување на секој поединец.

Во однос на изборните предмети директорот на училиштето треба да ги поседува сите карактеристики, но предност и се дава на кадролошката поради специфичноста на реализацијата на наставата по изборните предмети, поради што е посебно важно наставниците да бидат соодветно избрани, со што училиштето ќе биде по мерка на учениците. Треба да се истакне и важноста на другите карактеристики на директорот во организацијата на изборната настава во училиштето, за добивање на поквалитетна настава.

## 5.7. ФУНКЦИИ НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Лидерството во организацијата бара: професионален однос; изградена визија, мисија и систем на вредности; креативност; инвентивност; моќ за делегирање; управување со промените. За да ја обавува успешно својата одговорна работа, директорот на училиштето треба да извршува повеќе функции. Можат да се издиференцираат следниве функции на директор на современото училиште[76]:

- Планско-програмерска функција
- Организаторска функција
- Функција на водење
- Евалваторска и истражувачка функција

[76] Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009), *Предизвиците на современото лидерство во образованието,* Битола: Херакли Комерц

- Педагошко-инструктивна функција

## 1. Планско-програмерска функција на директорот

Со планирањето, педагошката и другата дејност на училиштето се прилагодуваат на дејствувањето на факторите кои влијаат на работата и животот на училиштето. Тоа претставува динамичен процес кој мора да се прилагодува на промените, на внатрешните и на надворешните услови во кои училиштата работат. Со планирањето се поставува организацијата на работата на училиштето: се определува неговата деловна политика; се врши селекција на содржините; се утврдуват потребните методи и процедури; бараните стандарди за квалитетот на работата и стратегиите за спроведување на потребните кадровски, материјални и финансиски потенцијали и се утврдуваат временските рамки.

За да се премине на планирање треба да се направи процена на постојната состојба, да се предвидат потребните промени, да се определат правците на делување и перманентно да се врши евалвација за да се има оценка до каде сме стигнале во остварувањето на планот.

Планирањето на изборните предмети е комплексна дејност која зависи од повеќе фактори, кои директорот на училиштетто мора да ги има предвид при планирањето на целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето.

## 2. Организаторска функција на директорот

Ова е мошне значајна менаџерска функција со чие извршување директорот на училиштето го заокружува целокупниот процес на работа на училиштето. Улогата на секој вработен во училиштето зависи од организацијата и нејзините функции за уредување на целокупниот систем на функционирање.

Со оваа функција на директорот се определуваат начините, методите, постапките и друго, со кои треба да се реализираат зацртаните програми и планови

за работа на училиштето. Според мислењето на Младен Вилотијевиќ искажано во неговата книга „Организација и раководење со училиштето": „Смислата на организацијата ја дава човекот. Тој се јавува и како субјект и како објект во организациските работи. Субјект е организаторот (диреректорот на училиштето, а може некогаш и некој друг), а објект се поединците во групата или училиштето во целина".

Функцијата на организирање на училиштето е многу значајна функција која директорот ја реализира прелу повеќе различни содржини, како што се[77]:

- воспоставување на организациска структура на училиштето и во тие рамки организирање на работата на определени сектори или активи;
- определување на стандарди на работењето;
- определување на распоред за работа (распоред за часови за наставата и воннаставните активности, како и распоред на другите активности во училиштето);
- организирање на наставниот процес и екипирање на училиштето за да може истиот успешно да се реализира;
- организирање на материјалното, финансиското и административно-техничкото работење на училиштето;
- организирање на процесот на евалвација.

Наведените содржини се вклучени и при организирањето на изборните предмети во училиштето, посебно поради нивната специфичност, па оваа функција на директорот е уште поизразена.

Ученикот според наставниот план во истото одделение мора да избере еден изборен предмет, а може да се определи и за два предмети во зависност од интересот и во согласност со родителите.[78] Ова уште повеќе ја усложнува организацијата на изборната настава во училиштата, а ја истакнува организаторската функција на директорот.

---

[77] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште*, Скопје: Биро за развој на образование

[78] *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието

## 3. Функција на водење на директорот

Оваа менаџерска функција е насочена кон тоа да се раководи со тоа *што* треба да се работи. Тоа пред се се однесува на ускладувањето на односите меѓу луѓето. Директорот на училиштето треба добро да ги познава состојбите во организацијата, да донесува одлуки и решенија и да определува задачи и активности што треба да се спроведат. Исто така е битно да определи носители на тие активности, да делегира овластување и одговорност и да даде насоки за работа.

Потоа, директорот ја следи реализацијата на работата на училиштето, истата ја координира и по потреба ја регулира, дава дополнително потребни инструкции, ја оценува работата на поединците и на училиштето во целина и ги мотивира извршителите.

Во сегментот на водењето со персоналот на училиштето, треба да се нагласи и кадролошката функција на директорот. Во тој контекст особено важно место има мотивацијата како значајна менаџерска функција. Целта на мотивацијата е да се одржи и поткрепи постојното работење или да се промени досегашното со нов начин или друг квалитет.

Мотивацијата кај личноста е комбинација од желба и енергија, насочени кон постигнување на целта. Да се влијае врз нечија мотивација значи да се убеди личноста сама да го направи она што треба да се направи. Мотивацијата на личноста зависи од две работи[79]:

- од интензитетот на определената потреба;
- од перцепцијата да се преземе акција со која ќе се задоволат одредени потреби.

Мотивацијата на наставниците кои предаваат изборни предмети треба да се насочува кон квалитетно организирање и реализација на наставата, со што учениците би биле задоволни и со задоволство би ги изучувале изборните предмети, а наставниците би имале доволен број на часови.

[79] Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

## 4. Евалваторска и истражувачка функција на директорот на училиштето

Не е можен никаков иден развој на училиштето ако се што е планирано и организирано не се следи и вреднува. Мерењата на постигнувањето на поединците и училиштето во целина е потреба за да се има повратна информација за степенот на реализацијата на работењето. Бидејќи во сферата на образованието многу педагошки појави, процеси и односи не може да се мерат директно, честопати е потребно директорот и да истражува некои состојби.

Оваа функција на директорот на училиштето ја опфаќа и контролата врз работењето на сите негови соработници. Евалвацијата е главно насочена кон работата и постигнувањата на наставниците и учениците. Системот за следење мора да биде сеопфатен, стабилен, селективен и рационален. Притоа многу е важна комуникацијата со персоналот, учениците, нивните родители, па дури и со социјалните партнери и членовите на локалната заедница.

За успешно спроведување на оваа функција директорот на училиштето користи различни методи, техники и постапки и за нив подготвува соодветни инструменти (прашалници, евиденциони листи, формулари). Добиените резултати се основа за идни зафати во сферата на планирањето, организирањето и водењето. Исто така, мошне значајно е, резултатите од евалвацијата да бидат основа за воведување на иновации или спроведување на промени во работата на училиштето. Добиените резултати и сознанија од процесот на самоевалвација на училиштето, се добра основа за изготвување на годишната програма за работа на училиштето.

## 5. Педагошко-инструктивна функција на директорот на училиштето

Директорот на училиштето покрај тоа што е планер, организатор, водач, евалватор и креатор на работата на училиштето како воспитно-образована институција, денес тој се повеќе станува и инструктор во работата на наставниците. Тој со своето искуство и знаење, треба да биде во состојба да ја спроведува потребната функционална обука на наставниот персонал. Тој треба да ги обучува

наставниците за новите техники, методи и педагошки форми на работа, новите стратегии за предавање и учење, начинот на користењето на современите наставни средства и помагала и сл.

Во реализацијата на оваа своја функција. директорот на училиштето треба да користи[80]:

- индивидуална форма на работа со персоналот, при што ќе им дава конкретна стручна помош и ќе им помага во надминувањето на сопствените слабости;
- да подготвува предавања за членовите на стручните активи и наставничкиот совет;
- да организира работилници и интерни семинари;
- да подготвува план за усовршување на наставниот персонал и во тие рамки да им овозможува учество на семинари, трибини, предавања, конгреси, конференции и сл. во сферата на образованието.

Со други зборови, директорот на училиштето треба да биде и иницијатор и организатор, па дури во еден дел и реализатор на сите претходно наведени активности. Тоа бара негово перманентно усовршување, следејќи ја современата домашна и светска литература за обука и усовршување на директорите од сферата на менаџментот во образованието, педагогијата и сл.

Извршувајќи ја оваа своја функција, директорот на училиштето практично ја покажува и докажува грижата за перманентно професионално усовршување на персоналот во училиштето, што несомнено е многу значајно за унапредување и усовршување на работата на училиштето.

Училиштето претставува сложен, комплексен, динамичен, отворен и целесообразен организациски систем. Функционалната училишна организација со соодветна организациска структура има за цел да продуцира активности кои ќе доведат до високи достигнувања и резултати на учениците.

---

[80] Петковски, К. (1998), *Менаџмент на училиште,* Скопје: Просветен работник

Промените кои ги донесе деветгодишното основно образование, донесоа бројни промени во наставните планови и програми. Изборните предмети се еден од сегменитите кои се новина во образовниот систем, а секоја новина носи определени проблеми кои училиштето треба на најдобар начин да ги пребороди.

За да се задоволат потребите на современото училиште, мора да се делува веродостојно што значи одговорно водење на училиштето, водење преку комуницирање и мотивирање.

Функцијата директор на училиште е најзначајната функција што некое лице ја обавува во рамките на училиштето. Директорот на училиштето за да ја извршува својата одговорна работа успешно, треба да извршува повеќе функции, кои се уште поизразени поради специфичноста на изборната настава.

Изборната настава е само еден сегмент од наставата кој треба да се набљудува во рамките, односно како дел на целокупниот воспитно-образовен систем. Одговорноста за планирањето, организирањето и реализацијата на наставата по изборните предмети, пред се, му припаѓа на директорот на училиштето, но и на сите останати учесници во наставниот процес, односно на наставниците и учениците. Правилното планирање и организација на изборните предмети, допринесува кон зголемување на квалитетот на наставата и прилагодување на образованието по мерка на учениците.

# 6. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Во врска со планирањето, организирањето и реализацијата на наставата по изборните предмети на учениците во основното образование не се правени многу истражувања бидејќи самиот процес е релативно нов. Истражувањата најчесто се насочени кон испитувањето на ставовите на наставниците и родителите во врска планирањето, организирањето и реализацијата на наставата по изборните предмети на учениците во основното образование, кое ги спроведува Министерството за образование и наука.

Анкетите кои се спроведувани покажуваат воглавно позитивни ставови, но дел од родителите сметаат дека „стариот“ начин на организирање на наставата во основното образование давал добри резултати, па не се потребни промени на истиот.

Сепак можеме да истакнеме дека сеуште нема доволно податоци кои би говореле за квалитетот на планирањето, организирањето и реализацијата на наставата по изборните предмети на учениците во основното образование. Поради тоа секое истражување од оваа област би придонело за унапредување и развивање на процесот на планирање, организирање и реализација на наставата по изборните предмети на учениците во основното образование.

Постојат мал број на истражувања кои се поврзани конкретно со изборната настава, а некои од нив, со кратко објаснување на содржината на статиите кои ги обработуваат се дадени во продолжение.

**- „Priprema nastavnika za realizaciju izbornih predmeta”, Dr. Slavica Maksić, Mr. Slavica Ševkušić, Institut za pedagoška istraživanja, Beograd**

Статијата претставува осврт на актуелните реформи на образовниот систем во Србија. Според тамошните искуства во врска со наставата по изборните предмети утврдена е евидентна потреба од дополнително образование на наставниот кадар, како во областа на наставните содржини, така и во областа на методско-дидактичката подготовка за работа во училиштата со ученици на определена возраст.

Воведувањето на поголем број на изборни предмети кои се задолжителни, за училиштата и учениците отвора проблем околу наставниот кадар кој успешно ќе ја реализира наставата по овие предмети.

Еден од правците на реформите на образовниот систем, кој започнал во 2001 година, во Србија, била диверсификацијата (воведувањето промени) на работата во училиштата, која ги опфаќа наставните содржини, наставните методи, целите, очекувањата и барањата во однос на постигнувањата и развојот на ученикот (Kovač-Cerović i Levkov, 2002). За разлика од поранешната единствена програма која

училиштата биле обврзани да ја реализираат, предложениот рамковен план и програма, претставува основа за конципирање на училишниот наставен план и програма, кој училиштата го осмислуваат и реализираат во склад со своите потреби и можности. Училишната програма, според тамошните закони, содржи задолжителен, изборен и факултативен дел. Еден од задолжителните изборни предмети е верска настава или граѓанско образование.

Секое основно училиште има обврска покрај овие предмети, да понуди и други изборни предмети, од кои ученикот избира уште еден предмет според сопствените афинитети. Прегледот на предметите кои им се нудат на учениците изобилува со разновидни предмети, како на пример убаво пишување, народна традиција, откривање на светот, чувари на природата, основи на информатиката и др.

Листата на изборни предмети за средните училишта зависи и е во согласност со правилниците за наставен план и програма, но може да биде дополнета од училиштето во согласност со струката која се изучува. Наставниот кадар кој ги предава изборните предмети се определени според видот на наставниот предмет.

Податоците од истражувањето кое е спроведено од Институтот за педагошки истражувања во текот на 2001 година, покажуваат дека мнозинството на анкетирани ученици од средните училишта и родителите на учениците од основните училишта има позитивен став кон воведувањето на веронауката во училиштата, но само за учениците кои го сакаат тоа (според Joksimovič i dr., 2002).

Во текот на првата половина на 2002 година, спроведена е евалуација на факултативната настава по граѓанско образование, која покажала неподготвеност на наставниците за настава и потреба од дополнителни обуки (Smith, Fountains and McLain, 2002).

Искуствата од реализацијата на изборните предмети во основните и средните училишта, укажува на потребата од дополнително образование на наставниот кадар. Програмите за обука на наставниците според испитувањата требало да содржат значајни теми и проблеми како што се основните карактеристики на интелектуалниот и социо-емоционалниот развој на децата и младите, карактеристики на детскиот морален развој, законитости и принципи на

воспоставување на успешни меѓучовечки односи во процесот на воспитание и образование во училиштата, основи на планирање и програмирање на различни нивоа, наставни методи и техники (Ševkušić, Maksić i Đurišić Bojanović, 2006).

Можно решение во обезбедување на наставен кадар за квалитетно извршување на новите функции во училиштата е во промените во образованието на наставникот и неговото стручно усовршување во текот на работата. Се бара високообразовен кадар, со широка култура, со добри познавања на базичните вештини (мајчин јазик, Странски јазици и информатика), специјализации за одредена област и различни ставови кон професијата наставник. Флексибилноста во мислењето и однесувањето на наставникот се можеби најважните особини на наставникот, а овие особини во извесна мера можат да се вежбаат и развиваат (Maksić, 2006). Пожелно е вклучување на личните интересирања, таленти и вештини во професионалната кариера на наставникот со цел тој да направи програма за релевантниот изборен предмет, да иновира, да го менува и да соработува со другите наставници.

**- „Мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието“, Виолета Петроска-Башка, Мирјана Најческа, Николина Кениг, Сафет Балажи, Ана Томовска**

Студијата претставува анализа на релевантните наставни планови и програми за задолжителните и изборните предмети во основното образование од аспект на мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието и изнесени се следните констатации.

Со наставниот план за деветолетката е предвидено да се нудат Јазикот и културата на Власите, Јазикот и културата на Ромите и Јазикот и културата на Бошњаците како посебни изборни предмети, кои континуирано ќе се изучуваат од III до IX одделение со по два часа неделно. Преку овие предмети се уважува мултиетничкиот и мултикултурниот аспект на земјата, особено ако со нивната реализација се опфатат, не само ученици што се припадници на наведените етнички заедници, туку и ученици што им припаѓаат и на другите етнички групи во земјата.

Во наставните програми за животни вештини, во сите три циклуса од деветолетката, непосредно се вклучени цели што бараат стекнување знаења, вештини и ставови кои треба да овозможат учениците да ја прифатат мултикултурната/мултиетничката реалност на земјата. Меѓу активностите опишани во прирачниците кои наставниците треба да ги спроведуваат на одделенските часови, има такви кои се посебно наменети да ги обучуваат учениците за практикување толеранција и почитување на етничките и културните разлики и да промовираат односи на меѓузависност како вредност. Така на пример, во прирачникот за третиот циклус е воведена и активност преку која учениците, независно од јазикот на наставата, учат и основни фрази од јазиците на различните етнички заедници. Во прирачниците се исто така вклучени и активности кои се непосредно наменети за разбивање на постојните етнички и родови стеротипи, осудување на дискриминацијата и потенцирање на еднаквоста по етничка и религиска основа (главно во темата „Јас и другите“).

Во наставниот план за деветолетката се внесени повеќе изборни предмети кои, покрај некои од задолжителните предмети, можат да послужат како добра основа за прифаќање на мултиетничката реалност во земјата и за развивање меѓуетничка толеранција меѓу учениците. Таков е предметот Запознавање на религиите, наменет за учениците од VI-VII одделение, како и предметите што се наменети за учениците од VII-IX одделение: Истражување на родниот крај, Нашата татковина, Танци и народни ора, Проекти од музичката уметност.

**Наставни програми за изборните предмети**

Следува преглед на наставни програми за изборните предмети од третиот период на деветгодишното основно образование кои се најподатливи за реализација на мултикутурни содржини.

Според наставната програма, сите делови на предметот **Истражување на родниот крај** се структурирани во вид на истражувачки активности. Таа нуди содржини кои би можеле многу соодветно да го третираат прашањето на мултикултурна толеранција, но програмата тоа не го бара експлицитно, ниту го наведува како конкретна или општа наставна цел. Некои од целите на програмата се

фокусирани на културно-историското наследство и културните настани, а други се насочени кон промовирање соработка со локалната заедница. Темите преку кои треба да се постигнат наведените цели нудат можност наставниците да определат конкретни активности коишто би можеле да помогнат во разбирањето на културата и традицијата на етничките заедници коишто живеат на дадена територија.

За предметот **Нашата татковина** наведени се развојни цели кои предвидуваат запознавање со историското и културното наследство на земјата и развивање почит кон сите културни традиции и народи што живеат во земјата. Покрај овие цели, коишто се директно поврзани со развивање меѓуетничка толеранција, и сите други цели предвидени за овој предмет може посредно да влијаат врз меѓуетничките односи. Такви се конкретните цели кои укажуваат на осознавање на значењето на културно-историските споменици или соработка со различни институции и други училишта, со кои се предвидува запознавање со локалитети и институции кои не се исклучиво од една верска/ национална провиниенција (пр. Даут-пашин Амам, Шарена џамија, Албански театар).

Во општите цели на наставната програма на предметот **Танци и народни ора** не се наведуваат цели коишто би можеле директно да се поврзат со мултикултурноста на македонското општетсво. Но, како конкретна наставна цел на темата играорни подрачја се наведува запознавање со поделбата на народните ора по етногеографските подрачја во земјата.

Во општите цели на предметот **Проекти од музичката уметност** не се спомнуваат цели поврзани со мултикултурализмот. Сепак во темата Музичкиот фолклор околу нас предвидено е проширување на знаењата за народните песни и обреди поврзани со празници.

Постојат бројни истражувања на темата на проектното учење, активната настава, тимската настава и други поими кои се поврзани со изборната настава, а јас ги издвоив следните истражувања:

**„Интегрирано учење во основното образование“ од Бисера Трпчевска и Доц. Д-р Ристо Христов**

Интегрираното учење претставува учење во кое се остварува интеракција односно меѓусебни односи помеѓу ученикот, наставникот и алатките за учење и ваквото учење е обележје на активната настава.

Интегрираното учење е составен дел од активната настава во основното образование. Активната настава создава услови квалитетот на наставата да се вреднува од аспект на самоактивност на ученикот и негова директна вклученост во усвојувањето на знаењата преку интеракција со наставникот и со другите ученици.

Интегрираното учење во педагошка смисла се толкува како систем на интеграциони зафати во рамките на целокупниот процес на наставата. Активната настава го проширува значењето на интегрираното учење и ги вклучува родителите како и стручните лица од одредени области како посредни и непосредни учесници во наставниот процес.

Во трудот е извршена анализа помеѓу традиционалната настава и наставата со користење на компјутер и истакнати се нивните предности и недостатоци. Исто така даден е осврт на активната настава која како обележје го вклучува интегрираното учење. Со воведување на компјутерите во основното образование, се постигнува потполно нова организација на наставната активност приспособена на индивидуалните способности и интереси на учениците. Со нивна помош се задоволуваат образовните потреби на сите ученици, во зависност од нивното развојно ниво. Предноста од ваквиот начин на работа е што и неактивните ученици стануваат активни, а соработката и дружењето меѓу учениците се зголемува бидејќи работат во групи. Во традицианалната настава наставникот ги презентира содржините, додека со примена на активнта настава учениците истражуваат, самостојно работат и добиваат дополнителни знаења.

Наставникот во активната настава ја менува својата улога од изложувач на наставните содржини во соработник со поголемо искуство. Учениците се групираат во зависност од нивните знаења и можности, со што училишната средина се хуманизира, а учењето станува полесно и поинтересно.

Обележјата на активната настава се следните: активност, интеракција, интегрирано учење, истражување, индивидуализација и диференцијација, социјализација и тимска работа.

**„Тимска работа и тимска ефикасност", Александар Делев, Ba in Marketing, University of Sheffield, UK.**

Истражувањето претставува преглед на академска литература за улогата на модерниот менаџер во областите на мотивирање, организирање и како крајна цел, водење на тим. Пронајдоците од истражувањето се презентирани во четири дела и ги опфаќаат најважните аспекти од бизнис врската помеѓу менаџерите и нивните тимови.

**Тимска работа**

Со зголемената потреба за организациска флексибилност, употребата на тимови станува еден од најважните аспекти од функционирањето на многу компании. Во студијата истакнати се следните размислувања:

- **Салас** (2006) опишува тим како група на луѓе, составена за да постигнат одредена цел.
- **Кастка** (2002) тврди дека работата во рамките на еден тим има повеќе димензии и тоа може да се подели на 3 нивоа: индивидуално ниво, ниво на тимот и ниво на поголемата организациска структура.
- **Салас** (2002) тврди дека важен дел од тимската работа е поставувањето и дефинирањето на јасни цели, како и начини на кои тие цели ќе бидат остварени.
- **Гелдензоф** (2006) тврди дека тимовите мора да имаат внатрешна атмосфера на учење и високо ниво на прилагодливост кон новите предизвици од надворешната средина.

**Тимска ефективност**

Како резултат на долгогодишните истражувања, денес можат да се најдат неколку теории и идеи за тоа како најдобро може да се процени тимската ефективност.

- **Сандрстром** (1990) тврди дека тимската ефективност има два дела: фидбекот кој членовите на тимот го добиваат од муштериите и внатрешната атмосфера во тимот. Ова имплицира постојана посветеност на членовите на тимот да инвестираат време и напор да го подобрат работењето заедно. Тука менаџерот ја има главната улога преку изградбата на тимска култура внатре во групата.

**Мерење на тимскиот перформанс**

Успешноста на тимовите на крај го одредува и севкупниот перформанс на компанијата, така да ефективни менаџери кои се способни да воспостават добри односи помеѓу членовите на групата и да изградат добри комуникациски канали се од голема важност за успехот на секој проект со кој се справува тимот.

Менаџерите мора да знаат да го постават вистинскиот перформанс бенчмарк за својот тим, и да имаат знаење и искуство како да го проценат перформансот на индивидуално и тимско ниво врз основа на тој бенчмарк.

**Улогата на менаџерот во перформансите на тимот**

- **Варвел** (2004) тврди дека менаџерите мораат да научат како да ги проценуваат сите членови на нивните тимови, односно дека сите членови на тимовите мора да бидат третирани како еднакви.
- **Моере** (2006) тврди дека менаџерот мора да има способност да решава проблеми, како и вештина да предвиди и да спречи нови проблеми уште пред да се случат. Менаџерите можат да создадат средина во која ќе има малку, или пак воопшто нема да има простор за грешки, во која ќе следат одлични резултати, на индивидуално, тимско и организациско ниво.

**„Understanding Projects in Project-based Learning: A Student`s Perspective" , Michael M. Grant, The University of Memphis**

Учењето базирано на проекти нуди метод на образование кој дава автентично учење на база на задачи поврзани со личните интереси на учениците. **Blumenfeld et al.** (1991) идентификуваат неколку важни моменти кај овој вид учење:

а) двигателно прашање, задача или проблем

б) изработка на еден или повеќе продукти кои претставуваат решение до кое дошол ученикот за поставеното прашање, задача или проблем.

Учењето настанува при изработката на продуктите и крајниот продукт е важен за наставните цели. Мотивацијата да се направи добар проект е поголема доколку му е важна или интересна темата на која е прашањето или задачата.

**Tassainari** (1996) и **Worthy** (2000) дополнително потврдуваат дека учењето базирано на проекти им нуди на учениците можност да го водат, менаџираат и надгледуваат своето учење со себе наведување и регулирање.

**Grant&Branch** (2005) истакнуваат дека некои часови со учење базирано на проекти содржат и дел за рефлексија, како на пример кратко размислување на крај од часот, дневник на учење или приспособени листи за проверка.

Многу од принципите на учењето базирано на проекти се слични и застапени и во учењето преку решавање проблеми, но кај учењето со проекти крајниот резултат е „изработката", односно изготвениот проект, решение, задача, а кај учењето преку решавање на проблеми, решението не е толку важно колку знаењето што се стекнува додека да се дојде до него.

**Mitchell et al.** (2009), сугерираат наставниците да го применуваат учењето базирано на проекти како „хибриден" метод, комбиниран со други видови на поучување.

Како и претходно споменатото, резултатите од проектот, односно создадениот „производ" не е показател дали и колку учење настанало во текот на изработката, па како алтернатива се даваат портфолијата како начин да се видат сите аспекти на учечко-поучувачкиот процес.

**Arter and Spandel** (1992) ги опишуваат портфолијата како „целисходна колекција од изработките на учениците, кои им покажуваат и на ученикот и на другите кои ќе го видат портфолиото колку напор, труд, успеси и напредок е забележан кај ученикот.

**„Project-based Learning for the 21st Century: Skills for the Future", Stephanie Bell, Western Connecticut State University**

Stephanie Bell (2010) во својата студија за "Учење базирано на проекти за 21виот век: Вештини за иднината", појаснува дека PBL (Project-based Learning – учење основано на проекти) е иновативен пристап кон учењето кој вклучува мноштво стратегии клучни за успех во XXI век.

Учениците го насочуваат своето учење со прашување и истражување, понекогаш и со соработка, а со цел да напрват проекти кои ќе го рефлектираат нивното знаење. Учениците воедно добиваат и организациски и компјутерски/технички вештини, како и способности за решавање на проблеми.

Учењето базирано на проекти е учење водено од учениците, а овозможено и потпомогнато од наставникот. Учениците бараат и добиваат знаење преку поставување на прашања и истражување на теми кои го побудуваат нивниот интерес. Учениците имаат или развиваат прашање, истражуваат, секако надгледувани од наставникот, а изработките се презентираат пред одбрана публика. Учениците решаваат реални проблеми преку изработка на проект, планирање на сопственото учење, организирање на истражувањето и имплементирање на множтво стратегии за учење.

Во една британска студија, во период од 3 години, учениците од едно училиште биле поучувани по математика на традиционален начин, а во друго училиште преку учење базирано на проекти. Три пати поголем број на ученици кои учеле преку учење базирано на проекти постигнале највисоки оцени на државниот / национален испит / тест отколку учениците од традиционалното училиште. **Boaler** (1999) појаснува дека учениците од двете училиште можеле да применуваат

формули и да решаваат задачи, но учениците биле супериорни во решавање на концептуални и применети проблеми/задачи. Овој истражувач заклучил дека учениците кои применувале учење базирано на проекти се стекнале со поинаков вид на знаења.

**Thomas** (2000) дава слични наоди кои се забележани и во сојузната држава Мејн, каде едно училиште по само една година на применување на учење базирано на проекти во наставата, забележало значително подобрен успех по сите предмети (3 до 10 пати повисоки резултати од државниот просек).

Учениците кои го применуваат учењето базирано на проекти решаваат реални, секојдневни проблеми и задачи, како на пример во една студија каде на ученици им било наложено принципите на геометрија да ги применат во архитектурата, да направат концепт за изградба на занимална за Општинскиот центар, а по оценувањето на проектите/ нацтрите, 84% од нив биле оценети како доволно добри по нив да се гради. Ова е извонредна мерка за успехот на учењето базирано на проекти, вели **Thomas** (2000), а особено затоа што тие ученици добиле добри оцени и на традиционалните тестови.

Нашите ученици со учење базирано на проекти развиваат вештини за XXI век, кои ќе им помогнат да станат продуктивни граѓани во глобалното општество. Многу од тие вештини не можат да се измерат со стандардизираните тестови. Оценувањето е автентично, се оценува по рубрики и листи, но оценувањето вклучува и само-оценување и рефлексија. Учениците учат од самиот процес.

Она што максимално не убеди ***ЗА*** учење базирано на проекти е фактот дека учениците бргу се прилагодуваат на новиот начин на учење и возбудата и ентузијазмот за учење преку проекти. Ширум училницата се слуша громогласно одобрување за секој нов најавен проект. „Тоа е поентата на учењето базирано на проекти" – вели Stefanie Bell.

**„Subject choise by students in year 12 in Australian secondary schools", Sue Fullarton, John Ainley, Australian Council for Education Research**

Студијата се занимава со изборните предмети во средните училишта во Австралија. Учениците во повишите одделенија во училиштата во Австралија, не се само со различно социјално и економско потекло, туку се разликуваат и во претходните достигнувања, интереси и желби за успех. Затоа, важно е следење на природата на наставнита програми и надгледување на изборот на предмети од страна на учениците за да се осигури дека учениците ќе следат настава од секакаков карактер, која ќе им даде знаења и вештини за исполнивање на личните животи, успеси на професионален план и можност за придонесување во општеството во кое живеат.

Изборот на предмети влијае и на пристапот до понатамошното образование и обуките, изборот на струката, како и на котирањето на пазарот на трудот. Забележително е дека учениците од поситуирани семејства, од приватни училишта, првенци на генерации и ученици на кои англискиот не им е мајчин јазик, избираат предмети кои им обезбедуваат понатамошно високо образование и професионализација. Учениците кои немаат таква заднина, односно потекло најчесто бараат предмети кои водат кон усовршување и оспособување за определена струка.

Оваа студија на база на податоци од 1995 година, на претходно изведуван проект, кога се разгледувала демографската распределеност и достигнувањата во писменоста и податоци од 1998 за застапеноста на предмети кои ги избираат учениците. Вообичаено на учениците им се нудат од 4 до 6 изборни предмети. Истражувањата покажале дека скоро сите ученици изучуват еден англиски предмет, скоро 90% изучуваат математички предмет, а потоа следуват предметите од областа на биологија, општествени науки и физика. Момчињата избираат повеќе предмети од областа на математиката, физичките науки, технички и компјутерски предмети и физичко образование. Девојчињата најчесто одбираат англиски, општествени предмети, биолошки предмети, уметност, други јазици и здравствени предмети.

Во споредба со претходна студија од 1994 година забележано е дека има значително зголемен број на одбрани предмети од групата на стручни предмети и стручни обуки. Ако се спореди социо-економското потекло на учениците ќе се види дека 19,3% од учениците од посиромашно семејство избираат стручен предмет, наспроти 8,7% од учениците од ситуирани семејства. Учениците на кои англискиот не им е мајчин јазик не бираат стручни предмети. Во споредба со претходните студии, оваа студија покажува зголемен интерес за технички и компјутерски предмети.

# II . МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на ова истражување е планирањето, организирањето и реализацијата на изборните предмети во третиот циклус на деветгодишното основното образование. Предметот ќе се испитува од повеќе аспекти: формирањето на листа со понудени изборни предмети од страна на училиштето, самостојноста на учениците при изборот на предметот и значењето на успехот од соодветниот (сроден, компатибилен) предмет од редовната настава на изборот на ученикот, предностите (придобивките) на учениците од вклученоста во изучувањето на изборните предмети во третиот циклус на деветгодишното основно образование, проблеми со кои се соочуваат наставниците и раководните лица при реализација изборната настава и сл. Со истражувањето ќе се утврди фактичката состојба за планирањето и организирањето на изборната настава во основните училишта и ќе се утврдат начини за подобрување на овој процес .

Квалитетното планирање и организирање на наставата по изборните предмети придонесува за целосниот развој на личноста на детето, што допринесува за постигање на повисоки знаења и вештини, почитување на индивидуалните можности и потенцијали на учениците, поттикнување на нивниот развој, како и почитување на моралните и културните вредности.

## 2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова истражување е да се испита планирањето, организирањето и реализацијата на изборните предмети според интересот на учениците во третиот циклус на деветгодишното основно училиште.

Според карактерот во ова истражување е применето истражување, индивидуално и дескриптивно.

# 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Задачите на истражувањто се:

3.1. Да се испита начинот на избор на изборните предмети од страна на училиштето

3.2. Да се испита самостојноста во одлучувањето на учениците за одделен изборен предмет

3.3. Да се испита колку успехот на ученикот по соодветниот (сроден, компатибилен) предмет од редовната настава има значење за изборот на изборниот предмет (на пр. оценката по предметот музичко образование допринесува да се избере предметот проекти од музичката уметност, оценката по предметот информатика допринесува да се избере предметот проекти од информатика итн.)

3.4. Да се испита колку е обезбедена материјално-техничка и дидактичка поддршка за успешно изведување на проектите по изборните предмети

3.5. Да се испита колку учениците ја развиваат својата самостојност и одговорност преку изборните предмети

3.6. Да се испитаат образовните потреби на наставниот кадар кој изведува настава по изборните предмети.

3.7. Да се испита како претставувањето на изработените проекти ја зголемува самодовербата односно презентерските способности на учениците

3.8. Да се испита колку раководниот и стручниот менаџмент во училиштето ја подржува организацијата и унапредувањето на наставата по изборните предмети во своето училиште

# 4. ХИПОТЕЗИ

Општа хипотеза:

$X_0$ Планирањето и организирањето на наставата во основните училишта по изборните предмети е во согласност со индивидуалните желби и потреби на учениците

Посебни хипотези:

$X_1$ Успехот на ученикот по соодветниот (сродниот, компатибилниот) предмет од редовната настава има значење на изборот на изборниот предмет

$X_2$ Училиштата имаат обезбедено материјално-техничка и дидактичка поддршка за успешно изведување на проектите по изборните предмети

$X_3$ Учениците ја развиваат својата самостојност и одговорност преку изборните предмети

$X_4$ Наставниот кадар кој изведува настава по изборните предмети има посебни образовни потреби

$X_5$ Претставувањето на изработените проекти по изборните предмети ги зголемува самодовербата односно презентерските способности на учениците

$X_6$ Раководниот и стручниот менаџмент го подржува организирањето и унапредувањето на наставата по изборните предмети во своето училиште

# 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Независни варијабли:

- изборни предмети, училишен простор, материјално-техничка опрема, наставни помагала, наставен кадар, наставен процес, успех по соодветен предмет од редовна настава, наставни програми, иновативност на учениците, раководна структура на училиштето

Зависни варијабли:

-ефикасност на планирањето и организирањето на наставата по изборните предмети во основно образование, самостојноста на учениците, одговорноста на учениците, самодовербата на учениците

При дефинирањето на хипотезите дел од варијаблите се јавуваат во улога на зависни и во улога на независни варијабли.

# 6.МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Методи кои се користат во ова истражување се:

- индуктивен-дедуктивен метод
- дескриптивен метод
- аналитичко-синтетички метод

Од техниките на истражување се применуваат:

- анкетирање - се користи за испитување на ставовите на учениците
- SWOT анализа – се користи за испитување на ставовите на наставниците
- диригирано (структурирано) интервју – се користи за испитување на ставовите на раководниот и стручен кадар

Инструменти на истражувањето се:

- прашалник за испитување на ставовите на учениците
- листа за SWOT анализа за испитување на ставовите на наставниците кои предаваат изборни предмети
- листа со насочени прашања за испитување на ставовите на директорите и стручните соработници

Анкетниот прашалник (скалата на процена) содржи прашања од затворен тип кои нудат три одговори на поставените тврдења: се согласувам, делумно се согласувам, не се согласувам.

Наставниците (сите наставници од подрачјето на Општина Илинден кои предаваат изборни предмети), пополнуваат листа за SWOT анализа за испитување на ставовите за предностите, слабостите, можностите и заканите во планирањето, организацијата и реализацијата на изборните предмети. Ќе се испитуваат зачестеноста на одговорите кои ги даваат наставниците за слабостите, предностите, можностите и предизвиците со кои се среќаваат при работата.

Структурираното интервју со раководниот и стручен кадар на основните училишта на територијата на Општината Илинден се користи за испитување на состојбата со планирањето и организацијата на изборната настава во училиштата, односно за тоа дали на избор се даваат сите изборни предмети или само оние кои може да ги предаваат наставниците кои имаат недоволен број на часови, искуство за заинтересираноста на учениците за одредени предмети, прблеми со распоредување на групите, проблеми со креирање на распоред, обезбедување на просторни и технички услови за изведување на изборна настава, потреба од воведување на нови изборни предмети и сл.

# 7.ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

Истражувањето опфаќа ученици од завршното одделение од основните училишта во Општина Илинден (ОУ „Гоце Делчев“ н. Илинден, ОУ „Ристо Крле“ с.Кадино, ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци), сите наставници кои предаваат изборни предмети од наведените училишта, како и раководниот и стручниот менаџмент од Општина Илинден. Со истражувањето се испитаат ставовите на учениците, наставниците и раководниот и стручен кадар на училиштата за начинот на планирање, организирање и реализација на изборните предмети. Ќе се користи едноставен случаен примерок од испитаници кој ќе биде основа за тестирање на поставените хипотези и генерализација на добиените заклучоци.

Табела за бројот на анкетирани ученици

| Училиште | Број на анкетирани ученици | Процентуална застапеност од вкупниот број |
|---|---|---|
| ОУ „Гоце Делчев“ - Илинден | 72 | 60% |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 30 | 25% |
| ОУ „Ристо Крле“ | 18 | 15% |
| Вкупно | 120 | 100% |

Табела за бројот на анкетирани наставници

| Училиште | Број на анкетирани наставници | Процентуална застапеност од вкупниот број |
|---|---|---|
| ОУ „Гоце Делчев“ - Илинден | 8 | 44,4% |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 5 | 27,3% |
| ОУ „Ристо Крле“ | 5 | 27,3% |
| Вкупно | 18 | 100% |

Табела за бројот на раководни и стручни лица опфатени со техниката интервју за потребите на истражувањето

| Училиште | Број на анкетирани раководни и стручни лица | Процентуална застапеност од вкупниот број |
|---|---|---|
| ОУ „Гоце Делчев“ - Илинден | 2 | 33,3% |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 2 | 33,3% |
| ОУ „Ристо Крле“ | 2 | 33,3% |
| Вкупно | 6 | 100% |

# 8.ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е спроведено во наведените основни училишта етапно односно училиште по училиште во траење од еден месец.

# 9. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Добиените податоци се обработени со помош на групирање, пребројување и на дистрибуција на фрекфенција.

Со потврдувањето или непотврдувањето на хипотезите се докажува степенот на ефикасност на планирањето, организирањето и реализацијата на наставата по изборните предмети. Обработката на податоци се спроведува вкупно за сите училиште при што податоците се внесуваат во табели и се пресметува проценуалната застапеност на добиените одговори и се донесуваат заклучоци.

# III АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ НА СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА СО УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Анкеката е спроведена на 120 ученици од училиштата на територија на општина Илинден, односно во училиштата: ОУ „Гоце Делчев“ н.Илинден, ОУ „Ристо Крле“ с.Кадино и ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци.

Табела за бројот на анкетирани ученици

| Училиште | Број на анкетирани ученици | Процентуална застапеност од вкупниот број |
|---|---|---|
| ОУ „Гоце Делчев“ - Илинден | 72 | 60% |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 30 | 25% |
| ОУ „Ристо Крле“ | 18 | 15% |
| Вкупно | 120 | 100% |

Анкетниот прашалник содржи 19 тврдења од затворен тип и за секое тврдење учениците избираа една од понудените можности „Се согласувам“, „Делумно се согласувам“, „Не се согласувам“. Анализата на добиените резултатати следува во продолжение.

**Тврдење бр.1**

**Самостојно го одбрав изборниот предмет според сопствените афинитети.**

Добиените честоти на понудените одговори се дадени во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 110 | 6 | 4 |

Табела на честотите на понудените одговори за тврдење бр.1

Од понудената табела можеме да согледаме дека за понуденото тврдење 110 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 6 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 4 ученици дека не се согласуваат со тврдењето.

Вредностите изразени во проценти се запишани во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 91,67% | 5,00% | 3,33% |

Дадената табела покажува дека 91,67 % од учениците од основните училишта во општина Илинден кои учествуваа во анкетирањето се согласуваат со понуденото тврдење. Со тврдењето делумно се соглесуваат 5,00% од испитаниците, а 3,33 % од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графички ова може да се прикаже со следниот графикон:




**Пресметувања на $\chi^2$ тестот за анализа на резултатите на поставените тврдења**

$f_t$ - Очекувани фрекфенции (за приметок од 120 испитаници со 3 понудени можности за избор) - 120/3=40

$f_0$ - Добиени фрекфенции од спроведеното истражување

N – број на понидени можни одговори - 3

Степенот на слобода се пресметува со: N – 1 = 3 – 1 = 2

Од следната табела се одредува соодветната гранична вредност на ниво од 5%.

| SS | P = 5 % (0,05) |
|---|---|
| 1 | 3,84 |
| 2 | 5,99 |
| 3 | 7,81 |
| 4 | 9,49 |
| 5 | 11,1 |
| 6 | 12,6 |
| 7 | 14,1 |
| 8 | 15,5 |

Таа вредност за 2 степени на слобода на ниво од 5% изнесува 5,99.

Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 1. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 110 | 40 | 70 | 4900 | 122,5 |
| 6 | 40 | -34 | 1156 | 28,9 |
| 4 | 40 | -36 | 1296 | 32,4 |
| | | | | **183,8** |

По извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци може да констатираме дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале. Со други зборови, мислењето на учениците статистички значајно се разликува од она кое случајно би се добило, односно од она, кое како случајно би било рамномерно распределено.

**Тврдење бр.2**

**Наставниците ни сугерираа кој предмет да го избереме.**

Честотите на добиените одговори на ова тврдење се дадени во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 15 | 29 | 76 |

Од табелата можеме да согледаме дека за понуденото тврдење 15 од учениците се согласуваат со тврдењето, 29 ученици делумно се согласуваат, а 76 ученици не се согласуваат со тврдењето.

Процентуалната застапеност на добиените одговори се запишани во табелата:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 12,50% | 24,17% | 63,33% |

Од дадената табела согледуваме дека 12,50% од анкетираните ученици се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење, делумно се соглесуваат 24,17% од испитаниците, а 63,33% од испитаниците не се согласуваат со тврдењето.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 2. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 15 | 40 | -25 | 625 | 15,625 |
| 29 | 40 | -11 | 121 | 3,025 |
| 76 | 40 | 36 | 1296 | 32,4 |
| | | | | **51,05** |

Извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци покажува дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и случајно очекуваните.

**Тврдење бр.3**

**Предметот кој го изучувам го одбрав во согласност со моите другари.**

Честотите на добиените одговори од испитаниците се дадени во табелата:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 52 | 43 | 25 |

Понудената табела ни овозможува да согледаме дека за понуденото тврдење, 52 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 43 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 25 ученици дека не се согласуваат со тврдењето.

Следната табела ја прикажува застапеноста на одговорите изразени во проценти:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 43,33% | 35,83% | 20,84% |

Според резултатите прикажани во табелата констатираме дека 43,33% од учениците кои учествуваа во анкетирањето се согласуваат со понуденото тврдење, 35,83% од испитаниците делумно се соглесиле, а 20,84% од испитаниците не се согласуваат со тврдењето.

Податоците според честотите на тврдењето се прикажани со графикот:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 3. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 52 | 40 | 12 | 144 | 3,6 |
| 43 | 40 | 3 | 9 | 0,225 |
| 25 | 40 | -15 | 225 | 5,625 |
| | | | | **9,45** |

Добиените податоци од $\chi^2$ анализата покажува дека постои статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале.

**Тврдење бр.4**

**Предметот кој го изучувам го одбрав поради високиот успех по соодветниот предмет од редовната настава (пр. оцената по информатика влијаеше да изберам Проекти од информатика како изборен предмет)**

Табелата подолу ја прикажува честотата на добиените одговори:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 51 | 51 | 18 |

Резултатите претставени во табелата ни помагаат да согледаме дека со понуденото тврдење се согласуваат 51 ученик, исто така 51 ученик делумно се согласуваат, а 18 ученици не се согласуваат со тврдењето.

Процентуалните вредности се прикажани во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 42,50% | 42,50% | 15,00% |

Дадената табела ни го покажува следното: 42,50% од анкетирените ученици се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, делумно се соглесиле 42,50% од испитаниците, а 15,00% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:



Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| твердење бр 4. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 51 | 40 | 11 | 121 | 3,025 |
| 51 | 40 | 11 | 121 | 3,025 |
| 18 | 40 | -22 | 484 | 12,1 |
| | | | | **18,15** |

После извршената $\chi^2$ анализа и добиените податоци од неа може да согледаме дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале.

**Тврдење бр.5**

**Предметот кој го изучувам го одбрав во согласност со моите родители.**

Честотите на одговорите кои се добиени на анкетата се дадени во табелата:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 44 | 30 | 46 |

Од понудената табела согледуваме дека за понуденото тврдење 44 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 30 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 46 ученици не се согласуваат.

Добиените вредности изразени во проценти се запишани со табелата:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 36,67% | 25,00% | 38,33% |

Табела ни го покажува следното: 36,67% од учениците од основните училишта во општина Илинден кои учествуваа во анкетирањето се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење. Со тврдењето делумно се согласиле 25,00% од испитаниците, а 38,33% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 5. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 44 | 40 | 4 | 16 | 0,4 |
| 30 | 40 | -10 | 100 | 2,5 |
| 46 | 40 | 6 | 36 | 0,9 |
| | | | | **3,8** |

Извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци покажува дека не постои статистички значајна разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале. Ова значи дека мислењето на учениците статистички значајно не се разликува од она кое случајно би се добило.

**Тврдење бр.6**

**Задоволен сум од изборот кој го направив за изборниот предмет**

Табелата со честотите на добиените одговори е следната:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 97 | 21 | 2 |

Табела ни овозможува да констатираме дека 97 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 21 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 2 ученика не се согласуваат со тврдењето.

Добиените резултати претставени процентуално се запишани во табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 80,83% | 17,50% | 1,67% |

Претходната табела покажува дека 80,83% од учениците учесници во анкетирањето, се согласуваат со понуденото тврдење, делумно се соглесиле 17,50% од испитаниците, а 1,67% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 6. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 97 | 40 | 57 | 3249 | 81,225 |
| 21 | 40 | -19 | 361 | 9,025 |
| 2 | 40 | -38 | 1444 | 36,1 |
| | | | | **126,35** |

$\chi^2$ анализата на добиените податоци покажува дека постои значајна статистичка разлика меѓу резултатите кои случајно би ги очекувале и добиените резултати. Значи мислењето на учениците статистички значајно се разликува од она кое случајно би се добило, односно од она, кое како случајно би било рамномерно распределено.

**Тврдење бр.7**

**Часовите од изборната настава ги зголемуваат моите знаења од предметот.**

Честотите на добиените одговори се дадени во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 101 | 15 | 4 |

Податоците прикажани во табелата покажуваат дека 101 од учениците се согласуваат со понуденото тврдење, 15 ученици делумно се согласуваат, а 4 ученици не се согласуваат со тврдењето.

Разултатите од анкетата прикажани во проценти се во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 84,17% | 12,50% | 3,33% |

Табела дадена претходно ни го покажува следното 84,17% се согласуваат со понуденото тврдење, делумно се соглесуваат 12,50% од испитаниците, а 3,33% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 7. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 101 | 40 | 61 | 3721 | 93,025 |
| 15 | 40 | -25 | 625 | 15,625 |
| 4 | 40 | -36 | 1296 | 32,4 |
| | | | | **141,05** |

Податоците кои се добиени и подложени на $\chi^2$ анализа ни покажуваат дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и случајно очекуваните.

**Тврдење бр.8**

**Стекнувам солидни вештини за работа од изборниот предмет.**

Добиените честоти на одговорите кои беа понудени се во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 97 | 22 | 1 |

Од понудената табела можема да согледаме дека за понуденото тврдење 97 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 22 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 1 ученик дека не се согласува со тврдењето.

Вредностите изразени во проценти се запишани во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 80,83% | 18,33% | 0,84% |

Табела со добиените податоци ни покажува дека 80,83% од анкетираните ученици од основните училишта во општина Илинден се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење. Со истото тврдењето делумно се согласиле 18,33% од испитаниците, а 0,84% од испитаниците не се согласуваат со него.

Приказот на податоците со графикон е следниот:



Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 8. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0-f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 97 | 40 | 57 | 3249 | 81,225 |
| 22 | 40 | -18 | 324 | 8,1 |
| 1 | 40 | -39 | 1521 | 38,025 |
| | | | | **127,35** |

Извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци покажува дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале.

**Тврдење бр.9**

**Тимската работа на часовите од изборната настава и изготвувањето на проекти по истите го зголемува другарството меѓу соучениците.**

Честотите на добиените одговори на понуденото тврдење се во табелата:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 84 | 27 | 9 |

Од табелата можеме да согледаме дека за понуденото тврдење 84 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 27 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 9 ученици дека не се согласуваат со тврдењето.

Во проценти изразени вредностите се запишани во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 70,00% | 22,50% | 7,50% |

Претходната табела ни овозможува да согледаме дека 70,00% од учениците кои учествуваа во анкетирањето се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење, делумно се соглесиле 22,50% од испитаниците, а 7,50% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Следува графичкиот приказ на резултатите:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 9. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 84 | 40 | 44 | 1936 | 48,4 |
| 27 | 40 | -13 | 169 | 4,225 |
| 9 | 40 | -31 | 961 | 24,025 |
| | | | | **76,65** |

$\chi^2$ анализата покажува дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале

**Тврдење бр.10**

**Проектите кои ги реализирам по изборниот предмет ја развија мојата самостојност.**

Испитаниците одговорија со следната честота на одговори:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 63 | 43 | 14 |

Табела со резултатите од анкетата покажува дека за понуденото тврдење 63 од учениците се согласуваат со тврдењето, 43 ученици делумно се согласуваат, а 14 ученици не се согласуваат со тврдењето.

Застапеноста на одговорите изразена во проценти:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 52,50% | 35,83% | 11,67% |

Распределеноста на податоците во табелата ни покажува дека 52,50% од анкетираните ученици се согласуваат со понуденото тврдење. Со тврдењето делумно се соглесиле 35.83% од испитаниците, а 11,67% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 10. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 63 | 40 | 23 | 529 | 13,225 |
| 43 | 40 | 3 | 9 | 0,225 |
| 14 | 40 | -26 | 676 | 16,9 |
| | | | | **30,35** |

$\chi^2$ анализата на добиените податоци покажува дека постои статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале.

**Тврдење бр.11**

**Работејќи во тим на часовите по изборниот предмет ја подобрив својата одговорност.**

Табелата во продолжение ја покажува честотата на добиените одговори:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 76 | 33 | 11 |

Резултатите во табела ја покажуваат следната состојба: 76 од учениците се согласуваат со тврдењето, 33 ученици делумно се согласуваат, а 11 ученици не се согласуваат со тврдењето.

Процентуалните вредностите се запишани во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 63,33% | 27,50% | 9,17% |

Дадената табела ни покажува дека 63,33% од учениците се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење, делумно се соглесиле 27,50% од испитаниците, а 9,17% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 11. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 76 | 40 | 36 | 1296 | 32,4 |
| 33 | 40 | -7 | 49 | 1,225 |
| 11 | 40 | -29 | 841 | 21,025 |
| | | | | **54,65** |

По извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци може да заклучиме дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале, односно случајно би биле рамномерно распределени.

**Тврдење бр.12**

**Работата во тим ми помогна да научам да го бранам моето мислење.**

Добиените одговори се појавуваат со следната честота:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 71 | 38 | 11 |

Според резултатите од табелата можеме да согледаме дека за понуденото тврдење 71 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 38 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 11 ученици дека не се согласуваат со тврдењето.

Процентуалната застапеност на одговорите се запишани во табелата:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 59,17% | 31,67% | 9,16% |

Табела ни  го покажува следното: 59,17% од анкетираните ученици од основните училишта се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење. Со тврдењето делумно се соглесиле 31,67% од испитаниците, а 9,16% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Резултатите од изјаснувањето се прикажани со следниот графички приказ:



Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 12. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 71 | 40 | 31 | 961 | 24,025 |
| 38 | 40 | -2 | 4 | 0,1 |
| 11 | 40 | -29 | 841 | 21,025 |
| | | | | **45,15** |

Табелата од извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци покажува дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и случајно очекуваните. Значи мислењето на учениците статистички значајно се разликува од она кое случајно би се добило, односно од она, кое како случајно би било рамномерно распределено.

**Тврдење бр.13**

**Претставувањето на изработките на изборниот предмет ги зголеми моите вештини за презентирање.**

Табела на честотите на добиените одговори:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 74 | 32 | 14 |

Со анализирање на понудената табела можема да согледаме дека за понуденото тврдење 74 ученици се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 32 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 14 ученици дека не се согласуваат со тврдењето.

Добиените резултати запишани во проценти се изразени во табелата:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 61,67% | 26,67% | 11,66% |

Добените резултати покажуваат дека 61,67% од учениците кои учествуваа во анкетирањето се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење, делумно се соглесиле 26,67% од испитаниците, а 11,66% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 13. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 74 | 40 | 34 | 1156 | 28,9 |
| 32 | 40 | -8 | 64 | 1,6 |
| 14 | 40 | -26 | 676 | 16,9 |
| | | | | **47,4** |

$\chi^2$ анализата која е извршена на добиените податоци покажува дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале.

**Тврдење бр.14**

**Задачите кои ми ги задава наставникот по изборниот предмет го будат мојот интерес.**

Честотите на добиените одговори се дадени во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 74 | 39 | 7 |

Од прикажаната табела согледуваме дека со понуденото тврдење 74 ученици се согласуваат, 39 ученици делумно се согласуваат, а 7 ученици не се согласуваат.

Процентуална застапеност на одговорите:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 61,67% | 32,50% | 5,83% |

Табела со процентуалната застапеност ни го покажува следното: 61,67% од учениците кои учествуваа во анкетирањето се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење, додека со тврдењето делумно се соглесиле 32,50% од испитаниците, а 5,83% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графички приказ на резултатите:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 14. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 74 | 40 | 34 | 1156 | 28,9 |
| 39 | 40 | -1 | 1 | 0,025 |
| 7 | 40 | -33 | 1089 | 27,225 |
| | | | | **56,15** |

Мислењето на учениците статистички значајно се разликува од она кое случајно би се добило што се покажува од извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци.

**Тврдење бр.15**

**Претставувањето на изработките на изборниот предмет ги зголеми моите вештини за презентирање.**

Табела според честотите на добиените одговори:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 70 | 32 | 18 |

Од понудената табела можеме да согледаме дека за понуденото тврдење 70 ученици се изјасниле дека се согласуваат, 32 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 18 ученици дека не се согласуваат со тврдењето.

Вредностите изразени во проценти се запишани во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 58,33% | 26,67% | 15,00% |

Табела ни покажува дека 58,33% од учениците се согласуваат со понуденото тврдење. Со тврдењето делумно се соглесиле 26,67% од испитаниците, а 15,00% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 15. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 70 | 40 | 30 | 900 | 22,5 |
| 32 | 40 | -8 | 64 | 1,6 |
| 18 | 40 | -22 | 484 | 12,1 |
| | | | | **36,2** |

Значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале се покажува со извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци.

**Тврдење бр.16**

**Сакам јасно да ми се нагласени изворите од кои треба да црпам информации за проектните задачи.**

Честотите на одговори на понуденото тврдење се дадени во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 71 | 32 | 17 |

Според распределбата на податоците можеме да согледаме дека за понуденото тврдење 71 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 32 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 17 ученици дека не се согласуваат со тврдењето.

Вредностите изразени во проценти:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 59,17% | 26,67% | 14,16% |

Според податоците во табелата согледуваме дека 59,17% се согласуваат со понуденото тврдење. Со тврдењето делумно се соглесиле 26,67% од испитаниците, а 14,16% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Приказ на податоците со графикон:



Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 16. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 71 | 40 | 31 | 961 | 24,025 |
| 32 | 40 | -8 | 64 | 1,6 |
| 17 | 40 | -23 | 529 | 13,225 |
| | | | | **38,85** |

Извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци покажува дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале. Ова значи дека мислењето на учениците статистички значајно се разликува од она кое како случајно би било рамномерно распределено.

**Тврдење бр.17**

**Новите наставни методи и техники го зголемуваат мојот интерес кон предметот.**

Табела на честотите на добиените одговори:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 81 | 29 | 10 |

Од понудената табела согледуваме дека за понуденото тврдење 81 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 29 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а не се согласуваат 10 ученици.

Во проценти изразени вредностите се запишани во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 67,50% | 24,17% | 8,33% |

Табелата ни покажува дека 67,50% од учениците се согласуваат со понуденото тврдење. Со тврдењето делумно се соглесиле 24,17% од испитаниците, а 8,33% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 17. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 81 | 40 | 41 | 1681 | 42,025 |
| 29 | 40 | -11 | 121 | 3,025 |
| 10 | 40 | -30 | 900 | 22,5 |
| | | | | **67,55** |

Мислењето на учениците статистички значајно се разликува од она кое случајно би се добило, односно од она, кое како случајно би било рамномерно распределено, заклучуваме од извршената $\chi^2$ анализа на добиените податоци.

**Тврдење бр.18**

**Материјално - техничките услови за работа ги задоволуваат потребите кои ги имаме при изработка на задачите.**

Резултатите од добиените честоти на одговорите се дадени во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 61 | 38 | 21 |

Понудената табела ни овозможува да согледаме дека за понуденото тврдење 61 од учениците се изјасниле дека се согласуваат со тврдењето, 38 ученици се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 21 ученици дека не се согласуваат со тврдењето.

Во проценти изразени вредностите се запишани во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 50,83% | 31,67% | 17,50% |

Дадената табела ни покажува дека 50,83% од учениците кои учествуваа во анкетирањето се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење. Со тврдењето делумно се соглесиле 31,67% од испитаниците, а 17,50% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Следува графичкиот приказ на резултатите:




Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 18. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 61 | 40 | 21 | 441 | 11,025 |
| 38 | 40 | -2 | 4 | 0,1 |
| 21 | 40 | -19 | 361 | 9,025 |
| | | | | **20,15** |

Податоците по извршената $\chi^2$ анализа покажуваат дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале.

**Тврдење бр.19**

**Учебник по изборниот предмет ќе ја олесни мојата работа по предметот.**

Честотите на добиените одговори се дадени во следната табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 56 | 27 | 37 |

Со понуденото тврдење 56 од учениците се согласуваат, 27 ученици делумно се согласуваат, а 37 ученици не се согласуваат, што се согледува од понудената табела.

Процентуалната застапеност на вредностите се запишани во табела:

| се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
|---|---|---|
| 46,67% | 22,50% | 30,83% |

Прикажаната табела ни го покажува следното 46,67% од учениците од основните училишта во општина Илинден кои учествуваа во анкетирањето се изјасниле дека се согласуваат со понуденото тврдење. Со тврдењето делумно се соглесиле 22,50% од испитаниците, а 30,83% од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење.

Графичкиот приказ на резултатите е следниот:



Табела на пресметувањата на $\chi^2$ тестот

| тврдење бр 19. | | | | |
|---|---|---|---|---|
| $f_0$ | $f_t$ | $f_0$-$f_t$ | $(f_0-f_t)^2$ | $(f_0-f_t)^2/f_t$ |
| 56 | 40 | 16 | 256 | 6,4 |
| 27 | 40 | -13 | 169 | 4,225 |
| 37 | 40 | -3 | 9 | 0,225 |
| | | | | **10,85** |

$\chi^2$ анализата применета на добиените податоци покажува дека постои значајна статистичка разлика меѓу добиените резултати и оние кои случајно би ги очекувале. Ова значи дека мислењето на учениците статистички значајно се разликува од она кое случајно би се добило, односно од она, кое како случајно би било рамномерно распределено.

Анализата на добиените податоци од страна на учениците на тврдењата од 1 до 5 покажува дека учениците во голема мерка самостојно одлучуваат за предметот кој ќе го изучуваат. При анализата на податоците може да констатираме дека определено влијание има изборот на другарите од одделението, што најчесто произлегува од желбата да се биде со соучениците и на часовите по изборните предмети, бидејќи во спротивно ученикот би требало да се навикнува на работата со други ученици. Постигнатиот успех по соодветниот предмет кој го изучува ученикот од редовната настава според искажувањата на учениците, влијае на изборот, односно учениците кои избираат определен изборен предмет, често имаат висока оцена по соодветниот предмет од редовната настава, со што **се потврдува хипотезата $X_1$**. Ова е очекувано, бидејќи кога ученикот е заинтересиран за определена област, вложува повеќе труд за изучување на истата, меѓутоа според изјаснувањето на учениците не е пресуден фактор во одлучувањето. Извршената анализа на добиените податоци за влијанието на мислењето на родителите врз одлуката на учениците кој изборен предмет ќе го изучуваат, покажа дека не постои статистичка значајна разлика меѓу добиените податоци и оние кои случајно би се очекувале, најверојатно поради фактот што најголем број од родителите го почитуваат мислењето на своите деца, односно учениците самостојно одлучуваат за

предметот кој ќе го изучуваат. Податоците добиени од анкетниот прашалник за влијанието односно сугестиите на наставниците врз учениците кој предмет да се одбере како изборен предмет, доведуваат до констатација дека вакви влијанија не се присутни во училиштата во кои е извршена анкетата што радува и дава за право да констатираме дека планирањето и организирањето на изборната настава е правилно спроведено.

Тврдењата од бр.6 до бр.15 се однесуваат на развојот на позитивните карактеристики кај учениците. Според дадените тврдења и одговорите кои се избрани од учениците, може да констатираме дека учениците сметаат дека имаат предности од изучувањето на изборните предмети. Учениците во најголема мерка го прифаќаат тврдењето дека на часовите од изборната настава се зголемуваат нивните знаења, што произлегува од фактот што изборната настава се реализа преку самостојна работа на учениците, со што тие имаа доволно време за практична работа и продлабочување на своите знаења за темите кои се обработуваат. Според претходно кажаното соодветствуваат и резултатите на тврдењето дека со изучувањето на изборните предмети стекнуваат солидни вештини за работа, бидејќи на часовите од изборната настава се посветува големо внимание на увежбување на активностите кои на редовната настава биле само теоретски обработени или се посветило мало време за нивно увежбување. Тимската работа на часовите по изборните предмети и изготвувањето на проекти по истите според мислењето на анкетираните ученици допринесува за равивање на другарството, бидејќи при работата на проекти учениците имаат активна меѓусебна комуникација, разменуваат мислења и идеи, си помагаат во извршување на поставените задачи, се гордеат со постигнатите резултати.

По прашањата за развивање на позитивните карактеристики, како развивање на одговорност, подобрување на вештините за презентирање и способноста да се брани своето мислење на анкетниот паршалник беа понудени неколку тврдења. Според анализата на резултатите добиени од анкетирањето, учениците во најголема мерка се изјасниле дека изборната настава ги подобрува овие нивни карактеристики, поради начинот на изведување на наставата на часовите по

изборните предмети, каде изготвувањето на зададените задачи или изработката на проекти бара изведување на активности во опредлено време, соработка со соучениците каде секој треба да даде свој придонес во изготвувањето на изработката, при што треба да го даде своето размислување и да се избори за него. Презентирањето на проектите е важно колку и изработката на истите, па вештините кои ќе ги развијат учениците во овој период од нивното школување во голема мерка ќе им користат во понатамошниот живот.

Анализата на податоците според дадените одговори од страна на учениците, доведува до констатација дека помал број на ученици во однос на другите понудени тврдења (околу половина од анкетираните), на тврдењата дека ја развиваат својата смостојност и самодоверба се изјасниле дека се согласуваат со тврдењата, но голема е бројката и на учениците кои делумно се согласуваат со овие тврдења. Размислувањата на учениците наведуваат на констатацијата дека учениците кои учат во третиот период од деветгодишното основно образование, според возраста која ја имаат во овој период на нивното школување, не се доволно самостојни и наставниците треба да им ја дадат потребната помош и поддршка при изработката на задачите, да ги мотивираат и охрабруваат со што тие би постигнале подобри резултати. Ова ќе допринесе и за поголема самодоверба кај учениците кои ќе имаат храброст да ги искажат своите идеи.

Прашањата од последнот дел на анкетниот прашалник се однесуваа на условите во кои се изведува изборната настава. Добиените резултати укажуваат дека учениците во голема мерка се задоволни од новите наставни форми и методи кои се применуваат на часовите по изборните предмети, што значи дека овие начини на изведување на изборната настава треба да се применуваат во работата на наставниците. Задачите кои ги задаваат наставниците според добиените одговори од учениците се интерсни за нив и во иднина треба да се збогатуваат содржините кои се изучуваат со уште поинтересни теми. Учениците во голема мерка се согласуваат со тврдењето дека сакаат јасно да им бидат наведени изворите од кои треба да ги добиваат информациите за изработка на проектите, бидејќи сакаат да се сигурни околу обемот и квалитетот на податоците кои треба да ги употребат. Дел

од учениците делумно се согласуваат затоа што имаат потреба од проширување на своите знаења, прибирање податоци од повеќе извори, што не треба да им се ускратува кога имаат потреба од истражување. Техничките услови во кои се изведува наставата ги задоволуваат потребите на поголемиот дел од учениците, но голем е бројот на учениците кои не се задоволни или се делумно задоволни. Во анкетирањето учествуваа ученици кои посетуваат различни изборни предмети и ученици од повеќе училишта, па резултатите укажуваат дека за одредени изборни предмети има подобри технички услови во кои се изведува наставата, а за одредени предмети условите не ги задоволуваат потребите и желбите на учениците. Овде е потребно да ја нагласиме и умешноста на наставникот да ја подобри наставата со изготвување на сопствени материјали кои ќе ја подобрат наставата, ќе изнајде начини да се употребат постојните материјално-технички услови и тие да се искористат на најдобриот можен начин. Тврдењето за потребата од учебник по изборните предмети кое беше дел од поставениот прашалник не доведе до резултати каде со потреба да се издаде учебник по изборниот предмет се сложуваат помалку од половината од анкетираните ученици, а голем дел од нив делумно се согласуваат или не се согласуваат. Добиените резултати наведуваат на размислување дека учениците имаат доволно извори од кои можат да ги добијат податоците кои им се потребни за изработка на проектите, што дополнето со материјалите кои ги изготвуваат наставниците за да им помогнат на учениците при работата, кај учениците не предизвикува чувство на недостаток од учебник во голема мерка.

## 2. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА СТАВОВИТЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕТО, ОРГАНИЗИРАЊЕТО И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВАТА ПО ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ТРЕТИОТ ПЕРИОД НА ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Ставовите на наставниците кои предаваат изборни предмети во училиштата на територијата на општина Илинден односно во училиштата: ОУ „Гоце Делчев“ н.Илинден, ОУ „Ристо Крле“ с.Кадино и ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци беа испитани со спроведување на SWOT анализа. Бројот на наставници чии мислења беа испитани според училиштето во кое работат се дадени во следната табела.

Табела за бројот на анкетирани наставници

| Училиште | Број на анкетирани наставници | Процентуална застапеност од вкупниот број |
|---|---|---|
| ОУ „Гоце Делчев“ - Илинден | 8 | 44,4% |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 5 | 27,3% |
| ОУ „Ристо Крле“ | 5 | 27,3% |
| Вкупно | 18 | 100% |

Анкетираните наставници имаа полна слобода во искажување на своите мислења за предностите, слабостите, можностите и заканите со кои тие се среќаваат при изведување на наставата по изборните предмети.

Анализата на податоците е извршена со издвојување на сите искажани мислења според четирите категории на SWOT. Секоја категорија (предности, слабости, можности и закани) беше детално разгледана и добиените мислења односно изкази на анкетираните наставници беа групирани во неколку групи според темата на која се однесуваа.

Исказите на наставниците групирани според темите на кои најчесто се однесуваат се дадени во продолжение.

## Предности(strengths)

**Збогатување и трајност на знаењата кои ќе им користат на учениците во секојдневниот живот**

- Развивање на практична способност на ученикот (готвење, плетење)
- Дополнително време за работа со учениците кои имаат желба и интерес за збогатување на своите знаења и вештини за одредена област
- Ученик што изучува изборен предмет има големи предзнаења за средно училиште
- Самостојно работење, можност за развој и ученикот го знае тоа што го учел
- Изборните предмети се добра можност учениците да се стекнат со знаења и вештини надвор од задолжителните предмети по нивен сопствен избор.
- Учениците се стекнуваат со знаења, умеења и новини од областите односно предметите кои им се омилени.
- Поголема ангажираност на учениците
- Учениците стекнуваат вештини и ги зголемуваат знаењата кои можат да им помогнат во секојдневниот живот
- Учениците сами го избираат предметот и нивниот интерес е поголем за проширување на знаењата од избраниот предмет
- Усвојување трајни знаења преку поврзување на теоријата со праксата
- Стекнување на нови вештини во животот
- Учениците може да се развиваат сестрано, во многу области од секојдневниот живот при изработка на проект со тема од секојдневниот живот
- Реализацијата на наставата е насочена кон остварување на целите и задачите што се потребни за напредувањето на учениците во нивната омилена област.
-Учениците ќе си ги пронајдат своите афинитети со помош и насоки од наставникот

**Можност за избор на интерсни содржини и наставни форми и методи за учениците од страна на наставникот**

- Можност за избирање на содржини, кои ќе се збогатуваат со предлозите и идеите на учениците со што ќе се задоволат нивните желби, потреби и интереси според актуелната ситуација
- Предности за планирањето е тоа што имаш избор во зависност од наставната тема да избереш и обработуваш тема која што е пред се интересна за учениците и се разбира со тоа да се задржи вниманието на учениците од почеток до крај.
- Опфатени повеќе интерсни области за учениците
- Можноста учениците да изберат предмет кој најмногу би сакале да го изучуваат е предност од воведувањето на изборните предмети, наставникот има поголема слобода во изборот на задачите, вежбите и проектите што ќе ги изработуваат учениците и има можност да избере метод на работа за кој наставникот смета дека е најсоодветен за групата
- Поквалитетна организација на часот
- Наставникот има можност да ги прилагодува задачите и вежбите според способностите и интелектуалното ниво на учениците, со што учениците се поттикнуваат и мотивираат за да постигнуваат подобри резултати
- Еластичност во изборот на теми за изработка на часот (теми од моменталната ситуација, содржини со најголема популарност во тоа време-спортски натпревари, концерти од страна на познати групи, презентации со употреба на актуелна музика во тој момент...)
- Постојат услови за флексибилна организација на наставните часови со групна и индивидуална работа
- Поголема можност за истражување со учениците
- Истражување во непосредна околина (верски објекти, индустриски погон, фарма, туристички локалитет)
- Поттикнување на истражувачка работа (конкретно за предметот преокети од музичката уметност, да се запознае со дејноста на музички новинар критичар -

пр.живот и дело на некој композитор и неговата музика, фолкор, традиции и обичии и сл.)

- Има повеќе простор за проектна настава
- Многу информации им се достапни на интернет и истите ги добиваат од него
- Стекнување навики за тимско работење со цел реализација на успешен проект
- Преку изучување на изборните предмети личноста на ученикот се развива на тој начин што учи што е тимска работа, ги завршува зададените задачи, може слободно да ги искажува своите идеи, учи да ги цени другите од групата и сфаќа дека преку тимска работа можата да се постигнат повисоки поставени цели
- Поефикасна мотивација
- Постои можност за непосредно следење на напредувањето на ученикот од страна на наставникот
- При реализација и органицазија на часовите од изборните предмети присутна и важна е непосредноста и континуираната комуникација на релација наставник–ученик и комуникацијата меѓу учениците

**Можности за развој на позитивни особини  кај личноста на ученикот**

- Дизајнирање на сработеното со што се равиваат естетските вредности кај ученикот
- Постои голема можност за развој на личноста на ученикот, како поголема самодоверба и истрајност до крај на еден проект. Проектот најчесто завршува со зборовите ”Не ми се веруваше дека волку добро ќе излезе мојот проект ”
- Развива музички способности свирење на даден инструмент - притоа развивајќи емотивно и креативно доживувавње на музиката
- Со активности од изборната настава, учениците ја сваќаат сериозноста на уметноста и нејзиното значење и ќе научат да бидат почитувачи на културните настани (утре„ добра публика“).
- Креативност во излагањата на изработените проекти
- Развивање на истражувачкиот и креативен дух на учениците

- Доволен број на наставни часови неделно кој соодветствува со потребите и е доволен за стекнување на знаења, развивање на истражувачкиот и креативен дух на учениците

- Бидејќи учениците го избираат предметот се очекува нивниот интерес да биде голем за проширување на знаењата од избраниот предмет и да се развива нивната креативност

- Развивање на креативност и иновативоност кај ученикот

- Учениците меѓусебно соработуваат, комуницираат и разменуваат идеи и мислења, со што доаѓа до израз нивната креативност и иновативност во изработките

- Учениците се послободни и покреативни во добивањето на сознанија по зададената задача

- Се јавува голема заинтересираност кај учениците и тие активно учествуваат во активностите, со што се развива нивната креативност, се наведуваат да размислуваат, наоѓаат нови идеи и сл.

- Ученикот може да ја изрази својата креативност во поголема мера (начинот на кој ќе се организира при изработка на некој проект, ресурси кои ќе ги искористи при прибирање на материјали кои се потребни за изработка на работната задача (интернет, енциклопедии, списанија...), вештините за работа со компјутер (користење и на поголем број на различни програми) при изработка на задачата

**Голема заинтересираност и задоволство на учениците за предметот**

-Учениците сами го одбираат предметот па се „психички" подготвени за тоа што ќе се учи, кои им се обврските, што се очекува од нив, па не постои отпор и одбојност кон содржините

- Прифаќањето на наставата од страна на учениците

- Предност е и тоа што по правило во групата има ученици кои сакаат да го изучуваат тој предмет па со тоа и дисциплината и интересот на учениците е на повисоко ниво

- Учениците обично избираат меѓу два или три предмети, при тоа се одлучуваат за предмет кој нив им е најблизок и ги интересира

- Бидејќи учениците сами го избираат предметот се очекува нивниот интерес да биде голем за проширување на знаењата од избраниот предмет

- Дополнително време за работа со учениците кои имаат желба и интерес за збогатување на своите знаења и вештини за одредена област

- Постои голема заинтересираност кај учениците и тие активно учествуваат во активностите

- Реализирањето на задачите во изборните предмети е порелаксирачко за учениците

- При изучување на одреден изборен предмет ученикот има можност да се здобие со поголеми знаења од одредени области кои се интересни за него, а со тоа и да се усоврши во одредена област. На тој начин ученикот има можност да истражува подетално, да се здобие со знаење преку самостојно истражување и донесување заклучоци, а со тоа задоволството на ученикот и неговата мотивираност се зголемуваат

- Заинтересираноста кај учениците е видлива и тие активно и со задоволство учествуваат во зададените активности

- Содржината на активностите на часовите се интересни и разбирливи за учениците

## Слабости(weaknesses)

**Недостаток на материјално-технички и дидактички средства за работа**

- Потребно е материјал кој треба да се за да се изработат одредени модели

- Потреба од опремен кабинет (кујна)

- Недоволно наставни средства и помагала

- Недоволни услови за практична работа за одредени наставни единици

- Недоволно нагледни средства и готови материјали

- Недоволно материјално-технички средства за работа

- Слабости може да се издвојат материјални и технички средства како што е печатар. Така што колку и да е интересен проектот што бил изработен на изборните часовите, доколку не е испечатен на хартија лесно може да заврши најчесто на CD или DVD затворен во некоја фиока

- Недоволно материјално-технички средства за работа

- Неопременоста на кабинетите со потребни материјално технички средства (немање на проектори, немање на принтери во кабинетот)

- За реализација проект сценски настап или приредба потребен е соодветен простор, бина, технички средства, миксер за звук, микрофони, светла, богат школски инструментриум (музички инструменти), соодветни работилници за групи на ученици од 10-15 ученика, принтер во боја итн.

- Потреба од повеќе материјано-технички средства

- Нема учебник за часот, наставникот сам ги креира наставните содржини

- Немање учебник

- Немање доволен извор на информации (литература)

- Мал број од учениците имаат учебници, односно прирачници кои ќе им бидат водич во учењето

- Немање учебник и стручна литература за зголемување на интересот на учениците

- Недоволно дидактички материјали, за одредени предмети

**Недоволно обуки на наставниците**

- Мал број на обуки за наставниците за соодветниот изборен предмет, во единство со недостаток на учебник доведува до потешка реализација на наставните единици

- Недоволно обучени или несоодветни наставници за одржување настава по одредени изборни предмети (пр. Вештини за живеење и слично)

- Не секогаш наставата за изборните предмети ја изведува стручно лице за таа област

- Мал број на обуки за наставниците кои предаваат изборни предмети

- Наставниците по изборните предмети воопшто на посетуваат семинари за подобрување на изборната настава

- Семинари, обуки или средби за наставниците кои предаваат изборни предмети воопшто не постојат во организирана форма од МОН или БРО, наставниците се оставени самите да се снаоѓаат

**Зголемени обврски на наставниците при работата на изборните предмети**

- Потреба од подолготрајна подготовка и организација на наставникот за час
- Одвојување на сопствени средства за подготовка на часот и нагледни материјали
- Наставникот треба да биде доста умешен да ги контролира проектите и постојано да дава позитивни насоки и енергија и крајно одговорно да пристапи кон секој поедеинец - ученик
- Рамноправна работа на наставникот со сите ученици, бидејќи доколку наставникот постојано форсира исти ученици постојано еден е лидер или неколку ученици ги потиснуваат другите, може да има негативно влијание кај другите
- Наставникот се судрува со ученици кој можеби немаат афинитет за пеење или свирење но мора да пронајде некој сегмент кој ке го активира ученикот во даден проект
- Изборните предмети бараат и доста финансиски средства и време за успешна реализација
- Изборниот предмет најчесто го поврзуваат со наставникот кој предава задолжителен предмет и може да се случи ако сакаат одреден предмет да го изучуваат како изборен, не го избираат поради наставникот кој има рејтинг на строг или „лош“ наставник
- Неколку ученици од одделението кои не го избрале предметот што го избрале останатите принудени се да изучуваат определен предмет, па наставникот треба дополнително да ги мотивира и охрабрува
- При изработка на проекти учениците мора сами да се финансираат (купување хамери, печатење слики од компјутер, посета на одредени места поради истражување) за да можат целосно да постигнат поставената цел и притоа бараат поголема помош од наставникот
- Наставникот треба да влијае на учениците да се сфати сериозноста на предметот (откако ќе се избере од трите понудени предмети, дека редовно и сериозно треба да се учи бидејќи и бројчано се оценува)

**Наметнување на изборен предмет на учениците и формирање групи од цели одделенија**

- Наметнување на учениците да изберат предмети кои не ги сакаат
- Разочараност на учениците што немаат право на сопствен избор
- Избор на предмет по препорака на наставникот или директорот доведува до одбивност кај некои ученици кон самиот предмет а со тоа и до слаб успех по истиот
- Наставниците имаат влијание на избор на изборниот предмет, на тој начин што се убедуваат учениците поради „стравот“ од недостиг на часови (агитираат и ветуваат за мали вложувања високи оцени доколку се избере нивниот предмет)
- На учениците понекогаш наставниците им наложуваат кој предмет да го изберат, за да имаат повеќе часови
- Изборот на учениците за изборните предмети да може да го направи наставникот (мислам на одредени изборни предмети со потешка наставна содржина)
- Формирање на групи од цели одделенија каде дел од учениците се недоволно заинтересирани за предметот
- Учениците кои не се сконцентрирани на часот им го одземаат вниманието на другите
- Слабост може да биде кај оние ученици кои брзо се заситуваат и проектите во некои изборни предмети им стануваат досадни
-При работа со цели одделенија дел од учениците немаат познавање од предметот
- Наставата се изведува во парови но и во групи. Групите некогаш можат да бидат и групи од 4-6 учениците со што сите ученици во групата не учествуваат и не се залагаат подеднакво, а сепак се оценува заеднички изработениот проект
- Недоволна заинтересираност на сите ученици од групата, бидејќи се исведуваат групни задачи и на сметка на активните ученици и послабите ученици добиваат поголеми оценки

# Можности(opportunities)

**Подобрување на состојбата со материјално-технички и дидактички материјали**

- За секој од изборните предмети да има соодветен простор и опрема која би им овозможила на учениците работа во сите дисциплини од предметот (пр. скулптура, сликарство, фотографија, графички техники и сл.) така што учениците ќе можат да си го пронајдат талентот во некоја од нив
- Има потреба од учебници за изборните предмети
- Потреба од прирачник за работа
- Потреба од учебник
- Издавање на учебник со чија помош учениците, но и наставниците ќе бидат конкретнио насочени кон активностите и целите поврзани со самиот предмет
- Има потреба од нагледни средства (кинограми), хамери и слики кои ќе ги поттикнуваат учениците
- Потреба од учебник и стручна литература за зголемување на интересот на учениците
- Подршка од раководен кадар, посебно за нагледни средства
- Покрај користењето на останати средства за работа (интернет, списанија, енциклопедии итн.), учениците имаат потреба од учебник, пред се за да можат да ги добијат основите за да изработуваат поуспешни проекти на дадена тема
- Мислам дека голема е потребата од учебник, така ќе биде полесно и за учениците и за наставникот, да не мора да лута по многубројните информации со кои располага
- Во многу ситуации мора да се излегува на терен за истражувачка дејност - најдобро би било училиштата да имаат сопствено превозно средство и шофер за непречено да можат да прават теренски истражувања и посети на институции од потребната област

**Обуки за наставниците**

- Со обуки на наставниот кадар сметам  дека би се подобрил квалитетот на наставата, а со тоа би се зголемил и интересот на учениците за избраниот предмет
- Посета на обуки за работа на изборните часови
- Обука за наставниот кадар
- Може и почесто да се одржуваат семинари за стручна обука на наставниците по изборните предмети
- Повеќе обуки за наставниот кадар
- За реализација на изборните предмети потребни се обуки на наставниот кадар, за применување на иновативни техники карактеристични за соодветниот изборен предмет
- Потреба од обуки на наставниците
- Обуки се повеќе од потребни за наставниот кадар од секој предмет и тоа почести дружења на наставниците со цел размена на искуства
- Обуки и советувања на наставниот кадар по изборен предмет

**Интересни форми за работа**

- Интеграција со одредени предмети
- Посети на фирми - институции од различни области
- Презентации од стручни лица - предавања
- Определување на идна професија
- Изработка на презентации
- Соработка помеѓу учениците, изразување на комуникациски вештини и способности, креативност
- Поголеми можности содржините и организацијата на часот да се насочи кон учениците кои се заинтересирани за предметот
- Можност за проширување на содржините со што учениците добиваат дополнителни знаења

**Коректен избор на предмет од страна на учениците и поддршка од раководниот кадар на училиштето**

- Формирање групи со ученици од повеќе одделенија кои се навистина заинтересирани за изучување на изборниот предмет
- Лично јас за предметите кои ги имам предавано немав голема поддршка од раководниот и стручниот кадар во училиштето, се потпирав на сопственото искуство и искуството на други колеги кои ги предаваат истите предмети и заедно доаѓавме до заклучок што е најдобро за нас и учениците
- Редовно се следат и вреднуваат активностите и постигањата на учениците се прибираат показатели за нивната мотивираност за учење, како и за соработка на секој ученик со другите ученици во групната како и во индивидуалната работа во текот на наставниот процес

## Закани (предизвици)

**Недостаток на материјално-технички и дидактички материјали**

- Материјалите за работа се на товар на учениците, па обемните проекти се прескапи за реализација
- Непостоење на соодветни услови за конкретна реализација на целите поврзани со изборниот предмет
- Предизвик за мене би било постоење на соодветна училница каде учениците со помош и поддршка од наставникот ќе добиваат поквалитетна настава
- Услови за целосна и комплетна реализација на сите наставни содржини
- Недостатокот од учебници по изборните предмети претставува закана во смисла на тоа да наставникот посвети повеќе внимание на изучување на одредени делови од наставните теми за сметка на други делови од темите по негово сопствено убедување што немора да е секогаш во согласност со наставните цели
- Ако се продолжи со немање поддршка од раководниот и стручниот кадар за обезбедување на материјално-технички услови, финансирање, немање на учебник,

може да дојде до неефикасност на изборната настава кои бараат нешто повеќе од само присутност на часовите

- Поголем број на контролен управувачки уред и едукативен робот за работа на сите ученици
- Набавка на материјали за изработка на модели
- Потреба од учебници, прирачници наставни средства и помагала, технички средства

**Постигнување задоволство на учениците од изучување на предметот**

- Соодветна практична настава по даден изборен предмет би овозможила развој на креативноста на учениците и задоволство од постигнатото
- Можноста за самостојна работа на учениците ќе допринесе за стекнување на вештини кои ќе им помогнат полесно да се снаоѓаат во секојдневниот живот
- Со тек на време изборните предмети го губат првобитниот сјај, учениците ги избираат предметите каде најлесно се добиваат повисоки оцени, односно наставникот каде најлесно и без многу напор имаат високи оцени кои влегуваат во средниот успех на ученикот
- Зголемена досада кај некои ученици кои честопати бараат да бидат ослободени од последните часови поради некој друг ангажман
- Мотивирање на учениците да го изберат предметот со ветување на добри оцени кои потоа учениците навистина ќе ги постигнат, а не ова ветување да се одразува со помало учење од страна на учениците
- Реалност во оценувањето, бидејќи постои можност оцените по изборните предмети да бидат сé понеобјективни поради стравот од неизбор на соодветниот изборен предмет и недоволниот број на часови на наставникот
- Надминување на недисциплината на одредени ученици, поради организацијата на работата на часовите по изборна настава каде учениците имаат поголема слобода

**Преоптовареност на учениците со редовна настава**

- Преоптовареноста на учениците со редовните часови и обемниот материјал, се причина за површноста на учениците за подолготрајна сконцентрираност на зададените проблеми и задачи
- Два часа неделно мислам дека не се доволно за изучување на изборен предмет, но часови во поголем број ќе бидат оптоварување за учениците бидејќи имаат голем број на часови секојдневно
- Неделниот фонд на часови е најбитен кај секој предмет, тоа најмногу може да се почуствува кај оние ученици кои не го изучуваат изборниот предмет и остануваат само со знаењето стекнато од редовната настава што не е доволно. Има голема разлика без оглед на тоа дали ученикот е одличен или послаб

**Недоволна поддршка од раководен и стручен кадар**

- Потреба од подршка од раководен и стручен кадар, бидејќи без поддршка нема напредок
- Недоволна поддршка од раководен и стручен кадар во набавка на наставни средства и материјали
- Слабата соработката со раководниот и стручниот кадар може да донесе само уназадување на наставникот во неговиот професионален развој и добивање на лоши генерации
- Немање поддршка од стручениот и раководниот кадар по прашањето на изборната настава допринесува за недоволно добра организација и реализација на часовите

Анализата на податоците продолжи со констатирање на бројот на наставници кои имаа дадено исказ во определена категорија. Напоменувам дека кај одредени наставници се појавуваа по неколку изкази кои припаѓаат на иста категорија, кои во целост се прикажани во претходното излагање, но во табелите се наоѓа бројот на наставниците кои посочиле определена категорија независно од бројот на искази кои ги дале во своето изјаснување.

**Предности**

Табела за бројот на наставници кои напишале исказ во соодветна категорија:

| Категории | Број на наставници кои се определиле за категоријата | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| Збогатување и трајност на знаењата кои ќе им користат на учениците во секојдневниот живот | 10 | 55,55 |
| Можност за избор на интерсни содржини и наставни форми и методи за учениците од страна на наставникот | 14 | 77,77 |
| Можности за развој на позитивни особини кај личноста на ученикот | 15 | 83,33 |
| Голема заинтересираност и задоволство на учениците за предметот | 10 | 55,55 |

Податоците прикажани во табелата ни овозможуваат да констатираме дека најмногу наставници сметаат дека најголема предност од квалитетното планирање, организирање и реализирање на наставата по изборните предмети е развојот на позитивни карактеристики на учениците. Оваа констатација произлегува од начинот на работа на часовите по изборните предмети каде наставниците и учениците воспоставуваат постојна комуникација, па наставниците можат да го увидат напредокот на учениците во збогатувањето на нивните знаења и развивање на нивните вештини.

Резултатите од ова истражување, соединети со резултатите од анкетата спроведена со учениците и искажувањата на интервуираните раководни и стручни лица (наведени во понатамошниот текст), доведуваат до сознание дека **се потврдуваат хипотезите $X_3$ и $X_5$.**

Можноста наставниците да применуваат нови наставни форми и методи на работа и слободата да ги прилагодуваат наставните содржини според желбите на учениците, според резултатите на анкетирањето претставува исто така голема предност. Наставниците и покрај зголемените обврски кои ги носи подготовката и реализацијата на часовите по изборните предмети, според изјаснувањата во анкетата покажуваат дека вложениот труд се исплатува преку добро завршената работа.

Збогатување и трајност на знаењата кои ќе им користат во секојдневниот живот и голема заинтересираност и задоволство на учениците за предметот според бројот на наставници кои во своите искази ги спомenале како предности на изборната настава се изедначени, но тие исто така се тесно поврзани бидејќи доколку учениците се заинтерсирани за областа која се изучува и ова изучување се случува на интересен начин, знаењата кои ќе ги усвојат ќе бидат трајни и корисни во понатамошниот живот.

**Слабости**

Табела за бројот на наставници кои напишале исказ во соодветна категорија:

| Категории | Број на наставници кои се определиле за категоријата | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| Недостаток на материјално-технички и дидактички средства за работа | 14 | 77,77 |
| Недоволно обуки на наставниците | 6 | 33,33 |
| Зголемени обврски на наставниците при работата на изборните предмети | 7 | 38,88 |
| Наметнување на изборен предмет на учениците и формирање групи од цели одделенија | 9 | 50,00 |

Недостатокот на материјално-технички и дидактички средства за работа, според изјаснувањата на наставниците претставува најголемата слабост при работата по изборните предмети. Изборната настава според спецификите што ги има во начинот на изведување на наставата преку истражување, изработка на проекти, тимска работа и слично, бара поголеми материјално-технички средства за работа. Надостатокот од овие средства се одразува на квалитетот на изведувањето на наставата.

Наметнувањето на изборен предмет и слабостите кои се појавуваат поради несоодветните групи од цели одделенија се појавува со определени изрази кај половина од анкетираните наставници. Анализата на резултатите од анкетата на учениците покажува дека учениците не го чувствуваат притисокот, односно наметнувањето на определени изборни предмети, најверојатно бидејќи се вешто насочени од наставниците, но дел од наставниците кои имаат недоволен број на

часови во своите искази ја истакнале оваа слабост. Проблемот се појавува и кај наставниците кои ги предаваат изборните предмети со групи од цели одделенија, каде дел дел од учениците се заинтересирани за определениот предмет, но постои и група на ученици кои се помалку заинтересирани за предметот, па наставникот треба да вложува големи напори во работата со овие ученици.

Помал број на наставниците како слабост ги истакнуваат зголемените обврски на наставниците кои предаваат изборни предмети, бидејќи за да се подготви часот по изборните предмети потребно е подолго време за избор на тема која ќе биде актуелна и интересна за учениците, подготовка на материјалите за работа, истражувања околу темата, подршка и помош на учениците при изготвување на проектите и слично.

Обуките на наставниците кои предават изборни предмети се појавуваат со определени искази и во делот за слабостите на планирањето, организирањето и реализацијата на изборната настава, но во поголем број во делот за опишување на можностите за подобрување на изборната настава. Недостатокот на обуки, семинари или средби на наставниците задолжени за реализацијата на изборната настава е очигледен и во иднина треба да се направата напори за организирање на истите. Преку вакви обуки наставниците би размениле искуства и мислења, би добиле нови идеи за подобрување на наставата и би биле помотивирани за работа.

**Можности**

Табела за бројот на наставници кои напишале исказ во соодветна категорија:

| Категории | Број на наставници кои се определиле за категоријата | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| Подобруање на состојбата со материјално-технички и дидактички материјали | 14 | 77,77 |
| Обуки за наставниците | 10 | 55,55 |
| Интересни форми за работа | 10 | 55,55 |
| Коректен избор на предмет од страна на учениците поддршка од раководниот кадар на училиштето | 3 | 16,67 |

Можностите кои ги истакнале наставниците при анкетирањето се поделени во четири категории. Наставниците во голем процент се изјасниле дека подобрувањето на материјално-техничките услови за изведување на наставата по изборните предмети претставуваат голема можност за квалитетно реализирање на изборната настава. Добиените искази во оваа категорија соодветствуваат на тврдењата кои беа претходно искажани од наставниците за слабостите и предностите на изборната настава.

Можноста и потребата од поголем број на соодветни обуки кои ќе им помогнат на наставниците за квалитетно изведување на наставата е покажано од голем број на анкетирани наставници. Овој податок радува, бидејќи ја изразува подготвеноста на наставниците да се надградуваат и усовршуваат во својата професија. Надградувањето на наставниците ќе допринесе тие да изнаоѓаат нови начини на работа, кои ќе бидат нови и интересни за учениците, со што ќе се зголемува нивната заинтересираност и мотивираност во работата.

Новите наставни методи и форми, исто така голем дел од наставниците ги посочуваат како можност за поквалитетно планирање и реализирање на часовите по изборните предмет. Овие искази споредни со исказите во делот каде беа истакната предностите на изборната настава, покажуваат дека наставниците веќе ги согледале придобивките од новиот начин на изведување на наставата, но истакнуваат дека на овој план може уште да се напредува. Новите наставни форми и методи се во врска и со обуките на наставниците, на кои ќе се разменат искуства и идеи за нови начини на изведување на наставата.

Коректен избор на предмет од страна на учениците и поддршка од раководниот кадар на училиштето се посочени како можност за унапредување на наставата по изборните предмети од помал број на наставници, но со претворање на оваа можност во предност, би се надминале посочените слабости од несоодветното формирање на групите кое беше посочено од наставниците при искажувањето на нивните мислења за слабостите на изборната настава.

**Закани (предизвици)**

Табела за бројот на наставници кои напишале исказ во соодветна категорија:

| Категории | Број на наставници кои се определиле за категоријата | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| Недостаток на материјално-технички и дидактички материјали | 9 | 50,00 |
| Постигнување задоволство на учениците од изучување на предметот | 7 | 38,88 |
| Преоптовареност на учениците со редовна настава | 3 | 16,67 |
| Недоволна поддршка од раководен и стручен кадар | 4 | 22,22 |

Заканите кои се посочени од наставниците беа најмалубројни при анализата на анкетните листови. Мал дел од наставниците воопшто немаа искажано став во овој дел. Најголема закана односно предизвик кој треба да се надмине наставниците повторно ја истакнуваат потребата од поголема материјално-техничка, но и дидактичката поткрепа на изборната настава. Реализацијата на часовите од изборната настава поквалитетно ќе бидат планирани и организирани доколку наставниците и учениците имаат доволно средства и материјали, но и доволно литература.

Постигнувањето на задоволство кај учениците е уште еден предизвик кој наставниците го воочиле од работата на часовите по изборните предмети. Доколку кај учениците се постигне задоволство, тие целосно ќе се вложуваат и ќе постигнуваат подобри резултати.

Надоволната поддршка од раководниот и стручен кадар која според исказите дадени од наставниците кои предаваат изборни предмети најмногу се однесува на недоволно материјално-технички средства за изработка на проектите, негативно ќе се одрази во работата, бидејќи кога оваа ситуација се провлекува подол временски период мотивацијата за работа опаѓа како кај учениците, така и кај наставниците. Преоптовареноста на учениците со часовите од редовната настава, допринесува тие да немаат доволно сила и енергија за ефективно работење на часовите по изборната настава.

# 3. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА СТАВОВИТЕ НА РАКОВОДНИТЕ И СТРУЧНИ ЛИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕТО, ОРГАНИЗИРАЊЕТО И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВАТА ПО ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ТРЕТИОТ ПЕРИОД НА ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Ставовите на раководните и стручни лица вработени во училиштата на територијата на општина Илинден односно во училиштата: ОУ „Гоце Делчев“ н.Илинден, ОУ „Ристо Крле“ с.Кадино и ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци беа испитани со спроведување на насочено интервју. Бројот на раководни и стручни лица чии мислења беа испитани според училиштето во кое работат се дадени во следната табела.

Табела за бројот на раководни и стручни лица опфатени со техниката интервју за потребите на истражувањето

| Училиште | Број на интервјуирани раководни и стручни лица | Процентуална застапеност од вкупниот број |
|---|---|---|
| ОУ „Гоце Делчев“ - Илинден | 2 | 33,3% |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 2 | 33,3% |
| ОУ „Ристо Крле“ | 2 | 33,3% |
| Вкупно | 6 | 100% |

Искажаните мислења на одржаните интервјуа, во наведените основни училишта се дадени во продолжение.

## ОУ „Гоце Делчев“ – Илинден

1. Опишете го начинот на кој се одвива постапката за планирање и организирање на изборната настава во вашето училиште.

**Директор**

Планирањето и организирањето на изборната настава се усогласени со наставниот план и програма. Доколку во употреба се старите наставни планови и

програми тие и се применуваат, а доколку има измени се постапува според измените, односно се зема во предвид и предметот кој е воведен (најчестата промена што досега се случувала). Изборот кој предмет ќе го изучува секој ученик се прави преку анкетирање на учениците, на кое се нудат три предмети и секој од учениците се определува за еден од понудените предмети. При оваа постапка мора да се почитува Законот за основно образование, според кој предметот кој ученикот го изучувал во седмо одделение од деветгодишно основно образование (или шесто одделение од осумгодишното основно образование кое сеуште се применува), не смее да се изучува во погорните одделенија. Учениците најпрво се известуваат за предметите кои ќе бидат понудени, по што тие треба да ги информираат родителите и заеднички да одлучат кој изборен предмет ќе го изучува ученикот.

Анкетата се спроведува во писмена форма во училиштето. Понекогаш се случува целото одделение да избере ист изборен предмет, но понекогаш се случува учениците од едно одделение да се определат за два или три предмети, па според нивното изјаснување се формираат и групите.

Изјаснувањето на учениците е најважниот услов за тоа кој наставници ќе се распоредат да ги предаваат изборните предмети, но покрај ова влијаат и повеќе други параметри. Училиштето внимава на бројот на часови на наставниците па се прават напори да се задоволат желбите на учениците, но и потребите на наставниците па изборните часови најчесто се распоредуваат на наставниците со помал број на часови.

2. Според вашите сознанија кои се факторите кои делуваат кај учениците за избор на одреден предмет?

**Директор**

Според согледувањата и досегашните искуства во определувањето за изборниот предмет учениците често се определуваат според мислењето на другарите, бидејќи очекуваат помош при изведување на поставените задачи од посолидните ученици и можност за соработка со што ќе си ја олеснат работата.

Наставниците според мое мислење би требало да имаат поголемо влијание во изборот на предметот кој ќе го изучува ученикот, поради фактот што тој може

најдобро да ја процени надареноста на ученикот за определена област. Постојат држави од западните земји во кои навистина се цени мислењето на наставникот, за тоа која област треба да ја изучува ученикот и родителите го почитуваат ова мислење. Изборната настава треба да се стави во функција и интерес на учениците, па со помали групи учениците преку тимска работа, изработка на проекти, подлабоко да навлезат во изучување на определена област. Министерството и Бирото можеби би требало преку законско решение да дадат можност наставниците да даваат препорака каде ученикот би требалао да го прошири своето образование, што ќе му помогне во неговата професинална орјентација во иднина.

**Педагог**

Во опрделувањето на учениците најмногу влијаат желбите, афинитетите и заинтересираноста на ученикот кон некоја област. Одредено влијание има и определувањето на соучениците, но важен фактор при определувањето игра и наставникот кој го предава предметот, односно желбата на ученикот да соработува со определен наставник.

3. Кои активности ги превзема раководниот кадар за подобрување на условите (материјално-технички и дидактички) за подобрување на изборната настава?

**Директор**

Подобрувањето на условите за изведување на наставата воопшто, а со тоа и на изборната настава ќе се постигне со воведување на кабинетска настава, која во иднина се планира да се воведе во нашето училиште во целост по сите предмети. Во моментот во нашето училиште постојат кабинети по техничко, информатика, физичко, музичко и хемија, кои се користат и за изведување на наставата по соодветните изборните предмети, а во иднина ќе се опремуваат и кабинети по останатите предмети.

Училиштето во рамки на активностите за подобрување на изборната настава предвидува посета на институции за да може да се спроведат истражувачките активности на учениците, на пример посета на Општината и разговор со одговорни лица за истражување на структурата на населението, посета на индустриски објекти, галерии, музички случувања (фестивали, приредби) и слично.

**Педагог**

Според расположливите средства се набавуваат нагледни средства и материјали потребни за изведување на наставата. Редовно се обезбедува стручна литература, енциклопедии, потрошни материјали за непречено организирање на наставата. Училиштето располага со медијатека во која има богата збирка со литература, учениците имаат на располагање компјутер со постојан пристап до Интернет, можност за печатење на потребните материјали, простор за работа, истражување и надградување на своите знаења.

4. Каква стручна помош бараат наставниците од стручната служба во училиштето?

**Педагог**

Наставниците не бараат особена помош околу изготвувањето на глобалните и тематски планирања. Наставниците се во постојан контакт меѓусебно и со стручната служба во врска со примената на новите наставни форми и методи, бараат потребна литература, се консултираат во врска со формативното и сумативно оценување и друго. Исто така се разменуваат сознанијата добиени на семинарите кои се одржуваат по одредени наставни предмети со колегите, се пренесуваат информациите од посета на семинари, работилници и обуки од страна на стручните соработници.

5. Според вашите сознанија кои се предностите кои ги имаат учениците од изучувањето на изборните предмети.

**Директор**

Изборниот предмет може да се рече дека претставува појдовна основа и во голема мерка им помага на учениците порано да се одлучат за својата идна професија. Преку изучувањето на различни предмети од повеќе различни области, ученикот има можност да осознае која област го интересира (општествени науки, природни науки, уметност итн.) и да се насочи кон тоа со што ќе се занимава во понатамошниот живот.

**Педагог**

Изборните предмети овозможуваат ученикот за проблематиката која го интересира, да може да научи уште повеќе и во согласност со желбите, афинитетите и способностите кои ги има да се развива и уште повеќе да ги надградува. На часовите по изборната настава ученикот има доволно време да се пронајде во областа која го интересира, да ги продлабочи своите знаења, да истражува, да се докажува, да ја развива својата креативна фантазија и други позитивни особини.

6. Со какви проблеми се сретнува раководниот и стручен кадар при планирање, организација и во реализацијата на наставата по изборните предмети?

**Директор**

Распоредувањето на наставниот кадар е еден од проблемите со кои се сретнуваме при планирањето на изборната настава, бидејќи секогаш се трудиме да бидат распределени вистинските наставници, на вистинските позиции. Проблем претставува и обезбедување на адекватен простор за одржување на часовите по изборните предмети, поради нивните специфични карактеристики. Креирањето на распоредот е важна работа на која мора да се размислува при распоредувањето на групите. Во големо училиште во кое има по 4 или 5 паралелки во исто одделение, кога учениците од повеќе одделенија ќе се одлучат за два или три предмети, вклопувањето на групите во распоредот претставува особен проблем. Во случаи кога целото одделение ќе се определи за еден наставен предмет, распоредувањето на овие часови во целокупниот распоред се олеснува, но раздвојувањето на учениците за часовите по изборните предмети во голема мерка го усложнува креирањето на распоредот.

7. Според вашите сознанија дали се потребни долонителни обуки за наставниците по изборните предмети и во која мерка тоа ќе допринесе за подобрување на планирањето, организирањето и реализацијата на изборната настава?

**Директор**

Пропуст при организирањето на семинарите за изборните предмет доколку такви постојат, е тоа што директорите на училиштата не се повикуваат на овие

советувања и семинари за тие да бидат поопширно запознаени со активностите кои треба да се спроведат при реализацијата на изборната настава, за навремено планирање и организирање на сите активности (како од организациски, така и од финансиски аспект) за што поквалитетно организирање на наставата. Присутноста на директорите на семинарите ќе допринесе за тие да можат да ја насочуваат и контролираат работата на наставниците кои предаваат изборни предмети, бидејќи често се бара да дадеме оцена за определена активност за која воопшто не сме информирани дека требало да се изведе.

8. Според вашите сознанија во колкава мера наставниците применуваат нови наставни методи при реализацијата на наставата по изборните предмети и дали постои определен отпор и потешкотии од нивна страна?

**Директор**

Зголемената администрација на наставниците која е наметната во последно време, допринесува наставниците да се оддалечат од наставата. Наставниците воопшто, а особено наставниците кои предаваат изборни предмети поради природата на предметите и начинот на кој се реализира изборната настава, се повеќе применуваат нови наставни форми и методи.

Наставниците и покрај проблемите со кои се среќаваат при планирањето, организирањето и реализацијата на часовите на нови начини, како што се зголемениот обем на подготовка на материјалите потребни за часовите и големите финансиски средства кои се издвојуваат за ваквите часови, согледуваат дека овие часови се поинтересни и покорисни за учениците, па се почесто ги реализираат.

## ОУ „Ристо Крле“ – с.Кадино

1. Опишете го начинот на кој се одвива постапката за планирање и организирање на изборната настава во вашето училиште.

**Директор**

Постапката за избор на предмети кои ќе им бидат понудени на учениците за изучување како изборни предмети се одвива на тој начин што најпрво на учениците

им се понудува анкетен лист на кој се наведени сите изборни предмети кои се понудени од Министерството за образование и наука. По сумирањето на резултататите од оваа анкета според анкетните листови, се издвојуваат три предмети избрани од најголем број на ученици и ќе се изучуваат како изборни предмети во наредната учебна година. Постапката продолжува со спроведување анкета за изјаснување на учениците, со анкетен лист ги содржи трите одбрани предмети од првото анкетирање, од кои ученикот се изјаснува за еден од понудените предмети. Анкетните листови, учениците ги пополнуваат дома, во согласност со своите родители, но неретка е појавата кога учениците и покрај направениот избор и пополнетиот анкетен лист, при доаѓањето во училиште се предомислуваат и го одбираат предметот за кој имаат поголеми афинитети, а не за предметот кој им е посочен од родителите.

Распоредувањето на наставниците кои ќе ги предаваат изборните предмети се одвива во согласност со предметите кои се избрани од учениците, а доказ за ова е тоа што во нашето училиште од почетокот на воведување на изборната настава во третиот циклус на деветгодишното основно образование, ниту еднаш не е понуден предметот Вештни за живеење, кој според нормативот може да го предава предметен наставник со завршена обука за реализација на програмата односно наставник по било кој од предметите од редовната настава.

2. Според вашите сознанија кои фактори делуваат кај учениците за избор на одреден предмет?

**Директор**

Факторите се разликуваат во зависност од тоа дали се работи за солидни или за ученици кои послабо напредуваат во учењето. Солидните ученици избираат предмети со чие изучување би се здобиле со значајни предзнаења од одредена област, а послабите ученици се определуваат за предмети каде „полесно ќе добијат повисоки оцени", или според нивното мислење е потребно помалку учење, односно помало вложување на труд за изучување на предметот.

Кај децата големо влијание има и наставникот кој го предава предметот, односно, односот на наставникот кон учениците, бидејќи искуството во нашето

училиште покажува дека кога определени предмети кои се слични по својата содржина (од иста област на изучување на пр. географија) ги предаваат различни наставници, учениците се одлучуваат за наставник кој е „подобар“ за учениците, односно со него можат да воспоставата подобра комуникација.

Објаснувањето од страна на наставникот за содржините кои ќе се изучуваат, придобивките кои ќе ги имаат учениците со изучувањето на определен изборен предмет, секако допринесуваат на одлуките на учениците, но најголемо влијание секако имаат желбата на ученикот да изучува одредена област.

3. Кои активности ги превзема раководниот кадар за подобрување на условите (материјално-технички и дидактички) за квалитетно изведување на изборната настава?

**Директор**

Активностите се состојат од уредување на училниците, кога нема услови за кабинетска настава, барем училиниците да се опремат и уредат до специјализирани училиници. Училиштето обезбедува услови за посета на определени институции за истражувачките активности на учениците.

Раководниот кадар во училиштето обезбедува нагледни средства и услови за работа според финансиските можности на училиштето, па повремено се вршат консултации со наставниците за потребите што тие ги имаат и според обезбедените каталози се врши набавка на потребните средства и материјали. Наставниците ретко бараат помош околу изработка на годишните и тематските планирања.

**Психолог**

Групите кои изучуваат определен изборен предмет треба да бидат урамнотежени, односно во нив да има и подобри (посолидни) и послаби ученици, бидејќи искуството покажува дека за определени изборни предмети се одлучуваат подобрите ученици, па наставата се одвива со леснотија и без проблеми, но во групата составена само од послаби ученици претставува проблем да се одржи квалитетен час. Кога групата е комбинирана и урамнотежена има можност секој од учениците да се распореди да извршува активности според сопствените

способности, но и можност подобрите ученици да им помагаат на послабите, а тие да ги добијата потребните знаења од предметот.

4. Каква стручна помош најчесто бараат наставниците при реализацијата на изборната настава од стручната служба?

**Психолог**

Наставниците не бараат помош околу изработката на плановите и програмите кога во училиштето е вработен психолог, бидејќи тој е помалку остручен во оваа област, но бараат помош во начините на комуникација со учениците, изнаоѓање начини за поголема заинтересираност на учениците, активно вклучување на сите ученици во изработката на зададените задачи, појава на страв кај учениците од одредени наставници и др.

5. Според вашите сознанија кои се предностите кои ги имаат учениците од изучувањето на изборните предмети.

**Директор**

Постојат определени предмети кои се застапени со мал број на часови во редовната настава како на пример предметот информатика, кој е застапен со 2 часа во VI одделение и 1 час VII одделение во редовната настава на деветгодишното основно образование, а од друга страна се воведува проектот „Компјутер за секое дете“ и се бара учениците да работат на компјутери и по останататите предмети. Воведувањето на предметот Проекти од информатика претставува голема можност за учениците да ги стекнат потребните знаења и практичните вештини од оваа област. Исто така сметам дека на часовите од изборната настава учениците се здобиваат со многу позитивни карактеристики, ја развиваат самодовербата, самостојноста, одговорноста, се развиваат презентерските способности на учениците поради тоа што се работи за проектни активности.

**Психолог**

Предностите за учениците од изучувањето на изборните предмети се многубројни, почнувајќи од развивањето на вештините за презентирање на

постигнатите резултати на групата што во мала мерка може да се искуси на часовите од редовната настава. Самостојната работа на учениците е ставена во прв план при изведувањето на наставата по изборните предмети, наставниците применуваат нови наставни форми и методи, учениците се ослободуваат, сакаат да истражуваат, а изборната настава им ја дава оваа можност. Работата во тим им дава на учениците можност секој од нив да се вклучи во изработка на зададената задача, се чувствуваат исполнети од завршената работа, стануваат одговорни кон своите обврски, се јавува желба за успешно завршување на работата и се развива натпреварувачки дух кај децата.

6. Со какви проблеми се сретнува раководниот и стручен кадар при планирање, организација и во реализацијата на наставата по изборните предмети?

**Директор**

Има голем број на понудени изборни предмети, а одделенијата во нашето училиште се со мал број на ученици, па не може да бидат опфатени сите изборни предмети. Поради ова се случува истите предмети да бидат понудени повеќе години. Доколку одделенијата би броеле повеќе ученици, ќе може да се изучуваат повеќе изборни предмети, поради тоа што има ученици кои се надарени за одредена област, на пример ликовно или музичко, а овие предмети ги одбираат мал број на ученици при првото изјаснување и не се понудени на второто изјаснување. Доколку има поголем број на ученици, би можело да се направат поголем број на групи, по повеќе изборни предмети. Меѓутоа тогаш се појавува проблем со вклопување на часовите од изборната настава во распоредот, покрај редовните часови. Ако едно одделение се подели на повеќе групи за повеќе изборни предмети, покрај проблемите со распоредот, се јавуват проблеми со обезбедување на просторни услови за непречено изведување на наставата и распоредување на наставници кои ќе предаваат, бидејќи тогаш ќе треба часовите на овие наставници да бидат последни во распоредот.

**Психолог**

Понудени се доволен број на предмети кои се добро осмислени и корисни за учениците.

Имињата на изборните предмети по мое мислење се предолги па кај родителите создаваат конфузија и нејаснотии што е целта на предметот и какви содржини се одработуваат во рамки на истиот. Заради тоа потребно е одржување на родителски средби и средби со учениците на кои јасно ќе им биде презентирано што обработуваат предметите, со што тие ќе да добијат комплетна слика за секој од изборните предмети и полесно ќе можат да донесат одлука што ќе изучуваат.

7. Според вашите сознанија дали се потребни долонителни обуки за наставниците по изборните предмети и во која мерка тоа ќе допринесе за подобрување на планирањето, организирањето и реализацијата на изборната настава?

**Директор**

Дополнителни обуки за наставниците се потребни и тоа потребни се работни вежби, а не само теоретско разработување на материјалот. Потребни се почести средби на наставниците на кои тие ќе можат да разменат искуства, мислења и идеи за поквалитетно планирање, организирање и реализација на часовите по изборните предмети.

**Психолог**

Средби на наставниците кои предаваат изборни предмети се повеќе од потребни и многу би им значеле на наставниците, бидејќи дел од наставниците се теоретичари, дел се практичари, па овие средби даваат можност за размена на искуствата. Средбите не треба да имаат критички карактер кон изложените мислења на наставниците, туку треба да претставуваат размена на мислења и идеи, давање на помош на колегите и насочување и мотивирање за поквалитетна работа.

Потребно е и изготвување на прирачници во кои ќе бидат опфатени поголем број на примери, кои може да се прилагодат во зависност од потребите на наставникот, условите во кои се одвива наставата, предзнаењата на учениците, техничките можности на училиштето и сл.

8. Според вашите сознанија во колкава мера наставниците применуваат нови наставни методи при реализацијата на наставата по изборните предмети и дали постои определен отпор и потешкотии од нивна страна?

**Директор**

Новите наставни форми и методи ги применуваат почесто помладите наставници и кај нив се забележува желба за нивно користење и квалитетно вклопување во наставниот процес, додека кај постарите наставници се чувствува определен отпор кон новините во наставата (особено кон зголемениот обем на административна работа). Помладите наставници ги прифаќаат новините и дури се натпреваруваат кој од нив ќе одржи подобара час, сакаат да се докажуваат.

Наставниците ја истакнуваат потребата од зголеменото време потребно за подготовка на час од изборната настава, поради не постоење на учебник, организирање на тимската работа на учениците, организирање на учениците за изработка на проекти и сл. Наставникот при организација на часовите треба да вложи напори, да истражува за темите кои се обработуваат, се да осмисли за да го реализира планираното.

**Психолог**

Од искуствата кои ги добивме при мониторирање на часовите за добивање на сертификати на наставниците, забележавме дека кај наставниците е изразена желбата да бидат што е можно подобри во изведувањето на наставата, со применување на нови форми и методи, посебно со примената на WebQuest, а часовите по изборните предмети посебно ја нудат можноста од често применување на овој начин на работа.

За успешно планирање, организација и реализација на изборната настава потребана е промена во образовната политика на повисоко ниво, изборните предмети да не бидат надополнување на фондот на часови за наставниците кои немаат доволен број на часови, туку да бидат можност за надополнување на знаењата на учениците од определена област според нивните желби и потреби.

Доколку се спроведе постапката за избор на предметите кои ќе бидат понудени за изучување според сите потребни критериуми, учениците ќе бидат позадоволни од изборната настава.

ОУ „Браќа Миладиновци“ – с.Миладиновци

1. Опишете го начинот на кој се одвива постапката за планирање и организирање на изборната настава во вашето училиште.

**Директор**

Постапката за избор на предмети кои ќе им бидат понудени на учениците за изучување како изборни предмети се одвива на тој начин што најпрво директорот формира работна група која го планира и организира процесот на селекција на изборни предмети кои ќе бидат понудени на избор на учениците и предлага распоредување на наставниците според нормативот на предметите.

Понатаму се изработува информативен материјал или се одржуваат информативни состаноци на кои присуствуваат учениците и родителите, за запознавање на учениците со понудените предмети, а кои се водени од страна на наставниците коишто се предложени за изборните предмети. Следен чекор е спроведување анкетен прашалник кај учениците, во кој се изјаснуваат учениците, во согласност со родителите.

2. Според вашите сознанија кои фактори делуваат кај учениците за избор на одреден предмет?

**Директор**

Според нашите сознанија учениците се определуваат за избор на одреден предмет најчесто заради:

- изучување на нови наставни содржини;
- примена на предметот во секојдневието;
- популарноста на предметот;
- влијанието на родителите;
- влијанието на другарите од одделението;
- начинот на којшто наставникот го предава предметот;
- искуството кое го имале со наставникот од предходните години или предмети предавани од негова страна.

3. Кои активности ги превзема раководниот кадар за подобрување на условите (материјално-технички и дидактички) за квалитетно изведување на изборната настава?

**Директор**

Бидејќи во училиштето нема услови за кабинетска настава, правиме напори училниците да бидат уредени и опремени со што е можно повеќе средства за квалитетна изборна настава. Доколку има потреба при изведувањето на истражувачките активности на учениците, училиштето обезбедува услови за посета на институции, историски локалитети и културни манифестации.

Нагледни средства училиштето обезбедува во согласност со финансиските средства и можности со кои располага училиштето. Потребните средства конкретно за изведувањето на часовите по изборните предмети се набавуваат во консултации со одговорните наставници, за да се задоволат нивните потреби.

**Психолог**

Наставниците во соработка со психологот ги формираат групите, притоа внимавајќи на истите да бидат хетерогени, во поглед на полот, успехот и поведението на учениците. Овој начин на формирање на групите се изведува со цел квалитетно изведување на наставата, во која ќе бидат еднакво вклучени сите ученици.

4. Каква стручна помош најчесто бараат наставниците при реализацијата на изборната настава од стручната служба?

**Психолог**

Сите наставници имаат посетувано семинари и обуки за изработка на планови и програми кои се потребни за наставата, кои се организирани од страна на МОН и БРО, па поради тоа не бараат помош околу изработката на плановите и програмите. Стручната служба ги поддржува наставниците во однос на активностите за изборните предмети и дава сугестии и мислења за одредени ученици во однос на нивните афинитети, мотивација, учење и интереси за

предметот кој го избрале. Исто така психологот соработува во делот на организација и реализација на одредени активности (натпревари, проекти и други манифестации) кои се дел од програмата на предметот.

5. Според вашите сознанија кои се предностите кои ги имаат учениците од изучувањето на изборните предмети.

**Директор**

Сметам дека на часовите од изборната настава учениците се здобиваат со многу позитивни карактеристики, ја развиваат самодовербата, и доаѓа до израз нивната самостојност во одредени активности, одговорност и способност за тимската работа.

Определени предмети се застапени со мал број на часови во редовната настава, каде воглавно темите се разработуваат теоретски, па недостасува практична работа за увежбување на вештините кои треба да ги стекнат учениците. Воведувањето на соодветни предмети од изборната настава претставува можност учениците да ги стекнат потребните знаења и практичните вештини од овие области и да се оспособот за работа на проекти.

**Психолог**

Разговорите со учениците ми дозволуваат да констатирам дека тие се свесни за предностите од изучувањето на изборните предмети. Учениците најчесто истакнуваат дека ги развиваат вештините за претставување на изработките пред поширок круг луѓе, што многу им помага во секојдневната комуникација на сите полиња. Изведувањето на наставата по изборните предмети преку самостојна работа, ја зголемува нивната самодоверба, одговорност, развиваат желба за истакнување на своите квалитети и се развива другарството.

6. Со какви проблеми се сретнува раководниот и стручен кадар при планирање, организација и во реализацијата на наставата по изборните предмети?

**Директор**

Малиот број на ученици во паралелките во нашето училиште, допринесува определени ученици чии афинитети и желби не се согласуваат со желбите и интересите на останатите ученици, да мора да се вклопат во групата за која се изјасниле поголем број на ученици, бидејќи нема доволно ученици за формирање на група за предметот за кој тие се заинтересирани. Проблем претставува и вклопувањето на часовите од изборните предмети во распоредот. Во случај кога учениците од едно одделение ќе се поделат за изучување на различни изборни предмети, се јавуват проблеми со обезбедување училници за одржување на наставата.

**Психолог**

Нашето училиште во изминативе години немало позначајни проблем во планирањето, организацијата и реализацијата на наставата по изборните предмети од аспект на стручната служба.

Понудени се доволен број на предмети кои се добро осмислени и корисни за учениците.

7. Според вашите сознанија дали се потребни дополнителни обуки за наставниците по изборните предмети и во која мерка тоа ќе допринесе за подобрување на планирањето, организирањето и реализацијата на изборната настава?

**Директор**

Дополнителни обуки, семинари и работилници се потребни за наставниците кои предаваат изборни предмети, бидејќи на ова поле е многу малку направено досега. Средби од секаков вид ќе им бидат корисни на наставниците, поради тоа што тие ќе можат да разговараат, да разменат искуства, идеи и мислења и да ги применат искуствата на своите колеги во реализацијата на наставата.

**Психолог**

Средби и обуки за наставниците кои предаваат изборни предмети се потребни и многу би им значеле на наставниците. Тие би биле одлична можност за давање на помош на колегите, на кои таа им е потребна, насочување и мотивирање за нови пристапи кон работата.

Изготвување на прирачници или збирки од изработки на наставниците со примери од практиката ќе им бидат од корист на наставниците, но и на учениците, кои може да ги прилагодат во зависност од условите во кои работат и во кои се одвива наставата.

8. Според вашите сознанија во колкава мера наставниците применуваат нови наставни методи при реализацијата на наставата по изборните предмети и дали постои определен отпор и потешкотии од нивна страна?

**Директор**

Новите наставни форми и методи се применуваат во нашето училиште, како по сите предмети, така и во изведувањето на наставата по изборните предмети. Понекогаш постојт одредени проблеми бидејќи наставниците при организација и реализација на часовите со современите начини на работа вложуваат подолго време и поголеми напори, но и покрај тоа кај наставниците е забележителна волјата за квалитетно изведување на наставата.

**Психолог**

Наставниците од нашето училиште во целост ги применуваат новите наставни методи, односно реализираат настава на 21 век применувајќи ги сите нови наставни методи што може да се искористат за наставата по изборните предмети.

Следењето на часовите ни овозможува да забележавме дека наставниците имаат изразена желба да бидат што е можно подобри во изведувањето на наставата, со применување на нови форми и методи, а часовите по изборните предмети нудат можност за применување истите во голема мерка. Работата во групи, истражувачките активности на учениците, тимската настава, изготвување на проекти и слично, ја прават изборната настава интересна и привлечна за учениците.

Според искажаните ставови на директорите на трите училишта по прашањето на постапката за планирање и организирање на наставата по изборните предмети, начинот на одбирање на предметите кои ќе бидат понудени на избор на учениците се разликува во трите училишта. Во едно од училиштата изборот на предмети кои ќе бидат понудени на учениците се изведува со двојно анкетирање на учениците, најпрво со понуда од сите изборни предмети, а потоа анкетирањето ги содржи само трите најактуелни предмети од првото анкетирање. Во другите училишта анкетирањето се изведува со понудување на три предмети, но во едно од училиштата изборот го врши директорот на училиштето согласно со актуелната состојба во училиштето, а во третото училиште изборот и изведувањето на постапката се изведува од работна група. Заедничко за сите три училиште е тоа што училиштата изнаоѓаат начини за информирање на родителите за предметите кои се понудени и за содржините кои ќе се обработуваат.

Во однос на факторите кои влијаат на изборот на учениците кој изборен предмет ќе го изучуваат, сите директори го истакнуваат влијанието на соучениците, искуството што го имале со наставниците при изучување на предмети од редовната настава како и желбата да се научи нешто ново. Директорот од ОУ „Гоце Делчев“ смета дека наставниците треба да имаат поголемо влијание врз насочувањето на учениците кој предмет ќе го изучуваат, бидејќи тие ги следат учениците во нивниот развој и напредокот во учењето и можат да проценат во која област учениците би постигнале најголем успех.

Раководните лица од трите училишта истакнуваат дека прават напори за уредување на училниците и обезбедување на наставни средства, во согласност со финансиските можности на училиштата. Според анкетирањњто изведено со учениците најголем дел од учениците се изјасниле дека се задоволни од материјално техничките услови во кои се изведува наставата. При анализата извршена на изјаснувањата на наставниците, материјално техничките услови се наведени како недостаток во планирањето, организирањето и реализацијата на изборните предмети од одреден број на наставници, но поголем е бројот на наставници кои подобрувањето на материјално техничките услови ги наведуваат како можност за поквалитетен наставен процес по изборните предмети. Доколку се

земат во предвид сите претходно наведени согледувања, може да констатираме дека **се потврдуваат хипотезите $X_2$ и $X_6$.** Покрај потврдувањето на хипотезите, се наметнува и заклучокот дека дека на ова поле може многу да се допринесе во подобрување на изборната настава.

Размислувањата на раководните лица за прашањето на обуки за наставниците кои предаваат изборни предмети се слични кај сите учесници во интервјуата. Сите се согласуваат дека се потребни практични обуки за наставниците, на кои ќе бидат изведени работилници, наставниците ќе добијат нови идеи, ќе разменат искуства и мислења поврзани со изборната настава, ќе добијат определени насоки и дополнителна мотивација за успешна работа. Од изјаснувањата се согледува дека учесниците сметаат дека е потребно изготвување на литература (прирачници, учебници и слично) кои го олеснат изучувањето на изборните предмети и ќе допринесат за зголемување на знаењата на учениците.

Овие согледувања се во врска со $X_4$, која се однесува на посебните образовни потреби на наставниците кои предаваат изборни предмети и соединети со изјаснувањата на наставниците кои во делот недостатоци од SWOT анализата повремено истакнуваат дека има недоволен број на обуки, недоволно дидактички материјали за изборните предмети и мал број на материјално технички услови за работа, но во делот за истакнување на можностите, во голем број ги наведуваат сите претходно наведени фактори како можност за подобрување на изборната настава, ни овозможуваат да констатираме дека **се потврдува хипотезата $X_4$.**

Помошта што наставниците ја бараат од стручната служба во училиштата се разликува во зависност од тоа дали во училиштето има вработено педагог или психолог. Педагогот од едно од училиштата нагласува дека наставниците со него постојано се консултираат околу применувањето на нови наставни форми и методи, начините на оценување (формативно и сумативно), се бара стручна литература. Психолозите од училиштата најчесто помагаат по прашањата на начините на комуникација меѓу наставниците и учениците, мотивацијата на учениците и слично. Сите стручни лица се изјаснија дека наставниците не бараат помош за изготвувањето на наставните планови и програми, бидејќи сите наставници имаат посетено обуки на таа тема.

Сите учесници во интервјуирањето, истакнуваат дека предностите кои ги добиваат учениците со изучување на изборните предмети се многубројни а како најзначајни се посочени зголемување и трајност на знаењата, самодоверба и самостојност, развивање на истражувачкиот и натпреварувачки дух, желба учениците да се докажат во работата, да ја пронајдат областа која ќе ги заинтересира и можеби ќе биде нивна идна професија.

Проблемите со кои се соочуваат училиштата во планирањето, организирањето и реализацијата на изборната настава се слични во сите интервјуирани училишта, а се однесуваат на просторните услови за изведување на наставата, неможноста да се опфатат повеќе изборни предмети кои ќе им се понудат на учениците, вклопување на групите во распоредот за изведување на наставата, распоредување на наставници кои најадекватно ќе ја изведуваат наставата по определен изборен предмет и од искажувањата можат да се согледаат желбите и напорите на училиштата за што поквалитетно изведување на изборната настава.

Примената на нови наставни методи и форми е зголемена во училиштата, по сите наставни предмети, а посебно по изборните предмети. Ваквиот начин на работа бара и подолготрајна подготовка на наставникот и издвојување на поголеми материјални средства, но задоволството од придобивките кои ги добиваат учениците, ги оправдува вложениот труд и напорите на наставниците.

# 4. ЗАКЛУЧОК

Задолжителните предмети се најбројните предмети што ги изучуват учениците и наставата по задолжителните предмети е определена како содржинска основа на основното училиште, со која се овозможува вертикална проодност за продолжување на школувањето во средното образование.

Со изборните предмети, на учениците им се дава можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети, според сопствените потреби и афинитети.

Изборните предмети со нивната реализација најмногу преку проектни активности, работа во групи и самостојна работа во голема мерка допринесуваат за осовременувањето на наставата и можност учениците да се здобијат со проширени знаења од областа за која покажуваат посебен интерес. Темите кои се обработуваат на часовите по изборните предмети се интересни за учениците и често се избираат според нивната желба.

Проектните активности им овозможуваат на учениците самостојно да дојдат до повеќе сознанија за одредена област и тие се централна личност во процесот на учење. Знаењата стекнати на овој начин подолго се паметат. При работата на проекти учениците имаат активна меѓусебна комуникација, разменуваат идеи, си помагаат во извршување на задачите, се гордеат со своите резултати.

Изборните предмети овозможуваат зголемена мотивација кај учениците, развој на вештини за комуникација, презентерски вештини и вештини за тимска работа.

Начинот на организација на работата на часовите по изборните предмети, се разликува од работата на другите часови, постои можност да се учи низ работа, постои поголема подвижност, атмосферата е поопуштена отколку на другите часови, учениците имаат можност да го кажат своето мислење, процесот на настава е помалку формален и учениците активно учествуваат во него.

Наставниците и учениците во изборната настава покажуваат поголема иновативност во промени на програмата, упорност во работата и спремност да се

учат нови работи. Снаодливоста на наставникот во новите содржини и неговиот пристап кон работата, најмногу допринесуваат за развојот на позитивни особини кај учениците.

Важноста на изборните предмети се огледа и во фактот што изучувањето на изборните предмети се одвива со помала група на ученици, па наставникот има доволно време да обрне внимание на воспитната компонента на наставата, да ги развие вештините и способностите на учениците и да влијае на формирањето на карактерот на учениците.

Наставникот треба да креира поттикнувачка средина за учење и развој, да ги прилагодува барањата на развојното ниво и стиловите на учење на учениците, да применува индивидуален пристап, да го следи индивидуалниот развој и напредувањето на учениците, да ја поддржува иницијативата на ученикот, да го мотивира за работа. Наставникот треба да им помогне на учениците да се изградат како комплетни личности, во рамките на своите можности.

Ваквите тврдење се потврдени со направеното истражување според кое наставниците сметаат дека најголема предност од квалитетното планирање, организирање и реализирање на наставата по изборните предмети е развојот на позитивни карактеристики на учениците. Ова произлегува од начинот на работа на часовите по изборните предмети каде наставниците и учениците воспоставуваат постојна комуникација, па наставниците можат да го увидат напредокот на учениците во збогатувањето на нивните знаења и развивање на нивните вештини.
Развивањето на позитивните особини го потврдуваат и резултатите од истражувањето на ставовите на учениците.

Применувањето нови наставни форми и методи на работа и слободата да ги прилагодуваат наставните содржини според желбите на учениците, претставува исто така голема предност. Наставниците и покрај зголемените обврски кои ги носи подготовката и реализацијата на часовите по изборните предмети, според изјаснувањата во анкетата покажуваат дека вложениот труд се исплатува преку добро завршената работа и постигнатите резултати.

Збогатување и трајност на знаењата кои ќе им користат во секојдневниот живот на учениците и голема заинтересираност и задоволство од предметот се придобивки кои се тесно поврзани бидејќи доколку учениците се заинтерсирани за областа која се изучува и ова изучување се случува на интересен начин, знаењата кои ќе ги усвојат ќе бидат трајни и корисни во понатамошниот живот.

Современиот наставник кој е ставен пред предизвикот да реализира настава по изборните предмети се среќава со бројни проблеми меѓу кој и немањето на учебник и недоволна посета на обуки по изборните предмети, па наставникот има повеќе работа околу подготовката за настава. Од друга страна ова остава голема слобода во креирањето на наставата по желба на учениците.

Недостатокот на обуки, семинари или средби на наставниците задолжени за реализацијата на изборната настава е очигледен и во иднина треба да се направата напори за организирање на истите. Преку вакви обуки наставниците би размениле искуства и мислења, би добиле нови идеи за подобрување на наставата и би биле помотивирани за работа. Наставниците имаат потребата за проширување на знаењата, за тимска работа и соработка помеѓу училиштата и наставниците кои изведуваат изборна настава. На овој начин наставникот ќе учи, ќе се развива и да напредува во својата кариера.

Наставниците треба да го зголемуваат своето искуство и знаење, преку функционална обука, да научат да користат нови техники, методи и педагошки форми на работа, нови стратегии за предавање и учење, начин на користењето на современите наставни средства и помагала и сл.

Училиштата треба да се грижат нивните ученици да се стекнат со знаење и да се развиваат како граѓани, да се учат на тимска работа, да се подготвуваат за живот, да го осознаат светот на работата, да се грижат за околината, да го сфатат значењето на животот и системот на вредности, да развиваат позитивни ставови и да се подготвени за самопроценување.

Директорот треба да допринесе во правилниот развој на личноста на ученикот со распоредувањето на „вистинските" наставници, на „вистинските" места, со овозможување на семинари и обуки за стручно доусовршување на наставниците, со подобрување на материјално-техничките услови за работа.

Извршувајќи ја оваа своја функција, директорот на училиштето практично ја покажува и докажува грижата за перманентно професионално усовршување на персоналот во училиштето, што несомнено е многу значајно за унапредување и усовршување на работата на училиштето.

Материјалите кои ги користат учениците за изборните предмети не се строго определени, па тие можат да црпат информации од најразлични извори, што дополнително го обврзува училиштето на поголеми материјални средства за стручна литература, книги, енциклопедии, пристап до интернет, печатење и презентирање на изработките на учениците и сл.

Недостатокот на материјално-технички и дидактички средства за работа, според изјаснувањата на наставниците претставува најголемата слабост при работата по изборните предмети. Изборната настава според специфичниот начин на изведување на наставата преку истражување, изработка на проекти, тимска работа и слично, бара поголеми материјално-технички средства за работа. Недостатокот од овие средства се одразува на квалитетот на изведувањето на наставата.

Улогата на директорот во креирањето на наставата по изборните предмети е во тоа што тој може да допринесе за подобрувањето на наставата со давање на идеи за работа, мотивирање за работа според новите наставни методи, користење на современи наставни помагала, да ги пофалува наставниците и учениците за добро завршената работа, да обезбеди простор за излагање на изработките на учениците, да дава поддршка, како материјална, така и морална.

**Резултатите од истражувањето ни овозможуваат да констатираме дека поставените посебни хипотези, како и главната хипотеза $X_0$: Планирањето и организирањето на наставата во основните училишта по изборните предмети е во согласност со индивидуалните желби и потреби на учениците се исполнети, но претставуваат и укажување дека на полето на изборната настава може да се направи уште многу со што ќе се подобри квалитетот на наставата воопшто.**

Во иднина треба да се размислува за подготовка на наставни материјали за реализација на наставата по изборните предмети. Наставните материјали може да се состојат од прирачници и учебници по изборните предмети, но може да се создаде и

збирка на изработки од наставниците кои предаваат изборни предмети, кои ќе бидат насока во изведувањето на наставата, но ќе можат да се прилагодат според условите за работа во училиштата и ќе претставуваат дополнителен мотив од кој ќе произлегуваат нови идеи за квалитетни часови.

Подобрувањето на изборната настава ќе се постигне доколку во понудата која ќе им се даде на учениците, за изборните предмети што тие може да ги изучуваат нема фаворизирање на некоја од групите предмети, или на конкретен предмет, туку изборот да биде направен согласно желбата, потребите и интересите на учениците.

Правилното распоредување на групите кои ќе изучуваат одреден изборен предмет, распоредувањето на предметите кои ќе бидат понудени и наставниците кои ќе ги предаваат изборните предмети, може да допринесе за остварување на високи резултати и достигнувања на учениците и до поголема мотивираност за работа кај наставниците, а користа од ова ќе ја има целокупниот образовен систем и општествената средина.

Изборната настава е само еден сегмент од наставата кој треба да се набљудува во рамките, односно како дел на целокупниот воспитно-образовен систем. Одговорноста за планирањето, организирањето и реализацијата на наставата по изборните предмети, им припаѓа на училиштето, и сите учесници во наставниот процес, односно на наставниците и учениците. Правилното планирање и организација на изборните предмети, допринесува кон зголемување на квалитетот на наставата и прилагодување на образованието по мерка на учениците.

Во иднина треба да се развиват и други изборни предмети за кои училиштето има ресурси, локалната заедница потреба, а учениците интерес.

Квалитетното планирање, организирање и реализација на наставата по изборните предмети придонесува за целосниот развој на личноста на детето, што допринесува за постигање на повисоки знаења и вештини, почитување на индивидуалните можности и потенцијали на учениците, поттикнување на нивниот развој, како и почитување на моралните и културните вредности.

# ЛИТЕРАТУРА

Адамческа, С. (1996), *Активна настава (методички основи),* Скопје: Легис

Ангелоска-Галевска, Н. (2009) : *Планирање на научно истражување-интерен материјал за посдипломци од менаџмент во образованието*, Скопје: Филозофски факултет .

Ангелоска-Галевска, Н. (1998) : *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро

Апостоловска-Тошевска, Б., Јуруков, И., (2008), *Прирачник за наставата по изборниот предмет Нашата татковина",* Скопје: Биро за развој на образованието

Арсеновски, С., Лошанска Тодотовска, М., Какашевски Ѓ. (2009), *Информатика за VI одделение,* Скопје: Министерство за образование и наука

Bell, S., „*Project-based Learning for the 21st Century: Skills for the Future*", Western Connecticut State University превземено од http://www.teacherscollegesj.org/resources/publications/PBL%20for%20the%2021%20Century.pdf

Брашнарска, С., Гиевски, И., (2008), *Прирачник за наставата по изборниот предмет Истражување на родниот крај",* Скопје: Биро за развој на образованието

*Вештини на комуникација* (2007), Скопје: Фондација за образовни и културни инцијативи „Чекор по чекор"

Гоцевски, Т. (2007), *Образовен менаџмент*, Битола: Киро Дандаро

Grant, M. (2009). *Understanding projects in project-based learning: A student's perspective*, Memphis: The University of Memphis превземено од http://www.bie.org/research/study/students_perspective

Danilović, M., (1996), *Savremena obrazovna tehnologija,* Beograd: Institut za pedagoška istraživanja

*Деветгодишно основно училиште*, (2008), брошура за родители, Скопје: Биро за развој на образование.

Делев, А., „Тимска работа и тимска ефикасност", превземено од http://www.statija.mk/archives/816

Димитровски, Р., (2010), *Проект менаџмент,* Скопје: ФОН Универзитет

Dr. Maksić, S., Mr. Ševkušić S., *Priprema nastavnika za realizaciju izbornih predmeta*, Beograd:Institut za pedagoška istraživanja – превземено од http://www.pedagog.rs/nastava%20tekst%20izborni%20predmeti.php

Ѓорѓевиќ, Д.(2009), *Информатика за VII одделение за деветгодишно образование*, Скопје: Министерство за образование и наука

Ѓошевска Ивановиќ, С., Гочев, К., (2008), *Тимска работа,* Скопје: ЈИЕ Универзитет, Центар за професионално водство

*Закон за основно образование*, (2008), Скопје: МОН на РМ.

*Изборни предмети во основното училиште*, (2008), флаер за родители, ученици и наставници, Скопје: Биро за развој на образование.

Изборни предмети во третиот период во деветгодишното основно училиште превземено од http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie од 29.01.2011

Јаневски, В., Илиќ, Б., Витанова, А., (2008), *Прирачник за наставата по изборниот предмет Танци и народни ора“,* Скопје: Биро за развој на образованието

Коларовска- Гмирја, В., Ангелковска, В., Витанова, А., (2008), *Прирачник за наставата по изборниот предмет Проекти од музичката уметност“,* Скопје: Биро за развој на образованието

Камберски, К. (редактор), (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи),* Скопје: Филозофски факултет – Институт за педагогија

Кожух, Б., Ангелоска Галевска, Н. (2008), Статистичка анализа на податоци, Скопје: Филозофски факултет.

*Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование,* (2007), Скопје: Биро за развој на образованието

Лозаноски. Р, (2006), „Слободните ученички активности – законска и програмска обврска на наставникот“, *Образовни рефлексии бр.3-4/2006,* Биро за развој на образованието

Лозаноски. Р, (2007), „Слободните ученички активности и нивната поставеност“, *Просветно дело бр.1/2007, Скопје:* Просветно дело

Лошанска Тодоровска, М., Арсеновски, С., Какашевски, Ѓ., (2008), *Прирачник за наставата по изборниот предмет Проекти од информатиката“,* Скопје: Биро за развој на образованието

Лошанска Тодоровска, М., Иванова, И., (2008), *Прирачник за наставата по изборниот предмет Програмирање“,* Скопје: Биро за развој на образованието

Малчески, Р., Малческа, Ц. (2010), *Работа со надарени ученици,* Скопје: ФОН Универзитет

Mandić, Petar., Mandić, D., (1997), *Obrazovna informaciona tehnologija,* Beograd: Učiteljski fakultet

Митевска, Б. (2007), „Надарените ученици и нивните можности за задоволување", *Просветно дело*, бр. 3

Наставна програма по изборниот предмет Истражување на родниот крај, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Изборен спорт, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Нашата татковина, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Проекти од информатика, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Проекти од ликовната уметност, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Проекти од музичката уметност, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Танци и народни ора, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Техничко образование, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Унапредување на здравјето, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Вештини за живеење, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Воспитание за околината, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставна програма по изборниот предмет Програмирање, (2008), Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Наставен план за осумгодишно основно училиште и Наставен план за деветгодишно основно училиште, превземени од http://www.bro.gov.mk/docs/osnovno-obrazovanie/nastaven_plan/nastaven%20plan%20za%20osumgodishno%202010%20so%20programiranje.pdf и http://www.bro.gov.mk/docs/nastaven_plan_devetgodishno_2010-2011.pdf

*Националана програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015,* (2004), Скопје: МОН на РМ.

Основно образование, Содржини и организација на воспитно-образовната дејност, МОФК и ПЗМ, Скопје, јуни 1996 година

Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамичко училиште,* Скопје: Биро за развој на образование

Петковски, К., Коцева, С. (2005), *Проектни активности проектен менаџмент проект,* Битола: Херакли комерц

Петковски, К., Мајсторова Ивановска, А. (2009), *Мајсторство во комуницирањето,* Битола: Херакли комерц

Петковски, К., Пеливанова, Г. (2009), *Предизвиците на современото лидерство во образованието,* Битола: Херакли Комерц

Петковски, К. (1998), *Менаџмент на училиште,* Скопје: Просветен работник

Петковски, К. (2000), *Водството и ефективната комуникација,* Битила: Киро Дандаро

Петроска-Башка, В., Најческа, М., Кениг, Н., Балажи, С., Томовска, А. (2009) *Мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието*, Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ превземено од http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/New_MKVersionsm2%283%29.pdf

Прангоски, Р., Спасеска, М., Андоноски, П., (2004), „Интегрирање на наставните содржини преку тимска настава", *Образовни рефлексии бр.3-4/2004,* Скопје: Биро за развој на образованието

Прентон, К., Јанкуловска, С., (2009), *Настава и учење на 21-от век,* Скопје: Проект за основно образование

Рувинова, М. (2006), *Информатика за VIII одделение (изборна настава)*, Скопје: Просветно дело АД

Статија „Настава", превземено од www.hr.wikipwdia.org/Nastava

Трпчевска, Б., Доц. Д-р Христов Р., „Интегрирано учење во основното образование“, *Зборник на трудови* ***cityr10***, превземено од http://www.eurm.edu.mk/fileadmin/user_upload/Faculty_of_informatics/CITYR10/17.pdf

Fullarton, S., Ainley J., „*Subject choise by students in year 12 in Australian secondary schools*”, Australian Council for Education Research превземено од http://research.acer.edu.au/lsay_research/13/

Целакоски, Н. (1993), *Дидактика на математиката,* Скопје: Нумерус

Цветковска-Панова, А., (2008), *Прирачник за наставата по изборниот предмет Проекти од ликовната уметност“,* Скопје: Биро за развој на образованието

Чонтева, Ж., Блажева, А. (2008), *Прирачник за наставата по изборниот предмет Унапредување на здравјето“,* Скопје: Биро за развој на образованието

Чонтева, Ж., Коцева, С., (2008), *Прирачник за наставата по изборниот предмет Вештини за живеење“,* Скопје: Биро за развој на образованието

„What is a WebQuest?“ превземено од www.webquest.org

„WebQuest: истражување, независно учење“, (2009) – Материјали од обука на наставници за иновативно користењее на ИКТ во наставата, Скопје: Проект за основно образование

ПРИЛОЗИ

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ

**Основно училиште______________________________**

**Изборен предмет кој го слуша ученикот ___________________________________**

**Почитувани,**

**Оваа анкета е анонимна и е во функција на истражување за планирањето и организирањето на изборните предмети во основните училишта. Затоа Ве молам да наведете во која мера се согласувате со наведените тврдења со означување на полето кое најмногу одговара на вашите размислувања.**

**Избраните одговори не се ниту точни, ниту неточни. Вашата искреност ќе допринесе за изведување на правилни заклучоци за испитуваниот проблем и подобрување на наставата по изборните предмети.**

**Благодарам на соработката.**

| | Тврдења | се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Самостојно го одбрав изборниот предмет според сопствените афинитети. | | | |
| 2. | Наставниците ни сугерираа кој предмет да го избереме. | | | |
| 3. | Предметот кој го изучувам го одбрав во согласност со моите другари. | | | |
| 4. | Предметот кој го изучувам го одбрав поради високиот успех по соодветниот предмет од редовна настава (пр. оцената по информатика влијаеше да изберам Проекти од информатика како изборен предмет) . | | | |
| 5. | Предметот кој го изучувам го одбрав во согласност со моите родители. | | | |
| 6. | Задоволен сум од изборот кој го направив за изборниот предмет. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Часовите од изборната настава ги зголемуваат моите знаења од предметот. | | | |
| 8. | Стекнувам солидни вештини за работа од избраниот предмет. | | | |
| 9. | Тимската работа на часовите од изборната настава и изготвувањето на проекти по истите го зголемува другарството меѓу соучениците. | | | |
| 10. | Проектите кои ги реализирам по изборниот предмет ја развија мојата самостојност. | | | |
| 11. | Работејќи во тим на часовите по изборниот предмет ја подобрив својата одговорност. | | | |
| 12. | Работата во тим ми помогна да научам да го бранам своето мислење. | | | |
| 13 | Претставувањето на изработките на изборниот предмет ги зголеми моите вештини за презентирање. | | | |
| 14 | Задачите кои ми ги задава наставникот по изборниот предмет го будат мојот интерес. | | | |
| 15 | Претставувањето на изработките на изборниот предмет ја зголеми мојата самодоверба. | | | |
| 16 | Сакам јасно да ми се нагласени изворите од кои треба да црпам информации за проектните задачи. | | | |
| 17 | Новите наставни методи и техники го зголемуваат мојот интерес кон предметот. | | | |
| 18 | Техничките услови за работа ги задоволуваат потребите кои ги имаме при изработка на задачите. | | | |
| 19 | Учебник по избраниот предмет ќе ја олесни мојата работа по предметот. | | | |

**Прашања за интервју со раководни и стручни лица од основните училиште во Општина Илинден**

1. Опишете го начинот на кој се одвива постапката за планирање и организирање на изборната настава во вашето училиште.

2. Според вашите сознанија кои се факторите кои делуваат кај учениците за избор на одреден предмет?

3. Кои активности ги превзема раководниот кадар за подобрување на условите (материјално-технички и дидактички) за подобрување на изборната настава?

4. Каква стручна помош бараат наставниците од стручната служба во училиштето?

5. Според вашите сознанија кои се предностите кои ги имаат учениците од изучувањето на изборните предмети.

6. Со какви проблеми се сретнува раководниот и стручен кадар при планирање, организација и во реализацијата на наставата по изборните предмети?

7. Според вашите сознанија дали се потребни долонителни обуки за наставниците по изборните предмети и во која мерка тоа ќе допринесе за подобрување на планирањето, организирањето и реализацијата на изборната настава?

8. Според вашите сознанија во колкава мера наставниците применуваат нови наставни методи при реализацијата на наставата по изборните предмети и дали постои определен отпор и потешкотии од нивна страна?

## SWOT анализа на планирањето, организацијата и реализацијата на изборните предмети

<table>
<tr>
<td>Вашите ставови во врска со организацијата, пленирањето и реализацијата на изборните предмети<br><br>Вашите ставови за начинот на избор на изборен предмет, материјално-техничките средства за работа, можностите за развој на личноста на ученикот со изучување на изборните предмети,...</td>
<td>Предности (strengths)</td>
<td>Слабости (weaknesses)</td>
</tr>
<tr>
<td>Примери за критериуми<br><br>- обуки на наставниот кадар<br><br>- зголемување на неделниот фонд на часови<br><br>- потреба од учебник<br><br>-поддршка од раководен и стручен кадар</td>
<td>Можности (opportunities)</td>
<td>Закани (threats)</td>
</tr>
</table>